# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на Четириесеттата седница
на Собранието на Република Македонија,
одржана на 5 декември 2003 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Елеонора Петрева-Митевска, Али Ахмети, Фазли Велиу, Хисни Шакири, Абдулахим Адеми, Илјаз Халими, Никола Камчев, Илија Китановски, Ристо Пејовски, Љупчо Балковски, Петар Наумовски, Ганка Самоилова- Цветаонвска, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Назми Бекири, Трифун Костовски и Стојан Андов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон.

На дисплејот збор треба да има г-ѓата Лилјана Поповска, не е тука. Потоа пратеникот Тито Петковски, не е присутен, потоа пратеникот Зоран Шапуриќ и тој не е присутен .

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе. Сметам дека со оваа избрзавме малку со оглед на тоа што дискутантите се тука некаде а почнавме точно на време. Можеби ќе завшеше седница, т.е. ќе се затвореше расправата по оваа точка, иако имаше дискутанти кои што се тука. Мислам дека требаше малку да се рпичека пет до десет минути, со цел да им се даде можност на дискутантите, да можат да дискутираат. Тоа е околу забелешката.

Значи на дневен ред е измена и дополнување на Законот за државјанство на РМ. Овој Закон пред повеќе од месец дена, одкако дојде на Собраниска расправа, сметам

дека овој Закон требаше да биде предложен во повеќе фази меѓутоа, тој беше предложен да биде донесен во една фаза, меѓутоа, бидејќи се работи за една исклучително значајна материја која што ја третира овој Закон, која што е многу значајна за иднината на РМ, требаше да биде во повеќе фази. Можеби дури требаше да се направи јавна расправа, се со цел да се добијат што повеќе сознанија кои ќе бидат релевантни, за да би можеле во конечнкиот текст на овој Закон да донесеме таков закон, кој што че биде многу погоден за опстанокот на РМ. Меѓутоа, како и многу други закони, така и овој Закон се прави обид, да биде донесен што пократко и што побрзо, се со цел јавноста да не биде доволно запознаена и да не учествува со своите сугестии.

Во претходните расправи се кажа дека овој Закон бил на јавна расправа, тоа сакам да го негирам, со оглед на фактот што такво нешто беше овозможено благодарение на дискусиите на опозицијата, под еден, кои што се обидуваа да ја запознаат македонската и светската јавност дека донесувањето на овој закон има многу одредби со кои што сметаме дека ќе се наруши како меѓуетничкиот однос во РМ така и со приливот на странци може да придонесе до полоши услови на живеење на РМ. Тоа е едниот факт.

Вториот факт е тоа што сметам дека со коалициониот партнер ДУИ, СДСМ неможеше да најде, освен ставање на овој закон на седница, неможеше да најде таков модус со кој што ќе може овој закон да помине на Собраниска седница и тука се доби извесен период и со тоа во јавноста се подискутира малку повеќе одколку што се предвидуваше при проекцијата на овој закон.

Причините поради кој што се донесува овој закон наведени се во Предлогот на законот и како една од главните причини се наведува потпишувањето на Европската конвенција за државјанство.

Сметам дека ова не е издржан документ, имено, Македонија на 3.11. донесе Одлука да се потпише Владата на РМ да се потпише оваа конвенција за државјанство, на 6.11.1997 таа Конвенција се потпиша. Со потпишувањето на оваа Конвенција, практично Македонија меѓу другите одредби во оваа Конвенција, беше и правото на сукцесија.

Сакам да кажам дека после оваа Конвенција се направија работни групи од соодветните министерства кои што требаше да предложат закон, кој што ќе требаше да биде закон за измени и дополнувања на Законот за државјанство.

Со сменувањето на Владата 1998 година, во 1999 година, оваа работна група повторно се освежи со нови луѓе нови експерти, кои што исто така продолжија да работат на изменување и дополнување на Законот за државјанство.

Самиот факт што ова е меѓуресорска група, експертска група меѓу другото многу јасно зборува за значајот на материјата која што треба да ја регулира овој Закон.

Околу 2000-та година се понуди и Предлог на закон, кој што јас го имам за измени и дополнувања на Законот за државјанство изготвен од оваа експертска група, меѓутоа,со оглед на тоа што не се успеа да се добијат соодветни политички погодности околу тој Закон, тој Закон не беше пуштен во Собраниска процедура и овој закон кој што сега го гледаме во Собраниска процедура сметам, и вчера го кажав е 90% истиот Закон изготвен од експертите, со тоа што се додадени спорните членови за кои што сега опозицијата жестоко дискутира. Овие спорни членови да не бидат во овој Предлог закон.

Имено, се работи на измените во член 7 од постојниот Закон, потоа измените во членот 11 кој што ги третира Македонците по потекло и член 26 од постојниот Закон и член 14 во новиот закон, кој што повторно го отвора прашањето на сукцесија, т.е. добивање на државјанство за граѓаните поранешните Југословенски републики.

Експертите по добивањето на овој Предлог на закон сегашниот, се огласија во медиумите со кое што се оградија сите овие спорни членови и кажаа дека тие при изготвувањето на текстот, во нивниот текст овие не биле вградени. Сега се прашуваме зошто се измени текстот и зошто добивме токму ваков закон.

Сметам дека меѓу другото, исклучувајќи ги другите одредби, значи она што се однесува до овие спорни членови, сметам дека е меѓупартиски договор на коалицијата СДСМ, ДУИ и ЛДП, со цел да се овозможи оваа коалиција и понатаму да функционира, меѓутоа, во конкретниот случај изгледа на штета на РМ, и тоа во сегментот за државјанството кое што сметаме дека е еден од најчувствителните сектори. Така да, тоа што значи усогласување на овој закон со Европската конвенција, сметам дека е неизджано. Исто така, сакам да напоменам дека и во таа Европска конвенција, која што ние ја потпишавме има и одредба во членот 3, резерва со која што согласно на член 29, точка 1 од Европската конвенција за државјанство во РМ, става резерва во однос на Глава ИИИ член 6, точка 3 од Конвенцијата со следната содржина: Република Македонија го задржува правото во услови за добивање на државјанство со природување да предвиди прериод на непрекинат законски престој на територијата на РМ од најмалку 15 години, до поднесувањето на барањето за поднесување на прием во државјанството. Значи уште со донесувањето на оваа декларација, не напомнав дека оваа декларација е ратификувана од Собранието на Република Македонија на 18.02.2002 година. Значи, уште во самата декларација предвидено е Република Македонија оставила резерва во однос на рокот во член 7 став 2 во која што годините на законски постојано живеење на територијата на Република Македонија останува резерва да бидат тие 15 години. Значи

уште тогаш било спорно да не се прифати сето она што било како рок за постојан законски престој во Република Македонија согласно на европските искуства и законодавства од 5 до 10 години.

Овој Предлог на закон, според мене има да речам 3 до 4 точки кои што сметам дека се спорни.

Јас би почнал од спорноста на член 7 од постојниот закон или член 3 од новиот закон во кој што го менува постојниот член 7. Измената тука се однесува на точка 2 во која што се вели дека до поднесувањето на барањето законски постојано да живее на тетироријата на Република Македонија најмалку 8 години. Во постојниот закон од 15 години во европските законодавства од 5 до 10 години, ние како пратеничка група предвидовме максимално доколку сакаме да се усогласиме со европското законодавство предвидуваме 10 години, имаме и таков амандман, меѓутоа, овие 10 години да бидат со важност откако ние ќе добиеме сигурност или откако ќе влеземе во ЕУ. Бидејќи порано усвојувањето на оваа одредба од овој член на оваа точка 2 во членот 7 сметаме дека ќе направи проблеми во Република Македонија од аспект на неконтролирано и зголемен број на добивање на државјанство на граѓани кои што треба да добијат државјанство на Република Македонија. Со тоа што кога ние ќе бидеме во ЕУ, или ќе добиеме јасен сигнал дека сигурно ќе бидеме во ЕУ, во тој случај се менуваат многу консталации, многу односи, многу миграциони движења, кои што сега се насочени према Република Македонија, или тие што сметале дека треба да добијат државјанство на Република Македонија, сметам дека својот излез полесно би го барале во една поголема заедница која што ја велиме ЕУ.

Од постојниот Закон исклучена е една одредба , мислам дека беше околу психофизичкие односи, меѓутоа, додадени се околу три одредби, меѓу кој јас исто така би сакал да ја потенцирам точка 9 од членот 7, а тоа е да потпише заклетва дека ќе биде лојален граѓанин на Република Македонија . Ова сакам да го потенцирам затоа што уште кога се носеше Закнот 1992 од еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ беше предложен ваков став да биде уште тогаш ставен, меѓутоа, тогаш не беше прифатен бидејќи се сметаше дека со тоа на некој начин се нарушуваат чувствата на ѓраѓаните на Република Македонија и дека тој член не треба да стои. Меѓутоа, ме радува фактот што сега по 11 години тој Предлог на ВМРО-ДПМНЕ, од 1992 година експертската група и Министерството за внатрешни работи, согледале макар по 11 години дека таа одредба е добра и јас ја поздравувам што таа одредба е ставена и таа е во точка 9 од членот 7 или во членот 3 од новиот Предлог на закон. Значи членот 7 во три области сакам да ги ставам моите забелешки, а тоа е првото дека она што се однесува на странци кои што

треба да добијат државјанство на Република Македонија, тоа го третира членот 7. Според мене, не е толку спорно овој член 7, сметам дека ќе најдеме сили во овој член од точката 2 наместо 8 биде 10 години, а можеби потешко бидејќи сметам дека и тука би требало добро да размислиме овој закон да се применува одкако ќе добиеме јасен сигнал дека ќе бидеме примени во ЕУ. Значи сметам дека добивање на државјанство на странци по овој основ не е многу проблематично, со оглед на тоа што навистина се работи за странци кои што претходно законски престојувале во Република Македонија согласно на Законот за движење и престој на странци. Тука ќе биде во Република Македонија на соодветните органи, ќе биде правото колку од овие поднесени барања, бидејќи нема автоматизам ќе оценат дека треба овие странци, зборувам за чисти странци кои што ќе треба да го добијат ова државјанство. Сметам дека не е многу спорен овој член 7 иако годините на заонскиот престој во Република Македонија треба да се зголемат на 10 години. Инаку, она што е проблематично, а тоа е во членот 14 од Предлогот на законот или членот 26 мислам дека е од постојниот Закон за државјанство на Република Македонија, а тоа е што повторно се отвара можноста за граѓаните од поранешните републики на поранешна Југославија, да добијат државјанство на Република Македонија. Тоа го кажав кога беше Законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство поднесен од г. Исмет Рамадани, ќе го кажам истото исега, сметам дека овој член 14 не треба да постои, имаме и таков амандман. Образложението е следно. Мислам дека оваа работа последица од сукцесијата од распадот на порнешна Југославија и сметам дека еднаш тоа прашање беше решено и треба тоа прашање да биде затворено. Значи во постојниот Закон за државјанство во 1992 година, значи две години после раздружувањето, или после распадот на таа федерација се остави можност, иако не беше потпишан и немаше потпшано договори за сукцесија со Србија и другите републики во поранешна Југославија, Република Македонија со овој член во постојниот Закон, мислам дека беше членот 26 им овозможи на граѓаните од поранешните републики кои што се затекнаа и живеат во Република Македонија да добијат државјанство и мислам дека имаше рок од една година. Кој го искористил тој рок си добил државјанство. Ние неможеме на секои 10 години, на секои пет години, повторно да го отвораме това прашање. Јас сметам дека овој член е чист политички договор на СДСМ и ДУИ, се со цел со оглед на тоа што сметам дека по овој член најверојатно, ќе аплицираат најмногу граѓани кои што се од Албанско етничко потекло и со тоа ќе им се овозможи на ДУИ да можат да останат и понатаму во власта, да го задржат својот рејтинг.

Меѓутоа, тоа ќе биде опасно за Република Македонија, затоа што сметам дека со овој член 14 не се опфатени граѓани кои што живеат во Република Македонија согласно Законот за движење и престој на странци. Во овој член пишува “Граѓани, државјани на поранешна СФРЈ, кои на 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште и до поднесување на барањето постојано живеат на територијата на Република Македонија.” Значи, никаде нема дека имаат законски регулиран престој во Република Македонија. Ова е тој опасен вентил за Република Македонија. Кој може да каже, упатено е прашањето и до Министерството за внатрешни работи, дали може да каже колку има од 8 септември 1991 година до сега, се надевам дека нема да го усвоите, меѓутоа пак пислам дека ќе ги усвоите овој закон, колку граѓани има во Република Македонија кои имаат пријавено живеалиште, се од поранешните републики на СФРЈ, сметам дека најголемиот процент е од Косово, кој што живеат во Република Македонија, ама не се пријавени согласно Законот за движење и престој на странци. Како што реков и во претходнит дискусии, главниот филтер за прием на ново државјанство е Законот за движење и престој на странци. Тоа е секој оној што сака да добие државјанство, според член 7, макар и ваков, сметам дека корекцијата треба да ја направиме на 10 години, откако ќе добиеме јасен сигнал дека ќе бидеме примени во Европската унија, значи и по тој член претходно со регулиран престој, законски, според Законот за движење и престој на странци, неколку пати го потенцирам не би имале ние толкиу големи проблеми. Значи, пак би било правото на државата да оцени колку тие граѓани согласно на тие членови, значи не по автоматизам, овој закон не е автоматизам, да добијат државјанство. Мислам дека главниот вентил кој што може да направи проблеми е токму овој член. Треба добро да размислиме дсали овој член треба да се прифати. Јас имам поднесено амандман би сакал добро да се разгледа, ги прифаќам сите критики на тој амандман, се со цел за да во Република Македонија немаме неконтролирано добивање на државјанство. Велам, неконтролирано, бидејќи и овој член е со еден временски лимит. Јас незнам зошто повторно се става овој член. Значи, уште еднаш се овозможува, се дозволува уште еднаш можност која што еднаш 1992 година била дадена.

Исто така, сметам дека овој член доколку го донесете ќе падне на Уставен суд, затоа што согласно Уставот и Законот за спроведување на Уставот од 1991 година ова прашање еднаш е овозможено. Ова не се однесува само за македонци. Сметам дека и во албанската популација не им одговара да дојдат луѓе од Косово или од друга страна, кои ќе им го оневозможат и така скромните ресурси

во Република Македонија да се делат со уште поголем број на граѓани. Единствена нивна придобивка ќе биде тоа што таа етничка заедница ќе добие поголем процент. Меѓутоа, тоа не треба да биде основно. Сметам дека и оние албанци кои што автохтоно живеат во Република Македонија, никој не сака, па макар и од нивната етничка заедница да им го загрозуваат подобриот начин на живее овде во Република Македонија во однос на Косово. Инаку, сосема е јасно од каде ќе ни биде нас приливот. Нема да ни биде од Србија, нема државјанство да ни биде од Бугарија, никој од грците не бара државјанство во Република Македонија, никој од бугарите не бара, никој од србите не бара дополнително овде, се знае со оглед на тоа што има полоши услови на живеење во Албанија и во Косово, дека преку Република Македонија ќе добијат или ќе им се овозможи подобри услови на живеење.

И она што го реков дека е многу значајно да биде после добивањето на јасниот сигнал за прием во Европската унија дека тие граѓани и од Косово и од Албанија повторно ќе аплицираат да бидат во европските држави отколку што ќе бидат во Република Македонија. Значи, сепак главниот мотив е за подобри услови за живеење, за подобар стандард.

Во овој член 14 вели: “Доколку против не се води кривична постапка во Република Македонија тие ги исполнуваат условите од член 7 став 1 точка 1 и точка 6 на овој Закон”. Значи, тие граѓани само би требало да имаат наполнето 18 години и точка 6 да го владее македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разбере со околината. Ништо повеќе. Значи, тоа беше второто кое што сметам дека ќе биде многу опасен вентил во Република Македонија кој што може да ја дестабилизира Република Македонија, кој што ќе ја смени Демографската карта на Република Македонија и сигурно дека ќе ги смени меѓуетничките односи во Република Македонија. Не треба дас заборавиме, јас пак ќе спомнам во оваа пригода, ние 2001 година имавме војна, па се знае од каде дојде војната, тоа дојде од протекторатот Косово. И сега, пак ние сега оставаме од таму луѓе да се инфилтрираат таму. Верувајте дека ова ќе биде многу опасно за Република Македонија. Оттогаш до 2001 година, додека не беше војната ние имавме релативно релаксирани меѓуетнички односи во Република Македонија. Се дигна војната заради некои човечки права, иако ние можеме да кажеме дека и пред 1998 година и од 1998 година до 2001 година интензивно се работеше за интегрирање на албанците во македонското општество. Можеби не беше доволно брз тој процес, меѓутоа беше забрзан тој процес. Некој заради незнам какви слободи ја дигна таа војна, направи што направи,

меѓутоа остави пустош во Република Македонија, ја осиромаши за повеќе од милијарда евра, можеби Република Македонија и што е и најзначајно ги расипа меѓунационалните односи, ги врати на ниво што е постаро и од 100 години. Иако тука сега се обидуваме со многу убави зборови да кажеме да ја заборавиме таа војна, не можеме да ја заборавиме, можеме да простиме, меѓутоа не можеме да заборавиме. Затоа сметам дека овој член 14 е многу опасен, се донесува во едно многу опасно време, иако сметам дека целиот закон може да не биде донесен, и без неговото донесување оние граѓани кои што навистина треба да стекнат државјанство во Република Македонија можат да го стекнат и со постојниот закон.

Сакам да се осврнам ри на член 7 точка 6 во кој што се вели: "Да го влаедее македонскиот јазик до тој степен да може лесно да се разбере со околината". Се надевам дека после ова треба да следат некои правилници кои што треба да одредат кој е тој степен до кој што треба да се разбира македоскиот јазик. Која е таа форма, кој е тој документ. Го погледав јас Законот за државјанство на Словенија и таму децидно пишува, не во Законот, во Упатството и правилниците кои што го пратат овој закон дека треба да има завршено основно образование, средно или факултет, или пак да полага испит за знаење на словенечкиот јазик. Не може човек да се инфилтрира во едно општество ако не го знае официјалниот државен јазик во соодветната држава. Подобро да се научи тогаш, отколку подоцна.

Трето кое што исто така би сакал како треба форма на работа со донесувањето на овој предлог закон, тоа е изменувањето на членот 11 од постојниот закон. Или пак, мислам дека е член 8, во кој што постоен закон, член 11, став 1 вели: "по исклучок на член 7 од овој закон, странец кој наполнил 18 години живот може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален интерес, а посебно за сите македонци по потекло кој живеат надвор од границите на Република Македонија ".

Ние тука исто така имаме амандман со кој што сакаме во првата реченица од овој став на член 11 да кажеме дека "и од културни и од спортски причини", значи за спортисти со големи достигнувања во областа на спортот, за да можат од интрес на Република Македонија да добијат државјанство на Република Македонија без да се почитува членот 7 кој што овозможува законски престој во Република Македонија повеќе години.

Особено нашата забелешка е со бришењето на "македонци по потекло". Мислам дека ова е трета, но исто така значајна колку што беше за членот 14 знаејќи ја историјата на Република Македонија, знаејќи ја таа погубна 13-та година, знаејќи

за распарчувањето тна Република Македонија, знаејќи дека деловите од Република Македонија останаа во сите соседи кои што се денешни наши, знаејќи го егзодусот на македонците од тие делови, а и од постојните тука низ цел свет, во Канада, во Европа и во Австралија, сметам дека овој член е недопустливо, недозволиво да биде избришан или променет, т.е. нашето барање е македонците по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија да можат да го добијат тоа државјанство. Инаку, во предлогот на законот се вели “граѓани по потекло”. Верувајте, јас сум збунет и не можам, сум контактирал со доста правници, со луѓе од оваа област не може да се дефинира што значи тоа “граѓани по потекло” од аспект на инпликациите кои што можат да настанат со тоа. Еве даземеме некој граѓанин, па и од албанско потекло, не е ова злоупотреба, ова случајно го земам, тој може да добие државјанство на Република Македонија со оглед на местото на живеење, може да добие државјанство по потекло како албанец од матичната држава, значи тука го внесуваме поимот “матична држава”, потеклото на некој начин е врзано со таа матична држава, заради тоа и во членот 5 кога се вели за “иселеник освен во матичната држава”, значи тој би добил државјанство на Република Македонија, државјанство на Република Албанија како матична држава, како албанец по потекло, од Албанија и ако е иселеник во некоја друга држава, во Германија, ќе добие и во Германија, соодветно и на некоја друга држава, може да биде и бугарин, може да биде и србин. Меѓутоа, тогаш се добиваат три државјанства. Се прашуваме што значи сега “граѓани по потекло”, дали е по местото на живеење, дали е по потекло, по род, по националноста која што ја негува, или пак е по родителите. Значи, сметам дека потеклото, македонци по потекло се мисли на националност по потекло. Особено тоа што знаеме дека на Балканот сите држави се национални, на албанците Албанија, на грците Грција, на бугарите Бугарија, на србите Србија и на македонците единствено ова парче земја е Република Македонија. Ние немаме друго место, иако спорно ни е сега името на државата, знамето ни го сменија, сега исто така ја оспоруваат и Република Македонија. Во тој случај незнам каде македонците би добиле државјанство. И тие што се иселиле особено сакаат да имаат своја матична земја, земја во која што тие ќе се декларираат дека имаат од некаде потекло. Затоа сметам дека би требало да остане оваа одредба “македонците по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија” да можат да добиваат државјанство согласно членот 11 од постојниот закон, иако “граѓани по потекло” во поширок поим, како што се објаснува, затоа што тоа може широко да се објаснува, можат да бидат влезени и македонците

по потекло. Меѓутоа, тие се влезени скриено и на некој начин експлицитно не ги изразува мекедонците по потекло. Во тој случај ќе биде некое дискреционо право на органот кој што го дава или политиката на државата која што го дава тоа право, дали да добијат или да не добијат државјанство на Република Македонија. Затоа сметам дека мора да биде чисто, јасно и децидно бидејќи ние и во Уставот рековме дека ние ќе се грижиме за правата на македонците надвор од границите на Република Македонија. Тоа е наша уставна одредба и таа уставна одредба не треба да ја менуваме.

Сметам дека со ова не треба да се навредат другите заедници во Република Македонија воопшто, затоа што тоа не е усмерено према нив. Се работи за прво на македонците по потекло, бидејќи ова е единствена наша држава, матична Република Македонија.

Исто така, сметам дека овој закон не треба да биде донесен, го покажа тоа и пописот, пак ќе го сврзам со член 11 со кој што една заедница има исклучително висок пораст, пораст кој што не може никој да го објасни. Тоа не е природен пораст. Ние зборуваме 2,нешто од вкупниот пораст од 100%, меѓутоа процентот во самата заедница е повеќе од 15% - 16%. Доколку продолжи тој тренд, а ако се усвои овој член 14 верувајте тоа ќе биде многу повеќе. Затоа, ние треба добро да размислиме сите, независно на која етничка заедница припаѓаме, но заради тоа што многу ќе се променат условите во Република Македонија. Економските услови ќе може да настане дестабилизација на Република Македонија, како што беше во 2001 година. Економските импликации од тоа уште ние ги памтиме. Тие се многу страшни. Затоа Република Македонија има огромен ад во нејзиниот развој, во нејзиното опстојување.

Исто така сметам дека не треба да се донесе законот и со оглед на тоа што во Република Македонија немаме јасна евиденција. Немаме јасна евиденција иако, со оглед на тоа што јас сум информатичар, ние повеќе од 25 години во Република Македонија употребуваме компјутери, во 1981 година ИБМ на територијата на Република Македонија имаше пласирано големи системи ИБМ-4031, можеби највеќе во светот и ние тогаш по глава на жител имавме најголем капацитет на меморија, меѓутоа испаѓа таа меморија дека ние ја употребуваме само за пишување на текстови. Ние треба како држава да создадеме интегрирани информативни системи. Тие не се создаваат одеднаш, треба години, можеби и една деценија да се добие еден квалитетен интегриран информативен систем. Република Словенија имаше интегриран информативен систем во здравството уште 1990

година. Ние сеуште немаме интегриран информативен систем. Јас сум во интегрирањето на информативен систем што се работи во здравството каде се подготвуваат плавите картони, тогаш евиденцијата на Министерството за внатрешни работи со евиденцијата на здравството беше работа од година или две, за да можат тие да се укомпонират за да може секој граѓанин во Република Македонија и да се врзат фамилијарно кој на кој осигуреник припаѓа. Значи, доколку имавме компјутери уште на влезот во Република Македонија, на нашите граници и доколку ги ажурираме тие податоци ние сега со многу јасности, иако информативни системи и од аспект на Катастарот, ако некоја област во Република Македонија е најмалку уредена или е најхаотична, тоа е катастарската евиденција. Било која површина да ја земете, таа можеби припаѓа на еден, ја користи друг, а ја издава на некој трет. Значи, ние не можеме да кажеме и од аспект на државјанство на цели населени места, верувам дека има цели населби, цели населени места за кои не можеме да стиснеме компјутер и да кажеме кои луѓе живеат тука, тие куќи на кого припаѓаат, таа имовина чија е. Значи, имаме едни провизорни информации кои во Министерството за внатрешни работи се водат врз основа на некои картончиња што само таму ги издаваат. Тоа е евиденција која што се водела уште од турско, тој ситем. Ние имаме огромни комјутерски системи, огромна инсталирана моќ, меѓутоа немаме никаква интегрираност на информации во кои што ние можеме за одредена област да кажеме кои ќе бидат проекциите за иднината.

Што е најважно за овој закон, за кој сметам исто така дека не треба да се донесе, туак нон стоп се вели која е постојната положба, иако и тука оставам резерва. Ние тука треба како Министерството за внатрешни работи, со оглед на тоа што е предлагач на овој закон, треба да ги даде проекциите, треба да даде што ќе биде со овој закон во следните 5 или 10 години, очекувањата, веројатноста на тие очекувања. Инаку сите ние тука како пратеници се обидуваме да предочиме, да нагаѓаме што ќе биде со оглед на нашите скромни знаења, со оглед на тоа што ние имаме секојдневно огромен број на закони што ни се пласираат овде, меѓутоа стручните служби секогаш треба да гледаат напред најмалку 10 години, за да би можеле на нас пратениците да ни ги дадат нивните предвидувања и ние да ги видиме варијантите во тие остварувања. Дали ќе можат да се остварат или не ќе можат да се остварат.

Исто така би сакал да напоменам, бидејќи во дискусиите од претходните денови беше укажано дека нема да има поголеми финансиски оптоварувања, а со оглед на тоа што и сега овие што се тука странците кои

аплицираат да добијат државјанство на Република Македонија, кои живеат и некако се социјално згрижени, сметам дека не е точно и сметам дека ќе имаме огромни финансиски оптоварувања. И не случајно побогатите држави према кои се усмерени миграционите движења се гледаат од аспектот на парите и од аспектот на развојот. Тоа се две работи што ги гледаат. Значи, ако дојдете таму да не им бидете на терет или пак ако дојдете, вие морате од средината од каде што доаѓате да бидете еден од најквалитетните за да можете да придонесете во развојот на таа држава.

Никој не прима тука некого за да биде социјален случај. Доколку е социјален случај, заради тоа и треба да биде многу значајно финансиско оптоварување, во тој случај беше спомнато и во претходните дискусии тоа ќе значи нивно здравствено осигурување, нивно вработување и сето она што оваа држава ќе мора како обврска да го примени кон државјанин на Република Македонија кога ќе го стекне тоа државјанство. Затоа, сметам дека во оваа една ваква држава, која што е сиромашна, ние мора тоа да го потенцираме и треба многу да внимаваме кој се ќе добие државјанство во Репоублика македонија. Значи, од економскиот аспект, покрај од другиот безбедносен и друг аспект. Јас би имал толку, благодарам на исслушувањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Збор има пратеникот Слободан Чашуле, а по него е пратеникот Блаже Стојановски.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине претседател, колешки и колеги, ценет г-дине министер.

Изгледа дека мандатов ќе ни мине постојано потсетувајќи на една работа, која би требало да биде наша водилка, а таа е дека се што правиме го правиме за нашите граѓани и за нивните интереси и не за некого друг. И, во оваа пригода, имено, сакам да зборувам во таа насока. Примарна задача на овој парламент треба да бидат интересите на граѓаните на РМ како најважна работа, а како приоритет ќе бидат тие интереси да ги хармонизира и да ги вгради со општото миље во Европа, водејќи сметка за она што значи нашата држава да станеме дел од таа заедница држави и потоа во тој природен тренд на развој, да ги доразвиеме и оние работи што во даден момент не сме во состојба сами да ги направиме, но повторно за сметка на интересите односно во прилог на интересите на нашите граѓани.

Затоа, сакам денеска да зборувам околу таа европска димензија за процентите и за странците и да видам дали ние со нашава расправа, со решенијата што ги нудиме во неа и со решението кое ни доаѓа од Владата, ќе умееме да направиме јасна дистинкција помеѓу важните цели на државата, нејзините граѓани и нејзините приоритети, влегувањето во Европа. Јасмислам дека соочени со овие две задачи не се снаоѓаме најдобро. Не успеваме да ја најдеме вистинската резултанта и одејќи во прилог на едната страна, така да речеме Европа, во состојба сме да потзаборавиме на другата, а тоа се крајности кои ни се појавуваат, но убеден сум дека умните луѓе треба да се стремат, не да ја најдат крајноста, туку да го најдат оптимумот. Значи, каде и е стратешката цел на државата, причината за постоењето на законодвната власт, интересите на граѓаните да биде во целост на хармонија со приоритетната задача што ја имаме повторно пред истите тие граѓани, да станеме дел од Европа. Ние треба да хармонизираме неверојатен број на закони. Кога би се измериле тие во хартија, иако сме длабоко завлезени во електронскаста ера, салава би била преполна од закони што треба да се видат од ова Собрание, да се преведат, да се доградат нашите интереси во нив, тие да бидаст рамката што значи Европа и на тој начин да направиме еден ситен чекор кон зачленувањето во ова елитно семејство на нации.

Конвенцијата која ни се препорачува како едно парче од таа хартија што би ја исполнила салава е конвенција. Таа е еден заеднички компромис на еден поширок круг на нации околу тоа како би требало одредени работи во најширока можна рамка да се решаваат сватено како еден хуман максимум што не треба да се пречекори, а сето во рамките на тоа е прифатливо и дозволено, доколку води сметка за примарниот интерес на граѓаните на таа држава. Оттаму, конфенцијата препорачува, а наше е, водејќи сметка за интересите на Република Македонија да донесеме закон, кој во себе ќе ги опфати препораките, а ќе им одговори на интересите на нашите граѓани, почнувајќи од политички, економски, територијални и сето тоа заедно како суверенитет на нашата држава.

Оттаму, главната, би рекол ако може условно гледано на конвенцијата како препорака, главната забелешка, нејзината причина за постоење е на просторите на новосоздадените држави во распаѓањето или раздружувањето на некогашните поголеми федерации, да не останат луѓе без државјанство. Значи, да нема апатриди кои се проблем на овој свет од 1945 година наваму, откако почнуваат процесите на деколонизација, развој на демократијата, остварување на правата за самоопределување. Според тоа, ние треба со овој закон да го релаксираме,имено,

тој проблем ако е проблем кај нас. Но, не со спуштањето на критериумите, бидејќи критериумите повторно се врзани со Европа во еден друг закон или во една друга област, а таа е создавање на заедничко безбедносно миље, во кое нема да има неприродна или според стандардите на Европа, не наши, ние ги немаме, миграција која загрозува. Според тоа, ние треба да изградиме строги стандарди и едноставна процедура. Јас мислам дека ние во расправата околу процедурата сакаме да ги спуштиме стандардите, а процедурата повторно ќе остане комплицирана, затоа што долги години на ред низ процедурата се обидувавме на погрешен начин да спречиме механички демографски прираст и тоа е грешка и таа грешка ја плаќаме сега, но несмееме да ја повториме. Јас сум, верувајте ми, доследен на проблемите што треба да ги расчистуваме за да ги хармонизираме интересите на граѓаните на РМ со Европа, да воведеме уште построги критериуми. Но, да се знае дека тој што ги исполнува во минималниот рок, оној рок што овозможува во една електронско време работата да се заврши, таа да биде завршена, без тормозење, без дискриминација. Значи, Европа го бара тоа од нас. Европа не бара од нас да срочиме ваква или онака, или како што овој закон е срочен, туку да направиме закон кој нема да создава проблеми. А , еве, три дена гледаме дека имаме проблем со овој закон. Значи, првиот проблем е, предизвикан, а понатаму ќе видиме што ќе следи ако не собереме доволносили и да почнеме како вистински парламент во неговото сегашно читање, да наоѓаме решенија за оние точки каде што се јавува дисхармонијата која понатаму ќе ни создава проблеми. Ние мораме да воведеме таква политика на давање, а би рекол и на одземање на државјанство, кое утре нема, откако се надевам, многу бргу ќе дојдат на дневен ред и решенијата за гранична полиција, решенијата за контрола на странци, решенијата за воспоставување на еден информатички систем и кога сето тоа ќе го спакуваме заедно со Законот за државјанство, дека ние ќе можеме пред Европа да се претставиме и да речеме, ајде сега на нашите граѓани да им ја укинете обврската и да им го дадете правото слободно да патуваат во шенгенската зона и да им го укинете тормозењето пред шалтерите на вашите амбасади. Значи, тоа е Европа. Ни повеќе ни помалку. Нашите решенија се наши. Јас не велам дека ако сега имаме една политичка гарнитура на власт и дека таа решила овој закон да го направи и го ставила во аспектот на харонизација, дека овој закон единствениот што м оже да се направи и дека само со неговите решенија ние ќе станеме повеќе европски или не. Секое решение што ќе и обезбеди на Македонија стабилност и на ова поле, за Европа е прифатливо. Оттаму, десетте години кои се генерално решение за

стекнување на право на странец да аплицира, се и за нас стандардни решенија, но да не му се случува на тој што ќе ги исполни десетте години, десет години да чека во процедури и тука е грешката. Значи, треба тој дел да го релаксираме, а не критериумите.

За процентите. Премногу тешко паѓа во една поделена држава, како што е нашата, во која конфликтот кодифицираше две заедници, нешто што дотогаш не сме го имале и што на допирните простори на тие две заедници, еве веќе создава проблеми, е процентот. Напорот на едната страна, докажувајќи дека другата е помала, да се зацврсти да се афирмира себе си и во напорот на другата да се зголеми, да се изедначи. Таа постафка, тој постулат е погрешен. Уставот на РМ со амандманите ги кодифицираше правата на сите заедници во РМ со дополнителни, би рекол, целосно остварени права на онаа заедница што ќе го пречекори прагот на 20% и таа заедница во РМ е заедницата на албанците. Со овој попис тие се 25% во нашата држава. Тие 5% нема да го зголемат квантумот на правата. Правата се кодифицирани, се знае што е јазик, се знае што е образование, се знае што е правична застапеност. Тие човекови права постојат и нив процент поголем за 1, 2, 5, 6% нема како права да ги зголеми. Но, зголемува простор, политички простор, зголемува учество во државата, зголемува, би рекол, со рамка, во која квалитетот допрва треба да се постигнува, обезбедува учество и нормално е утре дека кога ќе седнеме да разговараме за правичната застапеност, нема да зборуваме за примената на јазикот, заради тоа што тој на еден одреден начин се остварува или правото на образованието, туку ќе зборуваме за тоа дека треба во одредена институција да се зголеми процентот, не е повеќе 20%, треба да биде 25%, утре 30%. И, тука доаѓа проблемот кој не мачи веќе три дена. Ние се обидуваме, не да им ги оспориме правата на албанците кои се тука со нас на овој простор и ќе бидат со нас на овој простор, се надевам дека заедно ќе влеземе во Европа, значи, не е прашањето да им се оспоруваат правата, туку е прашањето се води натпревар, жесток натпревар со некоја претпоставена цел кој ќе стаса побрзо таму со повеќе проценти, тој ќе имам повеќе во оваа држава, па во таа насока се користи и т.н. вештачки прираст на населението. Затоа, сум за строги критериуми и во тој поглед. А, сите оние луѓе, почнувајќи од старицата од децата што се тука, кои се граѓани, кои се родени, кои по сите стандарди на таа иста Европа и на оваа иста Македонија, која во многу нешта е и над стандардите на Европа, заслужуваат да го имаат тоа државјанство и треба да го добијат веднаш. Меѓутоа, треба да бидеме категорично против механичкиот прираст, за да се оствари политичка позиција, оти на тој начин

државата ја губи својата позиција, бидејќи е некадарна да го регулира прашањето на државјанство и е некадарна во спречувањето на таа општа опасност која доаѓа а ние сме гранична држава во унијата утрешна на непожелната, несаканата и ова се тези на Брисел, а не на Слободан, миграција.

Според тоа, ако вака гледаме на Европа и ако вака гледаме на ова прашање, тогаш не гледам каде се разликуваме, заради тоа што најважниот проблем кој стои во позадината и на едното и на другото е економијата. Ние имаме економија која може да издржи толку. И, додека не почнеме и дајбоже да можеме да увеземе 100 илјади милионери кои ќе дојдат овдека и ќе инвестираат, па ќе отворат врата за уште 400 илјади, зошто, нека дојдат, позната е историјата на Европа кога луѓето оделе да работат во други држави, па работејќи, создавајќи вредности, создавале и услови да станат државјани таму, па така се случувало, така ќе се случува. Дај боже да е така, но не е така. Ние сме држава која има ограничени ресурси, ние сме држава која минува низ период на кризи, не смеат да се заборавaат двата ембарга, не смеат да се заборават југословенските војни, не смее да се заборави војната на Косово и конечно не смее да се заборави конфликтот кај нас, нешта кои оставија траги, длабоки глузни врз нашата економија. Затоа, нам ке ни треба 50 години да се вратиме на нивото на економски развој што го имавме, нормално, со други, за мене погрешен политички систем, ниво на развој што го имавме на почетокот на демократските реформи во нашата држава.

Сега, би сакал да зборувам за она што најмногу мене лично ми тежи, а тоа се странците. Во 1991 година во Британскиот весник “Гардијан”, нема да му го спомнам името на еден новинар по потекло од Грција, напиша дека Република Македонија не е држава и е аберација, е дефект во меѓународните односи. И, бидејќи не наоѓаше на дефиниции, ниту наша некоја поконцизна и прецизна, ние сеуште немаме стратегија за оваа држава, па не може да се рече ни дека, освен поединечните наши желби дека ја имаме, а ние не можеме и нив да ги составиме, ја дефинираше како ентитет. Значи, ни држава, ентитет на туѓа политичка волја создадена со желбата на некој трет. И, сега иде она што мене најмногу ме загрижува од сето ова, населена со национални малцинства на нејзините соседи. Значи, една општа дефиниција, која во себе го прифаќа културното негирање преку црквата, негирањето на јазикот и на изданокот на поднација од еден народ и воопшто постоењето на државата со нејзиниот идентитет со името. Ако ние сега кон тоа додадеме дека она што од АСНОМ наваму, било главна грижа на оваа држава, а тоа се деловите на македонскиот народ, кој на како национални малцинства живеат во соседните

земји, како мост на пријателство нив ги прогласиме за странци, тогаш ние се населивме, навистина, во еден ентитет кој е населен само од припадници на други народи, бидејќи ние не можеме да прифатиме декак во Бугарија, во Србија, во Албанија и во Грција живеат македонци по род.

Господине министре, апелирам до вас, познавајќи ја програмата на партијата која ве именуваше како министер, апелирам на вас од принципите зад кои стојам јас и политичката групација во која припаѓам во овој момент, немојте да се откажуваме од нашите малцинства во соседните земји. Ќе речете овој закон не го регулира тоа. Имате право, не го регулира, меѓутоа, како се гради зградата на негација или зградата на аспирација и во старомодна деветнаесетовековна Европа и денешна Европа, која се здружува, но сеуште не се откажува од некои аспекти по кои е и позната како Европа. Значи, во таа зграда едно зрнце аргумент, ќе биде фактор што членовите на Зора во Грција ќе бидат странци, според нашиот закон, бидејќи како странци ќе треба да аплицираат, да добијат државјанство на државата која им е матична. Мене ми пречи тој парадокс, па затоа апелирам, дајте пред да стане доцна, да го отстраниме овој дефект. Нека си стои странци, меѓутоа, нека има член, дали модифициран стариот, но, мора да има член во кој ќе бидеме доследни на историјата со која е создадена оваа држава, доследни на нејзиниот устав и доследни на нашите највитални национални интереси, да се грижиме за македонците по род, по потекло, не само во дијаспората, туку во нашето непосредно опкружување. Да. ќе ми одговорите дека странец што ќе аплицира ќе биде, незнам сега што ќе биде, бидејќи треба да се кодифицира на некој начин, ако биде тоа од национален интерес за Република Македонија, ќе му дадеме државјанство и на тој начин ќе го згрижиме оној кој што немаме храборст да го наречеме македонец по род и верувајте ми ако тоа го поставиме така, најмалку ограничување има за тоа во конвенцијата и ако се плашиме од членката на ЕУ, која би можела да ни создаде притоа проблеми, не треба а се плашиме бидејќи Грција на ист начин на населението од Химара и од Југот на Албанија, им издава државјанства, бидејќи ги смета, ако се декларираат како Грци по род. Па, впрочем, и на многу македонци кои се потомци на нашите македонци родени и живееле и прогонети од Егејска Македонија, кои ќе се прогласат за грци по потекло, им дава државјанство.

Нема да бидеме во колизија, затоа што не може нејзиниот стандард да важи з неа, а од нас да бара да се откажуваме од истиот стандард, така што нашата преговарачка позиција, ако воопшто дојде до тоа, ќе биде многу јасна и кристално чиста.

Јас би сакал не заради механизмот, не заради процедурата, заради последното што ни останува од идентитетот, заради националниот интерес - и немојте да ме сватите како шовинист, бидејки мора  во таа иста Европа во која одиме, каде што ги укинуваме границите, каде што ги укинуваме непријателствата, каде што економски се интегрираме, се знае каде завршува Шпанија каде почнува Франција, каде завршува Франција каде почнува Германија, без да се прави од тоа инсистирање на самобитноста на културниот и националниот идентитет проблем. Според тоа, не би требало да биде проблем да се биде македонец во матичната држава и во државите каде што според различни правди или неправди се нашле делови од нашиот народ, тие луѓе да бидат макеоднци по род. Ако имате за ова решение, кое нема да ги сместува како луѓе со национален интерес, значи странци па да станат македонци, туку како македонци со кои имаме уставна   обврска да им го дадеме државјанството, тогаш ќе бидам задоволен. Ако не, тогаш и оваа точка ќе создава проблеми и ние наместо со овој закон на еден брз, ефикасен и прецизен начин, со олеснување на процедурата, зголемвуање на критериумите да се доближиме до Европа, ние повторно ќе талкаме, ќе создаваме проблеми, ќе создаваме полемики, од тие полемики ќе се изродува политичка енергија, а Европа покрај перфомансите во задачите ја вреднува и политичката енергија и вели овие можеби го имаат целото законодавство, меѓутоа не се дозреани прво да водат сметка за своите интереси, а како ли ќе водат сметка за заедничките интереси.

Значи, уште еднаш молам, ако немате сила да го повлечете законот дајте во амандманската расправа да се договориме, како што и самите на почетокот велевте дека може да се договориме за тоа дека е грешка, печатна, барем така беше во медиумите каде што за жал почна на еден прешироко сватен демократски начин да се води полемиката, ние пратениците овде да бидеме последни кои учествуваат во тоа и во пет минути до дванаесет, кога сме ставени пред сршен чин, пред нас да имаме една рамка од закон во која сега немаме сила да доградиме нешто што за мене е најважен интерес. Не смеат нашите во соседните држави да бидат ништо друго, освен делови на македонскиот народ, кои како национални малцинства живеат во тие држави и кога ќе посакаат да го добијат, врз основа на тој квалитет да го добијат државјанството, а не како странец чиј што национален интерес на Република Македонија  е да го земе како свој. Оти утре, јас знам како се решаваат националните интереси во оваа држава, иликако се дефинираат. За жал, ние денес расправаме трет ден заради еден таков национален интерес договорен заради конјуктурниот интерес на две политички партии, па се плашам дека утре преку таа

прешироко рамка, како национален интерес ќе ни странат странци кои имаат матични држави. И не сакам да кажам кој е, затоа што не можам да го прогнозирам конјуктурниот интерес што ќе се појави тогаш, меѓутоа, тие ќе бидат за една одредена групација, за едно одредено мнозинство во овој наш демократски поредок национален интерес, и тогаш без да бидат македонци по род, ќе добијат државјанство. Овој апсурд мораме да го спречиме. Ова мора да го отстраниме, а верувајте ми, ако воопшто има елементи Уставниот суд да се зафати со ова прашање и овој член, тој ќе се зафати затоа што во Уставот треба да водиме грижа, а историјата, темелникот на нашата држава, АСНОМ, целокупното наше движење, од Илинден, од Кресна наваму е со обврска од сите што учествувале во нив и што ни го подариле овој период, оваа доблест сега да имаме држава, ни е обврска да водиме сметка за нашите затоа што знаевме и од секогаш сме знаеле дека како дел од Балканот никогаш, а е илузорно и наивно да се верува, и премногу романтично е, и крајно опасно е да се мисли дека тоа може сега да се видоизмени само со волја, дека секогаш ќе не има на погрешната страна од границата по еден дел и не би сакал од тој дел да се откажуваме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега за збор е пријавен пратеникот Блаже Стојановски.

Прет тоа, за реплика се јави пратеникот Борис Кондарко, три минути.

БОРИС КОНДАРКО:

Господине Чашуле, Вие денес и Вашите колеги од опозицијата упорно во изминатите денови од оваа расправа го потенцирате прашањето за макеоднците по потекло, односно за националните интереси кои треба да ги штити Република Македонија преку овие граѓани. Вашата дискусија беше набиена со многу емоции. Мислам дека тое е в ред ваш настап за додворување односно прикажување на фактите пред јавноста и пред граѓаните. Меѓутоа, ние овде зборуваме за правни норми и ние сме на теренот на правото, од правен аспект треба да ги гледаме и решаваме работите.

Имено, членот 8 за кој Вие говорите и го оспорувате вели за сите граѓани по потекло. Граѓани по потекло значи дека се родени надвор од границите на Република Македонија и тие формално-правно според сите домашни и меѓународни стадарди го имаат статусот на странци. Значи дека основната грешка односно свесна манипулација што ја правите во јавноста е дека вие саката на базата на емоциите и наводни национални и патриотски чувства да ги помешата и изедначите поимот “странец” и поимот “чувство за национална припадност”. Секој граѓанин кој е

роден надвор од Република Македонија го има тој статус на странец. Меѓутоа, доколку ги исполнува условите и доколку тоа е од особен национален интерес за Република Македонија, и те како државата Македонија води сметка за тие и ќе им овозможи да стекнат државјанство. А друго е прашањето што тие категории на луѓе како се чувствуваат по национална припадност, бидејки има странци што се по национална припадност и албанци , срби и ред други граѓани кои живеат во Република Македонија . Овие два поими не смеете да ги мешате и од таму произлегуваат сите заблуди со кои сакате намерно да ја доведете македонската јавност да мисли дека овде некој врши национално предавство. Немате право на тоа, меѓутоа, тоа е ваша одговорност, граѓаните ќе го ценат тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика, г-динот Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине Кондарко, вашата партија го донесе претходниот закон, во кој имаше историска свест и обврска спрема родителите на тие тогашни политичари кои го дигнаа востанието, во законот да стави “ македонци по потекло”. Зашто го вадите тоа? Кој манипулира, кој е исложен на дневно-политичка конјуктура? Ние што сакаме едно ваше добро решение да остане или вие што сега го менувате заради тоа што сте се нашле во одредена политичка конјуктура.

Не, г-дине Кондарко. Вие сте млад, ќе се докажувате. Земете, препрочитајте, да видите што се новинарот Слободан Чашуле напишал во последните 12 години и ќе видите дека во неговите емоции има и факти. Во правото воопшто не пречи да си стои одредбата за странци, ама да стои и одредба за макеоднци по потекло. Господине Кондарко, незнам колку имате искуство во меѓународните преговори, меѓутоа, држави со кои утре ние ќе седнеме..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Чашуле, измина минутата.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ.

Само уште реченицата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не може, заврши минутата.

Следниот дискутант е пратеникот Блаже Стојановски, а по него нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Прашањето за кое дискутираме веќе трет ден, односно прашањето за државјанство не претставува само битно прашање за лицата кои сакаат да аплицираат за добивање државјанство, туку и битно прашање за државата, затоа што со либерализирањето на постапката и условите за добивање на државјанство, исто како и со редуцирањето на можностите за добивање државјанство, се создаваат дирекни импликации и за самата држава и за нејзините граѓани.

Во досегашниот тек на расправата единствено што беше истакнато од страна на предлагачот на овие измени е влијанието што ќе го имаат овие измени на Законот за државјанство врз граѓаните, претежно од албанската етничка заедница. Тоа влијание беше искажано преку отстранување од законот на наводно дискриминирачките одредби кои до сега биле присутниза албанците, потоа преку истакнувањето дека со овие измени се надминува привилегијата која ја има македонскиот етникум , со внесувањето на граѓанскиот наместо националниот концепт , како и со овозможувањето на сите оние кои немаат македонско државјанство, а кои во најголем дел потекнуваат од Косово, во наредните две години да станат макеоднски државјани.

Овде, во овој контекст, се појавуваат неколку прашања.

Едно од нив е дали со отстранувањето или отежнувањето на можноста македонците по род, кои се припадници на макеоднскиот народ а не се родени во Република Македонија , или нивните родители се родени вон границите на Република Македонија , поради политичките околности во времето кога се родиле, се одбрал вистинскиот пат за Владата да докаже дека го напушта националниот, а го прифаќа граѓанскиот концепт, особено ао притоа се има предвид дека за македонците по род не постои друга матична држава освен Република Македонија , додека за албанците по род или србите по род постојат матични држави кои во истите нивни закони предвидуваат можност и албанците за Албанија и србите за Србија да добијат државјанство на овие држави, доколку се по потекло албанци или се по потекло срби. Независно од тоа што не се родени на територијата на таа држава. Правото на македонско државјанство на македонците по потекло кои живеат надвор од границите на Макеоднија не значи дискриминација за граѓаните на Република Македонија од немакеоднско потекло.

Овде сакам да истакнам и една уставна обврска која ја имаме сите ние како пратеници и како Паралмент, а која е дефинирана во членот 49 од Уставот на Република Македонија, која се однесува за грижата за положбата и правата на припадниците на макеоднскиот народ. Имено, членот 49 од Уставот гласи:

"Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на макеоднскито народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив.

Републиката се грижи за културните, економските и социјалните права на граѓаните на Републиката во странство".

Со амандманот на овој член 49 е наведено дека Републиката притоа нема да се меша во суверените права на други држави и во нивните внатрешни работи.

Значи, почитувањето на член 49 од Уставот значи останување на првичното решение од Законот за државјанство кој што важеше досега и кое решение треба да важи и во иднина. За тоа ќе зборувам малку подоцна.

Меѓутоа, сега сакам да наведам за тоа што значи иселеник. Тоа е исто така категорија која е дефиниран асо Уставот и тоа не претставуваат граѓани по потекло кои се иселиле од  Република Македонија  во друга држава, како што Владата ги дефинира во предложените измени, туку иселеници се македонци по потекло кои се иселиле од етно историските граници на Македонија. Значи, граѓани по потекло, и македонци по потекло не претставуваа еквивалентни категории. Државјанството е правна врска меѓу лицата и државата и таа врска не го означува основот на нејзиното создавање, туку создава права и обврски и за државјанинот и за државата.

За да може ова да се согледа подобро, ќе ви прочитам извадоци од законите за државјанство на Република Бугарија и Република Хрватска.

Во членот 15 од Законот за државјанство на Република Бугарија се вели:

"Лице кое не е бугарски државјанин може да добие бугарско државјанство со натурализација без присуство на условите во член 13 ако исполнува едно од следните барања:

1.Да има бугарско потекло.

2.Да е посвоено од бугарски државјанин според условите за целосно посвојување.

3.Еден од неговите родители да е бугарски државјанин или починат бугарски државјанин".

Членот 16 од истиот бугарски закон за државјанство вели:

“Лице кое не е бугарски државјанин може да добие бугарско државјанство без присуство на условите од членот 12, ако Република Бугарија има интерес за негова натурализација или ако лицето име посебен придонес за Република Бугарија во јавната или економската област, во областа на науката, технологијата, културата и спортот”.

Според членот 11 од Законот за хрватско државјанство, ова прашање е регулирано на следниот начин:

“Иселеник, како и неговите потомци може со природување да стекнат хрватско државјанство, иако не ги исполнуваат услвоите од член 8, точките 1 и 4 кои предвидуваат иселеникот да има наполнето 18 години живот и да е работо способен, како и да го познава хрватскиот јазик и латиничното писмо.

Странец кој е во брак со иселеник, кој стекнал хрватско државјанство, може да стекне хрватско државјанство иако не ги задоволува условите од член 8, став 1 точка 1 - 4 на овој закон”.

Ова се два примери како државите кои се поблиску до Европската унија од нас се грижат за припадниците на народот чија матична држава се истите тие држави.

Во овој контекст, сакам да ви го прочитам и членот 11 на досегашниот Закон за државјанство, кој гласи:

“По исклучок од член 7 на овој Закон странец кој наполнил 18 години живот може со природување на стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален интерес, а посебно “ - ова го истакнувам - “а посебно за сите македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија “.

Ова Владата со предложените измени го брише. Зошто?

Предлогот кој го добивме за оваа седница и по кој дискутираме гласи:

“ Во членот 11 ставот 1 се менува и гласи:

“Странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 1 и 8 на овој закон може со природување да стекне државјанство на Република Македонија , ако тоа претставува особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес”.

По став 1 се додаваат два нови става кои гласат:

“За сите граѓани по потекло од Република Македонија “ - што значи не граѓани по потекло макеоднци кои се родени во соедните земји, во Австралија или САД и кои живеат таму туку само за граѓаните по потекло од Република Македонија - “кои

живеат надвор од границите на Република Македонија се претпоставува националниот интерес во смисла на став 1 на овој член”.

Во овој момент ние добивме и амандман од Владата, каде што Владата целосно го повлекува овој предлог и каде што стои дека “Владата на Република Македонија со уредба Ќе ги утврди критериумите за особен научен, економски , културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство во смисла на ставот 1 на овој член”. Со ова Владата признава, со предлогот по став 1 да се додаде нов став 2 кој се однесува на сите граѓани по потекло од Република Македонија кои живеат надвор од границите на Република Македонија дека се претпоставува националниот интерес, воопшто да не стои во измените на овој закон. А тоа што значи? Тоа значи дека се прави компромис на штета на макеоднците по род. Имено, ако е проблематично она што стоеше во досегашниот Закон за државјанство, каде што беше истакнато дека националниот интерес посебно се однесува за сите макеоднци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија , сега ова истакнвуање го нема. Јас кажав и претходно дека истакнувањето на овој национален интерес на макеоднците чија матична држава е Република Македонија не може во никој случај да значи загрозување на правата на сите оние кои живеат во Република Македонија , а не се со македонско етничко потекло.

Напротив, тоа ќе биде еден добар придонес за почитување на чувствата на сите лица Македонци кои што живеат надвор од Република Македонија, а се Македонци по род, родени надвор од сегашните граници на Република Македонија. Сето ова зборува за една неконзистентност, односно претставува потврда на сите оние елементи од дискусиите на опозицијата во досегашниот тек на расправата кои што со право го истакнуваа ова прашање.

Понатаму, како една од причините за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија се наведува и потребата од усогласување на постојниот закон со Европската конвенција за државјанство и меѓународните правни стандарди. Меѓутоа, Република Македонија и без Европската конвенција за државјанство со распаѓањето на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија таа обврска за државјанствата по основ на сукцесија на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија ја апсолвираше и тоа прашање го затвори. Не постои ниту уставен, ниту законски основ, ниту пак реална потреба за државата за реактивирање на ова прашање и за овозможување на државјаните на другите републики во поранешната Социјалистичка Федеративна

Република Југославија, особено во случајот се работи за жители од Косово, како и на државјаните на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија кои имаат пријавено живеалиште на територијата на Република Македонија да стекнат државјанство на Република Македонија, ако во рок од две години по влегувањето во сила на овие предложени измени поднесат барање за стекнување на државјанство. Значи, се овозможува уште еднаш по пат на сукцесија се дава еден нов рок од две години кој што еднаш веќе е поминат и на тој начин се сака да се стекнат со државјанство сите оние кои што се затекнале на територијата на Република Македонија, а кои што претходно биле жители на поранешните југословенски републики.

Предлагачот на овие измени создава и дилема дали истите се во насока на регулирање на условите и начинот на стекнување на државјанство, или пак истите измени се единствено во насока на признавање на македонско државјанство на сите Албанци на територијата на Република Македонија што за нашата земја ќе значи промена на етничката структура и остварување на барањето на потпретседателот на Владата Муса Џафери за 30% застапеност на Албанците во Република Македонија како услов за признавање на резултатите од пописот, се разбира од страна на ДУИ. Оттука со овој Предлог за измени на законот за државјанство Владата сака да постигне задоволување на политички договори на коалиционите партнери ДУИ и СДСМ без притоа да ги согледа и да изврши анализа на резултатите од пописот, социјалната и етничката структура на населението и без да проектира колкав број на лица и со каква етничка и социјална структура и припадност и состојба ќе бидат тие кои што ќе добијат државјанство во согласност со овие измени кои што се предлагаат.

Исто така, овде треба да се има во предвид дека оваа анализа, овој пристап кон процесот на доаѓањето до Предлог измени на законот за државјанство треба да биде насочен и осмислен со учество не само на лица кои што ќе бидат одбрани од редакциите на медиумските куќи, туку напротив тука треба да бидат вклучени покрај нив секако и претставниците на МАНУ, други лица кои што претставуваат стручњаци и експерти од оваа област со цел навистина тука кога добиваме предлог за измена на одреден закон да имаме целосна анализа за сето она што ќе произлезе како последица од донесувањето на тие измени на законот. Ова и во насока на финансиските потреби за реализација на овој закон, затоа што во Предлог измените на законот стои дека нема потреба од нови финансиски средства за реализација на овие измени на законот, меѓутоа факт е дека државјаните на Република Македонија

кои што ќе добијат државјанство, а кои што живеат во Република Македонија, немаат решено прашање на вработување, немаат социјална сигурност, ќе мораат да користат средства како социјална помош, средства кои што се однесуваат на нивното здравствено осигурување и други средства кои што директно се насочени за остварување на нивните права како државјани на Република Македонија што е сосема нормална работа. Меѓутоа, ние немаме никакво сознание колку средства се потребни за овие намени, затоа што немаме ниту проекција колку државјани на овој начин ќе добијат македонско државјанство, затоа што сето ова се прави само заради политички интереси на два политички субјекти во Република Македонија без притоа да се земат во предвид научните и долгорочните поставености, стандарди кои што треба да ги почитуваме сите ние како држава, ако сакаме да покажеме сериозност и пред нас и пред граѓаните на Република Македонија, пред Меѓународната заедница на која што сите се повикуваме треба децидно да ги покажеме сите овие работи. Затоа од сите овие причини, предлагам до Владата најмалку што може да направи е да го повлече овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за државјанство. Нека си оди во редовна постапка, нека се завршат сите тие анализи, проекции кои што треба да ги извршат и ние како Парламент тука ќе бидеме подготвени уште еднаш да расправаме по ова прашање и на тој начин да донесеме закон кој што навистина ќе значи усогласување со Европското законодавство.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас повеќе би имал едно процедурално прашање. Би замолил ако може за кракто, за минута и две да се провери опремата за озвучување за симултано преведување, затоа што се утепавме од објаснување што значи членот 8, членот 11 итн. Меѓутоа, очигледно дека нашиот глас не допира до некои пратеници. Според тоа, и со сите овие драматични предоаеја од сабајле, мислам дека треба да биде јасно дека не се прави никаква рестрикција на правата што досега ги имаа Македонците по потекло.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Блаже Стојаноски, една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас само ќе му го прочитам на министерот членот 11 од постојниот Закон за државјанство каде што стои дека по исклучок од член 7 на овој закон, странец кој

наполнил 18 години живот може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален интерес, а посебно за сите македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија. И предлогот кој што го добивме во последен момент каде што стои дека, странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 1 и 8 на овој закон, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува особен научен економски, културен, спортски или друг национален интерес. Значи, македонскиот национален интерес за македонците по потекло се сведува на економскиот, научниот и културниот или спортскиот интерес на исто ниво.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави г. Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министер,

Иако моите ставови во врска со измените и дополнувањата на Законот за државјанство се познати и вас ви се познати, но и на јавноста, бидејќи тие на еден поинаков начин во однос на претходните измени и дополнувања предложени од мојата партија на еден начин веќе ги искажав. Сега се јавив за да дискутирам, но се надевам дека Господ ќе ме зачува да не навлезам во една политичка трка, натпревар со една единствена цел да се манипулираат граѓаните значи, со цел овој закон да се стави во интерес на партијата, во интерес на таа опција од која што доаѓа дискутантот, или пратеникот. Јас велам, доколку законот, односно измените и дополнувањата во овој закон се со добра намера, со тенденција позитивно да се решат животните прашања на граѓаните, на оние граѓани кои што може да се рече веќе патат од неверојатните шетања од шалтер на шалтер за да се здобијат со нивното право, а тоа е во случајов во правото на државјанство. Доколку вака им приоѓаме на проблемите на измените на законот, тогаш не ни треба и немаме потреба и не е добро на крајот на краиштата сите овие измени и дополнувања на законот да ги ставиме во политичка димензија. Јас знам дека кога го предложив мојот предлог за измени и дополнувања на законот по голем број дебати телевизиски, во јавноста и во неколку комисии забележав една тенденција на молчење во Парламентот од некои парламентарни групи и сакав во почеток да го разберам како потценување на мене како пратеник, но потоа се сетив дека некогаш

некој се зачувал за да јаде баклава. Значи, се чувале пратениците овде да го искористат Предлогот на Владата, односно Министерството за внатрешни работи добро да играат на полето, на арената, на игралиштето на меѓунационалните односи.

Јас ги слушнав и петте тези од страна на министерот за внатрешни работи кој што ги кажа при експозето во врска со измените и дополнувањата на овој закон. Сакам да кажам дека сите овие тези се аргументирани со бројки, се разбира од страна на институциите и доколку ние на овие бројки, институционални бројки не им веруваме, а добиваме бројки од друга страна, ги добиваме од други места, тогаш имаме една неконструктивна опозиција, значи играме на таа карта да не дојдеме до еден добар закон, односно да не дојдеме до измени и дополнувања на законот. Затоа велам дека проблемот на граѓаните кои што сега се категорија на луѓе кои што патат со години, бидејќи немале државјанство, немале социјално осигурување, немале можности да се вработат, да создадат услови за живеење и дури некаде и политички прогонувани и ние тие граѓани ги ставивме во метафора на сето она што го правиме, правиме чалам во нашите дискусии газејќи го до крај нивниот дигнитет. Се разбира, употребуваме такви бројки 70 илјади, 80 илјади, што мислам дека воопшто не е точно. Законот, или пак измените и дополнувањата што се предлагаат во врска со постојниот закон не треба да бидеме до крај негаторски, туку треба да кажеме дека предлозите во законот за измени и дополнувања на постојниот закон го подобруваат квалитативно актуелниот, постојниот закон, го доближуваат до она што се вели компатибилност со европските закони и да речеме уште попрецизно што пишува во Европската конвенција за државјанство. Но, имам свое право рационално да размислувам и да речам дека имало и има можност со измените и дополнувањата и во ова што нас ни се предлага како текст има можност и сеуште има можности да се направи некое подобрување како што е она со амандмани, со дискусии, со убедување за да се даде можност на Владата да даде некој амандман, или да прифати некој амандман со една единствена цел законот да биде поблиску до граѓаните кои што имаат денес потреба да си го решат, или пак да стекнат државјанство овде во Македонија. Доколку се прифатат и некои сугестии кои што се дадени, мислам дека и мојот колега Вејсели рече во врска со изјавата на Роберт Лампони кој што испрати, мене ми изгледа дека нема потреба, но ајде да речеме бидејќи зборуваме со аргументи. Има едно писмо испратено до одговорниот за овие прашања за државјанство при Министерството за внатрешни работи до господин Ерол Салих. Тоа се неколку сугестии кои што се добронамерни. Во првиот дел од

писмото давајќи им афирмација на измените и дополнувањата на законот, но и неколку сугестии и забелешки во врска со член 14 и со некои други членови посветени на оние кои што имаат статус на бегалци и доколку тие се земат предвид со некои амандмани, тогаш имам впечаток и мое мислење да констатирам дека ќе можеме да имаме закон кој што ќе го регулира статусот на граѓаните кои што не добиле државјанство, а кои што живеат, работат, имаат стан во državава. Но, се разбира да се стекнат со државјанство и на странци кои што изразиле и изразуваат желба да се стекнат со државјанство на Македонија што за мене е многу добра работа. Значи, да се изрази желба да се здобие со државјанство на Македонија, тоа мене навистина ме убедува дека Македонија ќе биде држава за која има интерес кај оние луѓе кои што преку добивање на државјанство да создаваат, да дејствуваат, да работат овде во Македонија. Потоа, бидејќи во врска со ова работела една експертска група и бидејќи во овој закон има точно 16 члена измени врз основа на секојдневната пракса европските стандарди со она што се соочиле институциите во врска со овој проблем, во врска со она што сме се соочиле и ние пратениците со оваа проблематика, тогаш да направиме уште малку напори овој закон да го доближиме до целта за олеснување, за стекнување со државјанство. И потоа доколку во пракса ќе ни се појави некој проблем, реален проблем, не е доцна никогаш да се направат нови измени и дополнувања во законот, значи со една единствена цел да се подобри законот за да се овозможи стекнување на државјанство, се разбира врз основа на процедурите, одредбите, членовите и другите акти во врска со овој закон. Да ви кажам право не можам а да не ги коментирам неколку мислења, николку дискусии кои што преминаа во политичка димензија. Немојте лошо да ме разберете. Јас го слушнав експозето на министерот и потоа со мои колеги пратеници бевме учесници на еден проект каде што средбата беше во Парлементотот, во Сенатот на Романија каде што целта со години е за изградба на меѓуетнички односи на институционален начин во државите таму каде што има, со една единствена цел да се оди што подобро кон европските интеграции. Од она што го слушнав таму и она што го видов таму и вчера кога се вратив околу 15,30 часот тука и слушнав неколку дискусии во нашиот Парламент, верувајте ми дека веднаш во моментот ја изгубив надежта дека многу малку се прави нешто во нашиот ментален склоп и во нашите изјави што го изјавуваме за нашите евроатлантски интеграции, со дискусии и со тези, отровни тези во однос на развојот на меѓуетничките односи. За еден момент ми изгледа дека вршиме некоја голема работа, се задоволува некоја си структура.

Понекогаш ние самите, а и државата каде што живееме, верувајте ми, правиме лоша услуга, особено по конфликтот 2001 година. Доколку продолжиме со еден ваков речник, со еден ваков вокабулар, верувајте ми, не ни се пишува добро. Не само што не ни се пишува добро, туку, дефинитивно се губи вербата во нашето водство, кај нас како парламентарци и незнам самите ќе се ставиме во ситуација кога и ние, дефинитивно ќе паднеме во некоја телекардија на песимизам, што за нас, а пред се за нашите граѓани е многу лоша работа.

Да се дебатира цело време, мислејќи дека овој закон ќе го зголеми бројот на албанците, со овој закон ако им се даде можноста на албанците да се стекнат со државјанство, лошо им се пишува на Македонија, тоа е голема опасност за неа и доколку ја држиме тензијата на постојана опасност во Македонија, од страна на албанците, верувајте ми, ние нема да создадеме никаков амбиент, политички за развој на оваа држава, од економски аспект, социјален аспект и дури до хармонизација на меѓуетничките односи.

Вие забележавте дека по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, апсолутно мнозинството на албанци се многу внимателни во политичкиот вокабулар кој третира меѓуетнички односи или пак во однос на законите каде што некаде се регулираат меѓуетничките односи. Затоа немојте уште еднаш да ни импонирате дебати пред 2001 година. Не е добо да се импонираат вакви дебати, бидејќи знаеме добро дека таквите и слични дебати имаат многу трагично финале.

Зголемувањето на бројот на албанците на природен начин, или пак, на крајот на краиштата, во овој случај само кога ќе им се даде државјанство, тие се, но на законски начин се поврзуваат со државата, стануваат државјани на таа држава, тоа не е никаква опасност туку напротив тоа е лојалност кон државата, е добро однесување или добро третирање. Затоа ве молам избришето го тоа од глава дека ќе дојдат албанци од Косово, од Албанија, од Прешево, или незнам како што размислувате неколкумина од вас, да добијат или да се стекнат со државјанство на Македонија. Не господа. Аргументите, сегашноста и иднината покажуваат дека албанците се на еден сосема друг пат. Тие бараат нешто друго, нешто поинакво. Тие бараат да живеат во држави каде имаат многу подобри стандарди, во однос на правата и слободите на човекот и другите права, да се вработуваат, да живеат многу подобро. Вие добро знаете со години дека тука не се дојдени албанци од Косово за да живет. Тука има една друга вистина. 500 илјади косовски албанци живеат во Европа, работејќи, 500-600 илјади албанци се во Грција, Италија, а во други земји од Европа и Америка или една друга вистина повеќе од 100 илјади

албанци од Македонија се во западниот свет, живеејќи и работејќи со семејства, со високи стандарди и дури во држави, што реков во една комисија, има еден голем број на албанци од Македонија кои добиле државјанство во тие земји од Западна Европа. Тоа се тие трендови денешни. Кај нас се можеби декларативни, но тие се трендови на интеграција. Македонија да не биде секогаш под некоја сенка на опасност, луѓето да живеат под стресови, и да не можат да бидат инвентивни ни креативни за развој на својата држава. Ослобдете ја малку својата држава, својата глава.

Моја порака е, како сакате вие можете да ме разберете, но комунистички ортодоксни концепти се умрени. Тие повеќе неможат да живеат. Тие се мртви. Концепт со изградба на држави на комитски начин, нема повеќе. Држава со стратешки елементи нема. Ве молам ослободете се од тие работи, избришете го овој вокабулар. Денес е нешто сосема друго, модерно, современо, нешто друго што е актуелно. Така треба да се интерпретираат законските измени. Утре, што ќе се случи со Македонија, вчера слушав многу голема политика, навистина, дојдени албанци, муслимани ја расипале демографската структура во Македонија. Ве молам оставете ти тие работи. Не можам јас од денес да плачам за она што во триесетите години од минатиот век моите вујковци заминале во Турција. Тоа е историски факт за кој ние треба да знаеме, но ние тоа неможеме да го измениме. Колку и да сакам, да одам, да ги молам, тие што заминале во Турција да им речам вратете се во Македонија, да ги врзам, верувајте, тие јажето ќе го скинат и нема да дојдат. Истото е и со македонците што заминале во Австралија, Канада. Вие добро знаете кога сте разговарале со нив, кажете ми еден случај да дошол некој оттаму овде за да живее. Ве молам, оставете ги и не ги употребувајте измените и дополнувањата на Законот, тие аргументи, за да докажете дека законот не чини.

Јас би рекол дека во членот 3 со кој се регулира членот 7, би било добро доколку тоа дискреционо право, со некој амандмани за што ние сакаме да дадеме рок од 6 месеци, јас размислував за варијанта од 45 дена, меѓутоа еве нека биде и 6 месеци, да не се случи да остане документот на сиротиот граѓанин во фиоки со години без да се разгледа и без да му се даде одговор. Затоа мислам дека е добро и дека ова треба да се прифати од министерот, односно од Владата.

Во членот 6 со кој се регулира членот 9 уште еднаш инсистирам, односно инсистираме, неколку колеги пратеници од тука, врз основа на брачни односи да не се определи тоа на една година престој на кој странец кој влегува во брачна врска со

граѓанин на РМ, да не му ја расипиме позицијата на тој човек во државата каде што живее, било да е тоа на работно место, во бизнис или било што, што постигнал таму.

Членот 8 со кој се регулира членот 11, за кој нешто повеќе се зборува во овој правец. Мислам дека образложението кое дојде пред малку, од страна на Владата, мислам дека е потпишано од госпоѓица Шеќеринска, тоа се доста реални објаснувања и интервенциите и поправките на текстот се како што треба. Мислам тоа така треба да биде затоа што примерите кои се земаат од други држави, понекогаш самите сме си контрадикторни.

Јас почитувам господинот Блаже Стојаноски, пред малку он зема еден пример од Бугарија. Меѓутоа, примерот на Бугарија, за да се објасни членот 13, од тој член, тој самиот дојде во противречност кога кажа дека еден од оние кој стапува во брак, или треба да се стекнат со државјанство врз основа на наследство, треба да биде државјанин на Бугарија. Ние во член 11 имаме една таква ситуација, застоа што се говореше тука за соседните земји. Доколку имаме такви моменти, мислам дека нема проблем, доколку еден од родителите е државјанин на Македонија. Меѓутоа самиот факт дека Владата овој проблем ќе го издигне на ниво на тоа што претставува категорија на граѓаните кои се во интерес на државата, каде се работи за државен интерес, кога нема да се работи само за македонци, туку и за други. Ние такви случаи сме имале и во минатото, ќе имаме и во иднина, можеби повеќе и во иднина.

Во членот 14 с кој се регулира членот 26, според мене тоа е тој член, иако е со преодни одредби го регулира проблемот на граѓаните на Македонија кои живееле и во рамките на Федеративна Република Југославија и од осамостојувањето на Македонија, живеат и работат во Македонија. За овие граѓани треба да направиме максимум да им дадеме олеснители околности за да се стекнат со државјанство. Не се тие многу, не е таа бројка која тука се спомнува, меѓутоа, сепак е значителна бројка што навистина ќе го регулира нивниот статус. Оваа работа се прави повторно преку процедура. Има член кој се повикува на сите предвидени одредби. Немојте сега да се обидувате тоа да го протолкувате со тоа што тие граѓани ќе одат на некоја тезга на Бит Пазар и ќе ги земат државјанствата на брзина, затоа што тие се готови и работата е готова. Тие ќе влезат во процедура, во согласност со законот. Меѓутоа, условите за стекнување ќе бидат олеснителни, имајќи ги предвид дека тие се граѓани на РМ кои  живееле и работеле извесен период во рамките на Југославија како заедничка држава и цесијата, независноста и се она што се случува со Македонија како држава, како територија. Тие не треба да бидат оние кои треба да

ги обвинуваме односно да ги ставаме на олтарот на виновници, туку да ги ставиме во привилегирана позиција и да ги сметаме како граѓани кои треба да живеат и работат како државјани на РМ. Во ова нема ништо лошо напротив со тоа се регулира нивниот статус и потоа ќе одиме натаму со многу работи кои не очекуваат по однос на тоа што сме се определиле како држава и како општество, за сите оние интеграции, евроатлански интеграции, економски напредок, општествен живот, образовние и така натаму.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Сите ќе се согласите дека овој Предлог на закон за изменување и дополнвуање на Законот за државјанство предизвика огромни реакции и расправи токму поради државјанството и материјата која ја регулира, што е основ на државноста на РМ, но и основ на државноста на секоја друга држава.

Овој предлог на Владата дојде по претходнот донесениот предлог за измени и дополнувања на Законот за државјанство поднесен од колегата Исмет Рамадани со временска разлика од три месеци.

Со оглед на сложеноста на материјата која се обработув во овој предлог за изменување и дополнување на Законот, потребата истата да се усогласи, според укажувањата на Владата со Европската конвенција за државјанството, да се изврши компаративна анализа со државјанствата од другите земји, да се утврди вистинскаа потреба од донесување на овој Прелдог закон, во овој момент навистина се прашувам како Владата успеа за толку кратко време, според нејзини критериуми, се разбира, поднесе ваков предлог.

Јас би сакала на кратко да ги образложам моите согледувања во врска со предлогот за изменување и дополнување на законот, иако во овие претходни два дена беше доста елаборирано.

Прво би сакала да се задржам на член  3 од Законот за ратификација на Европската конвенција за државјанство каде што децидно стои. Во член 3 се вели: “согласно член 29, точка 1 од Европската конвенција за државјанство, Република Македонија става резерва во однос на глава 3 член 6 став 3 од Конвенцијата, со следнава содржина. Република Македонија го задржува  правото, во услови на

добивање на државјанство со природување да се предвиди период за непрекинат законски престој на територијата на РМ најмалку 15 години, до поднесувањето на барање за прием во државјанство".

Сметам дека потполно биле во право оние кои ја изразиле оваа резерва и во времето кога е изразена оваа резерва, биле свесни за последиците кои ќе настанаст, доколку априори се прифати се она што се нуди во оваа конвенција, без претходно да се проценат условите за нејзина имплементација во македонското законодавство. Воопшто не е спорна обврската на РМ да ја имплементира оваа конвенција. Но сметам дека и постојниот закон, Законот за државјанство кој сеуште егзистира, не е во колизија со оваа конвенција, иако е донесен пет години пред нејзиното усвојување од страна на Советот на Европа. Затоа сметам дека овој предлог за изменување и дополнување на Законот за државјанство, вака како што е предложен, премногу рано е да се најде на дневен ред на Собранието.

Мораме да го спомнеме сеуште постојниот, и толку експлоатиран постконфликтен период што сеуште има големи импликации врз целокупниот живот на териториите во Република Македонија, порозноста на границите на Република Македонија кон Косово и Албанија, кризните региони што две години после конфликтот сеуште се кризни, а како што се одвива ситуацијата и во иднина ќе останат кризни региони. Немаме владение на правото на добар дел од територијата на Република Македонија, иако сите надлежни институции и структури се залагаат барем декларативно за владеење на правото и на тие простори. Понатаму, за жал, сеуште имаме раселени лица државјани на Република Македонија што сеуште го немаат остварено своето граѓанско право утврдено со Уставот, а тоа е дека секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи по територијата на Република Македонија и слободно да го избира местото на живеење. За жал, кога се ова вака ќе се земе предвид се наметнува прашањето дали Владата, а и сите ние овде, посебно пратениците од позицијата ја сфаќаме сериозноста на ваквиот предлог на Владата и стапицата во која ќе се влезе со усвојувањето на овој предлог, ваков каков што е предложен.

Република Македонија, почитувани колеги се наоѓа на едно многу трусно и чувствително подрачје, сигурно ќе се согласите сите со тоа. И, воопшто не ни се потребни експерименти, посебно не експериментирање со државјанството почитуван министре.

Заради потврда на ова ќе ви ги кажам податоците за годините и за ваша компаративна анализа, за стекнување на државјанство со природување во неколку

земји со подолга традиција од нашава, а за споредба ќе ја земам Република Словенија.

Австрија, по пат на натурализација, австриското државјанство може да се добие ако е исполнет еден од следниве услови: само едниот ќе ви го прочитам, доколку лицето живее во Австрија најмалку 10 години.

Италија - по пат на натурализација, италијанско државјанство може да се добие врз основа на одредени години легално живеење во Италија. Во првиот услов е три години за оние кои имаат фамилијарни корени од Италија, четири години за народите што се од Европската унија, пет години за бегалци странци на легална возраст кои се прифатени од италијанци и лица кои работат во странство на сервис во Италија и 10 години за лица кои не спаѓаат во ниту една од претходните категории.

Словенија, по пат на натурализација, словенечко државјанство може да се добие ако се исполнети следните услови, јас ќе ви го прочитам само едниот - лицето мора да живее во Словенија барем 10 години, барем пет години претходно од денот на поднесувањето на барање без прекин.

Од сите овие примери што ви ги наведов може да се заклучи следново, значи потребно е различно време за различни категории граѓани, понатаму, што е заедничко за сите овие законодавства е тоа што во овие законодавства, во законите за државјанства се регулирани и се вградени спецификите на секоја држава. Затоа, почитувани колеги овие држави ги утврдиле критериумите, такви какви што се утврдени и ги бараат за да едно лице стане државјанин на нивната земја, но токму од аспект на заштита на сопствената земја, да примат други државјани од други земји, посебно од Балканот.

И, уште еден друг, многу важен аспект, дека овие земји многу добро знаат што значи да се добиеш со статус на државјанство во таа земја. Затоа ги имаат тие многубројни филтри, токму во случајот на секнување на државјанство.

Јас сметам дека во Република Македонија ниту е време ниту постојат реални услови во овој момент да се прават вакви интервенции во постојниот Закон за државјанство само заради усогласување со Европската конвенција за државјанство, а и да бидат исполнети обврските што произлегуваат од членството во Советот на Европа. Се она што се случува во Република Македонија, како што претходно наведов, поаѓајќи од тешката економска ситуација, некоординацијата на владините коалициони партнери за важните прашања од национален интерес на Република Македонија, што многу пати сега се покажа, сеуште нестабилната безбедносна

состојба и сите други поразителни фактори што сеуште егзистираат, укажуваат дека во Република Македонија сеуште не се созреани условите за донесување на ваков закон за државјанство.

Затоа, особено е важно при донесувањето на овој закон да се знаат одговорите на следниве прашања:

- колку државјни има во Република Македонија во овој момент?

- колку од овие државјани се стекнале по основ на потекло од осамостојување на Република Македонија до денес?

- колку од овие државјани се стекнале со државјанство по основ на раѓање на територијата на Република Македонија од осамостојувањето до денес?

- колку од овие државјани се стекнале со државјанство по основ на природување од осамостојувањето до денес?

- колку од овие државјани се стекнале со државјанство по основ на меѓународни договори од осамостојувањето до денес?

- колку лица престојуваат на територијата на Република Македонија а го немаат регулирано статусот на државјани на Република Македонија?

Кога ќе се даде одговор на сите овие прашања тогаш ќе се утврди фактичката состојба со лицата државјани на Република Македонија и, врз основа на овој показател, како и другите показатели што ќе произлезат од оваа анализа, потребно е да се направи стратегија, повторувам стратегија во однос на приемот на државјани во Република Македонија. Ова е неопходно потребно заради заштита на интересите, пред се на интересите на Република Македонија кои пак, нешто како такво, софистицирано е разработено во земјите што сериозно пристапуваат кон овој проблем, токму од аспектот на натамошен планиран развој на тие земји.

Тука би сакала да се навратам на искажувањата на министерот Хари Костов, во однос на симултаниот превод, да не го заморуваме со симултан превод, по основ на член 8 и разработениот, тоа ќе го оставам на колегата Караџоски да го образложи членот 8. Јас би сакала во однос на бразложението што го даде министерот за Предлогот за изменување и дополнување на овој закон.

Имено, министерот, во неговото образложение рече дека притоа во таа јавна расправа беа изречени неточни бројки, невистини, како за тоа колку граѓани до сега се стекнале со македонско државјанство или колку ќе се стекнат со новиот закон, најверојатно намерно се исконструираа погрешни и неточни толкувања на определени предложени законски решенија и тн.

Токму во контекст на ова, за да немаме невистинити, неточни, погрешно толкувани, потребно е да се одговори на прашањата што претходно ги наведов. Значи, колку државјани има Република Македонија, колку се стекнале со државјанство од осамостојувањето до денес и колку луѓе престојуваат на територијата на Република Македонија а немаат регулирано државјанство.

Во однос на тоа дека се работи за ситна маркетиншка политичка корист за одредени лица или партии, дали според министерот Хари Костов ова е иднината на Република Македонија, претставуа ситна маркетиншка или политичка игра?

Тука ќе го споредам, почитуван министре, Законот, вчера на колегата Ќурчиев му реплицирав, таканаречениот Бранков закон. Опозицијата колку што се сеќавам во тоа време укажуваше на сите слабости во законот и расправаше и расправаше, меѓутоа министерот Манасиевски толку жолчно го бранеше за да на крајот после 10 месеци утврди дека ефектите биле многу слаби. Немојте да ни се случи исто со државјанството само?

Понатаму, министерот констатира дека е намален интересот за стекнување македонско државјанство, односно најголемиот број од проблемите биле решени. Дали ние овој закон го менуваме за да ги дорешиме преостанатите случаи или пак ние треба овде да работиме на изградба на концепт на Република Македонија токму во делот на државјанството, како основ за постоење на една држава?

Поднесени барања во текот на 2003 година 1300, пренесени постапки по таквите барања од претходна година во тек на обработка 509. Значи, вкупната бројка на поднесени барања за државјанство е 1809. А, во истиот период се поднесени и 1700 барања за отпуст од македонско државјанство. Зарем ова не треба да значи загрижувачка бројка? 1809 поднесени барања за прием во државјанство, а 1700 за отпуст од државјанствО? Ако се земе предвид сепак дека државјанството е основ за конституирање на власт во една држава и воопшто за постоењето на една држава.

Министерот понатаму вели дека - ќе се обидам оваа теза да ја, една од многуте тези, да ја демантирам низ еден практичен пример. Ваков став значи дека некој во Република Македонија си дозволил да си определува улога дека треба да има некој орган, институција, личност, личност ли ќе биде која ќе определува каков треба да биде националниот состав на државјаните. Не господине министре каков треба да биде, него каква имаме ние национална стратегија за развој на Република Македонија, а не каков национален состав, туку каква стратегија.

Во контекстот на ова би сакала да додадам дека, додека ние ги решаваме државјаните на Република Македонија и државјанството на Република Македонија, во исто време сите соседни земји, токму во Република Македонија работат на издавање државјанства, токму на тие соседни земји и тоа на наши граѓани кои се декларираат како албанци, бугари, грци, срби и тн. Дали кај нас сеуште постои, почитувани колеги чувство на припадност на Република Македонија, дали такво сеуште чувство постои кај Владата на Република Македонија кога предлага вакви парцијални решенија?

Правото на македонско државјанство никој не може да го ускрати на ниту еден граѓанин, државјанин на Република Македонија. Ние, сеуште сме припадници на македонскиот народ и намерата ни е  тоа да останеме. Така се чувствуваат и македонците по потекло кои  живеат надвор од Република Македонија и во ова би сакала да додадам една друга компарација.

Во Република Словенија постои еден основ кој гласи дека граѓанин на друга држава кој има постојано живеалиште во Словенија од 23 декември 1990 година може да аплицира за државјанство. значи, дека можност на сите граѓани кои се затекнале на територијата на Словенија на 23 декември 1990 година им е дадено да аплицираат. Овде, Словенија не го употребува  пранешна СФРЈ или поранешните републики од СФРЈ кои, очигледно од тие термини ние не можеме да избегаме или да се спасиме, но за да се стекне со државјанство потребно е да ги исполни следните услови: да не повторувам за 10 години, 18 години мора да има лицето наполнето, лицето мора да има основни познавања на словенечкиот јазик а за да го докаже тоа лицето мора да помине одреден тест. Лицето мора да биде ослободено од претходно државјанство, лицето не требало да биде на издржување казна затвор подолго од една година за кривично дело, да нема изречено забрана за негов престој, лицето мора да ги има платено сите даноци спрема државата. Во однос на одредбата, што е последна, дека граѓанин на друга држава, по Словенечкиот закон, кој има постојано живеалиште од 23 декември 1990 година може да аплицира за државјанство, се прашувам зошто таквата одредба не се предлага во овој предлог за изменување и дополнување на Законот за државјанство ако се знае дека Словенија во 2004 година, во мај месец ќе стане членка на Европската унија што значи дека неговото законодавство е усогласено со европското законодавство, а плус тоа и Законот за државјанство им е усогласен.

Затоа, ВМРО-ДПМНЕ како и претходните два дена и денеска предупредува дека последиците од овие непромислен, преуранети решенија, предвидени во овој

предлог на Владата ќе бидат со големи и несогледливи последици по статусот на Република Македонија, уставно-правниот поредок на Република Македонија и по самата Република Македонија и нејзината иднина. Според мене, ова претставува доволен број аргументи за да гласам против овој предлог на закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следниот говорник е Тито Петковски, но него не го гледам.

Повелете пратенику Жарко Караџоски, а нека се подготви пратеникот Лилјана Поповска.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, колеги пратеници,

Веќе три дена дискутираме по однос на тоа што е на дневен ред, по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство, и некој ќе каже па многу е. Три дена се изназборувавте, се изнакажавте, ама ништо ново. Меѓутоа, сепак и не е така многу затоа што е сепак помалку од две недели онолку колку министерот беше спремен да не ислуша.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова ќе биде и последен ден.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Се надевам дека ќе биде и последен, меѓутоа сепак помалку од две недели.

Но, во ред и ние како опозиција и како пратеници бевме подготвени навистина и две недели да расправаме, да успееме да го разубедиме министерот да го повлече законот. За жал нема тоа да успееме. Тоа сигурно нема да ни успее како што нема и на министерот да му успее да не убеди во заклучокот сепак да го поддржиме овој закон. Значи, почитуван министре, симултани преводи не ни требаат кога треба да се разбереме, поточно да се убедиме, затоа што особено не ни требаат симултани преводи кога некој од говорницата зборува на македонски јазик, затао што тој ни е службен јазик и добро го разбираме. Симултан превод можеби му

треба на некој кој не го владее и не го разбира добро македонскиот јазик согласно Деловникот и она што е донесено овде.

Според тоа, можеме да дискутираме, можеме да разговараме, можеме да се убедуваме ама тешко ќе се убедиме. Тоа е по однос на она што на почетокот сакав да го кажам.

Инаку, почитувани колеги, самата расправа почна од предлагачот, од почитуваниот министер. Излезе со експозе, ако може да се нарече експозе, меѓутоа излезе со едно толкување во кое што се отепа да ни објасни што се договориле СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Мислам, главните причини во поентата кои се причините поради кои што сега го носиме законот, горе-долу ништо не видовме, само слушнавме некои тези. И, најголемата дискусија беше што се добговориле ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ за на крајот да се заклучи дека, на крајот на краиштата ништо не се договориле затоа што помеѓу луѓе каде што не постои договор или не може да се постигне договор во правец - ајде да се договориме, ама да работите како ние што кажуваме, тука нема договор. Тоа беше најголемиот дел од експозето.

Почитуваниот министер, ајде да не речам исто се отепа, се трудеше да ни објасни што е Македонец по потекло, што е граѓанин, која е таа национална врска, која е таа државна врска и цело време околу тоа, потроши некаде две страници мислам на страница 6 и 7 во дискусијата за на крајот денеска Владата да ни достави амандман дека сега во Македонија немаме ни македонци по потекло ама немаме ни граѓани од Република Македонија, имаме само национален интерес. Другото претставувало проблематика што создава забуна. Така значи бадијала беше сито труд што го вложи министерот барем во тој дел.

Инаку, почитуван министер, овде зборувам сега како претставник на Влада, нема да се постоветувам како министер за внатрешни да ве спомнувам, зборувам како претставник на Влада, една работа е очигледна во целиот текст на законот, страв ве фаќа сите во Владата вклучително и вас да спомнете Македонец.

Тоа е очигледно, читајте го Законот, дали тоа ќе биде Македонец по потекло или Македонец по незнам што, во цела работа, вртите, бегате, барате начин како тоа да то избегнете. Тука е таа проблематика од која произлезе најголем дел од дискусиите.

Инаку, да се вратиме на законот односно да почнеме со законот.

Почитувани колеги Законот за државјанство на Република Македонија е донесен 1992 година, на многу пратнеици тој факт им е познат затоа што беа учесници кога се носеше, дадоа свој придонес, денеска е 2003 година, значи

поминале 11 години кога созреаа условите овој Закон да се измени и дополни.Условите во 1992 година кога се донел Законот сепак беа услови на конституирање на Република Македонија како самостојна и суверена држава. Уставен основ за донесување на овој Закон претставуваше и тогаш и сега членот 4 став 3 од Уставот на Република Македонија кој пропишува државјанството на Република Македонија да се уреди со Закон, што се прави.

Овој Закон, почитувајќи ги до тогаш ратификуваните меѓународни договори е заснован на принципот на правниот континуитет на државниот статус, принципот на недискриминација, полова, расна, етничка или на верска основа, принципот на еднаковст на брачните другари при стекнување или губење на државјанството или при одлучување за државјанството на нивните деца принципот на слободната волја на барателите, принципот на превенција на бездржавјанството. Значи сите оние принципи уше од 1992 година се имплементирани во Законот, она што како држава сакаме да го имплементираме од европските конвенции итн.

Сепак, мора да признаеме, беше многу често во извештаите на меѓународните организации и тоа во Советот на Европа, во ОБСЕ, Стејт департментото на САД, ЕКРИ итн.

Исто така беше критикуван од многубројните домашни и странски невладини организации, но сепак најчести беа критиките на домашните политички партии, а особено на албанските, кои Законот го нарекуваат дискриминаторски и рестиктивен особено во однос на албанското малцинство. Кои беа најчестите критики односно критикувани основи од Законот за државјанство. Тоа беа должината на законскиот престој, условот психофизички здрав , зборувам за одредби од постоечкиот Закон кој сеуште не е изменет и тоа психофизички здрав како еден од основите за стекнување на државјанство со природување.

Исто така членот 11 од Законот многу често е посочуван како лошо и дискриминаторско решение за стекнување на државјанство под особено привилегирачки услови за Македонците по потекло.

Потоа, подобност од аспект на одбраната и безбедноста на државата за стекнување на државјанство со природување односно член 7 и 9 од Законот.

Понатаму, условот постојан извор на средства за егзистенција и обезбеден работен стаж. Не можат да се стекнат со државјанство лицата државјани на некоја од поранешните југословенски републики ако во моментот на осамостојувањето на Република Македонија , па до ден денес живеат во Република Македонија, но не го регулирале законскиот престој, а со тоа и државјанството. Тоа беа оние најчести

критики поради кои и Владата, во согласност со стандардите на Меѓународната заедница прифати да поднесе измени и дополнувања на Законот каде во основа овие работи кои сега ги спомнав како причини поради кои требаше да се измени Законот, Владата ги прифати и ни поднесе таков предлог кој нуди свое решение.

Тука се псотавува прашањето зошто и дали се потребни измени на Закнот за државјанство на Република Македонија и тоа според мене е неспорно. Кажавме кои се причините, кажавме кои се критиките, кажавме дека имаме Европски обврски од меѓународните догорови, конвенции и со оглед на тоа што сме потписници на таа работа треба да пристапиме кон измена на овој Закон.

Тоа е еден од најголемите делови во образложениeто, во оној текст што ни се нуди каде и Владата се повикува зошто токму денеска почнавме , зошто пред два месеци се поднесе текстот на Законот за да пристапиме кон оној рок кој ни го утврдува Меѓународната заедница. Тоа не е ништо лошо, тоа треба да прави, меѓутоа, кога нешто се прави, треба да се направи онака како што треба. Сега, како треба ние можеме да кажеме од наш аспект, Владата ќе каже од нејзин аспект, ние сме тука како пратеници избрани од граѓаните да го кажеме она што ние сметаме, вие сте тука да го предложите тој закон, на крајот на краиштата тој се гласа и вака или онака тој ќе стане дел од нашиот правен систем.

Значи, да не заборавиме, државјанството треба да се свати не само како правна поврзаност меѓу индивидуата и државата од која произлегуваат права и обврски, туку и како форма на интеграција на странските државјани кои по своја волја и со согласност на државата подолго време законски престојуваат на територијата на дадената држава.

Тоа што Република Македонија меѓу првите земји потписнички ја потпиша на 6 ноември 1997 година Европската конвенција за државјанство покажува дека Македонија прифатила принципите и начелата утврдени во овој документ да и бидат патокази во одобрувањето на постојаната легислатива.

Од тие причини пред да се пристапи кон ратификација, Владата на Република Македонија во јануари 1999 година оформи екпетска група која имаше за задача преку аналитички и компаративен пристап да изготви измени и дополнувања на Законот за државјанство на Република Македонија .

Конвенцијата е ратификувана, на сите ни е познато, на 18 февруари 2002 година. Значи, несомнено со своите постапки и преземените дејствија претходните влади и Парламентот на Република Македонија прифатиле дека е потребно

изменување и дополнување на Законот за државјанство. Значи тој аспект е неспорен. Но, притоа, да напоменеме една работа, суверено право е на државата на какви измени ќе се одлучи. Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство ќе овозможи усогласување на домашната легислатива со веќе ратификуваната конвенција. Но, мора да ги отсликува спецификите и потребите на националниот интерес на Република Македонија . Значи, и во образложението на Владата и од многу почитувани колеги слушнавме дека една од главните причини поради кои дури несмееме да имаме ни дилема е Европската конвенција со која нема друго што да правиме освен да ја преточиме во нашето законодавство и да ја примениме и прифатиме онака како што таа предвидува. Тука имавме излагање и од пратеници по професија правници кои ни читаа членови од Уставот, па еве дозволете и јас да прочитам членот 118 од Уставот врз основа на кој се повикуваме на примената на меѓународните договори.

Што вели членот 118 од Уставот?

Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и неможат да се менуваат со закон. Мислам дека овој член ни го прочита и г. Кондарко со образложение дека не само што не смееме да чепкаме во конвенцијата поточно не само што не смееме да ја разгледуваме во нејзините членови, туку таа е задолжителна со примена во Република Македонија .

Само една работа да расчистиме. Меѓународните договори, убаво вели Уставот,оние кои се ратификувани стануваат дел од правниот систем во Република Македонија . Како стануваат дел од правниот систем, еден од начините е тоа што ги ратификуваме, но вториот е многу битен начин е тоа што нивните одредби кои ги пропишува, дали е тоа договор, дали е конвенција, ние треба да ги имплементираме во нашето домашно законодавство. Е, сега тука кога тоа го правиме ќе се вратиме на оној терен каде можеме да анализираме дали за сите меѓународни договори вклучително и на оваа Европска конвенција се сите одредби обврзувачки. Дали има таков карактер Меѓународниот договор кој е ратификуван или согласно правниот систем на оваа држава не сите норми се обврзувачки затоа што познато им е барем на правниците дека имаме и други видови на норми кои ги имплементираме, ги ставаме во нашето законодавство, но не значи дека се обврзувачки.

Сега, ако се вратиме на теренот на оваа Европска конвенција за која дискутираме мора да кажам една работа. Читајќи ги одредбите од Конвенцијата

може да дојдеме до заклучок дека не се сите глави, предвидени во Конвенцијата, обврзувачки. Обврзувачки се само 3, тоа е Глава I, II и VI.

Дозволете да ви прочитам што предвидуваат тие глави во конвенцијата со која сме обврзани да го почитуваме.

Глава И го дефинира државјанството и поимите во Конвенцијата. Значи, го дефинира, таква одредба немавме, сега се воведува со член 1 што значи дека таа обврзувачка норма од Конвенцијата сега ја применуваме.

Глава ИИ го определува правото на недискриминација на државите по основ на пол, раса, боја на кожата, религија, етничко и национално потекло и тоа Македонија го уредила со Уставот и законите во поглед на еднаквоста на граѓаните пред Уставот и законите во правата и слободите.

Главаа ВИ го уредува прашањето за државна сукцесија и државјанството што Македонија го апсолвираше уште во 1992 година иако не склучила договори по тоа прашање со земјите сукцесори на поранешна СФРЈ.

За сите други прашања Република Македонија е слободна да го уреди државјанството според своите потреби и дискрециони права. Тука колешката Којзеклиска кажа една работа која е вистина дека и кога се носеше Конвенцијата поточно кога ја прифаќавме таа Влада и тој Парламент ставил одредени резерви и забелешки и тоа во правец на оние заштитни механизми што Република Македонија во тоа време, а мислам дека и денеска треба да ги има, меѓу другото, членот 3 ставот 2 кој е еден од најактуелните, тоа е должината на престојот во Република Македонија .

Според тоа, не треба да ги гледаме работите дека се она што некој ни налага анблок терба да се прифати, сепак домицилното право, правото на нашата држава е приоритетно и тоа треба да го градиме врз основа на услови онака како нам ни одговараат не исклучувајќи ги нормите на Европската конвенција.

Одтука со право се поставува тоа прашање зошто членот 3 ставот 2 значи тој услов да се стекне државјанство со природување да има, до поднесувањето на барањето, законски постојано да живее на територијата на Република Македонија најмалку 8 години и се отвори таа дебата зошто Владата како предлагач го препорача токму рокот од 8 години имајќи го предвид дека претходниот беше 15 години. Не е мала должината на скратувањето на рокот, тоа е цели 7 години. Зошто се отвори прашањето? Логично. Дали Македонија во период 1992 до 2003 година толку созреа, толку нема опасности од вештачки миграции, да не спомнувам се она што ни се случуваше последните години како бегалски кризи, војни и тн. дали

Македонија толку почувствува сигурност дека тој рок треба да го скрати дури за цели 7 години. Значи прашањето зошто го определивме токму рокот од 8 години кога многу други европски земји каде се далеку, далеку и социјално и економски и безбедносно и политички постабилни од нас имаат повисок рок на законски престој. Тука се примерите на Италија од 10 години, примерите на Швајцарија од 12 години, Сашко Кедев го образложуваше примерот со Словенија и да не редам други примери затоа што, ако ние секогаш тргаме од некои европски земји што овде ги набројувате како пример 7 години рок, 5 години рок итн, и ако секогаш се водиме по тие земји кога нешто треба да дадеме, значи тоа правило стално го применуваме , а друг пат кога треба да се водиме да бидеме пример и да бидеме еднакви со тие земји, тогаш сме далеку, далеку заостанаи во секој поглед зад нив.

Една друга работа на крајот на краиштата тие земји се подолго членки на ЕУ и на сите оние меѓународни институции, за жал, ние и со еден ваков закон што ќе го донесеме, најверојатно ќе го усвоиме, минимум што треба да чекаме, да не бидам песимист, меѓутоа, се најмалку 10 години, ако и толку даде господ ќе биде добро, меѓутоа, и минимум 10 години па да дојдеме на лситата на чекање за некаква ЕУ. Повторно да не го повторувам примерот со Словенија, таа е на вратите на прием во ЕУ, не прави вакви отстапки како што ги правиме ние.

За другите одредби кои сте ги инкорпориларе во членот 3 прифаќам дека држат место и оправдување заради тоа што тоа веќе значи директна имплементација на Европската конвенција и оние проблеми со кои сме се соочувале во текот на издавањето на државјанството итн.

Сега да одиме понатаму што предизвика најголем проблем и најголеми дискусии кај сите пратеници кои овде ги слушав. Тоа е спорниот член 8 од измените на Законот, членот 11 од постоечкиот текст на Законот, каде да бидам искрен не само што според претставниците на Владата кога опозицијата зборува за тој член сее магла или владее конфузија во неа, меѓутоа, очигледно Владата сее магла, ама и кај пратениците од парламентарното мнозинство владее конфузија, затоа што почитуван министре ако ги разгледавте, а ги разгледавте амандманите ќе видите дека токму такви амандмани доаѓаат и од страна на позицијата, а секојдневно доаѓаат и амандмани и од Владата, денеска го добивме и она што не прави збунети.

Ако толку упорно ве критикувавме, зошто се откажувате од терминот македонци по потекло, за да го ставите граѓани на Република Македонија по потекло од Република Македонија, денеска навистина повторно ме збунивте уште еднаш, сега дури се откажавте и од граѓаните. Сега сме сите странци дефинитивно, немаме

ни граѓани, меѓутоа немаме ни македонци. Инаку да ве потсетам образложението на господинот министер Хари Костов беше граѓани по потекло од Република Македонија спаѓаат и македонците по потекло, покрај другите. Не верувате? Да ви го читам експозето? Ќе губам многу време, меѓутоа тука е. Значи образложението на Владата е по однос на овој амандман дека токму оваа реченица правела забуна и за да не прави забуна, бидејќи сме ние многу јасни кога нешто кажуваме, ме чуди зошто другите не не разбираат, дајте да го повлечеме тоа и сега е ептен јасно, дури сега ништо не се знае. Јас ќе се потрудам ако треба господин министер и додатно да ми објасни, со оглед дека имаме нова имовина, што остана сега од овој член. Членот 11 кој два три пати го менувате вели: “Странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 1 и 8”. Точка 1 е 18 години, точка 8 беше безбедносните критериуми на овој закон, може со природување да се стекне државјанство на Република Македонија, ако тоа претставува особен научен, културен, економски, спортски или друг национален интерес, понатаму нема, тоа е бришано, а особено за македонците по потекло и тн. Отпадна, отпадна и ставот 2, каде што дури сега незнаеме што се претпоставува под национален интерес господине министре. Зошто предизвика толкава дискусија. Од многу пратеници, од многу дискутанти кој што овде не убедуваа слушавме разни дискусии каде што спрема многу нив не се правеше разлика меѓу македонец по потекло и граѓанин, односно сите граѓани по потекло од Република Македонија. Јас на една моја реплика на една колешка упатив дека тоа не е исто ниту терминолошки, ниту суштински. Дека има очигледна разлика. Меѓутоа, јас се прашував уште кога го добив законот со едно првично читање на законот ми падна во очи зошто се брише и зошто се става став 2 и барав да видам во тоа образложение на законот, да видам кои се причините поради кои се става или се брише една ваква реченица и за жал не видов буквално ниедна реченица образложение зошто тоа беше потребно да се избрише. Значи, од што водевме? Многумина, почитувани колеги, ќе прашаат дали е ова замена, поточно ова бришење случајно, или пак некоја ненамерна техничка грешка. Други пак ќе прашаат или ќе констатираат дека станува збор за суштинска разлика. Трети пак ќе го постават следното прашање: Зошто Македонија секогаш мора да биде исклучок и тоа во услови кога сите соседни земји применуваат исти инструмент за своите сонародници по потекло, како на пример да ви прочитам неколку. Република Грција овозможува грчко државјанство за сите грци по питекло кои живат надвор од границите на Грција. Република Бугарија, овозможува бугарско државјанство за сите бугари по питекло кои живеат надвор од границите на Република Бугарија.

Република Србија и Црна Гора исто така, овозможуваат државјанство на сите срби и црногорци по потекло кои живеат надвор од границите на таа држава. Република Албанија, мислам дека ви е јасно не само што овозможува на сите албанци по потекло кои што живеат надвор од Република Албанија државјанство, туку почитувани претставници на Владата на Република Македонија, за нив не е никаква дискриминација да имаат и по две државјанства, мислам за албанците и да живеат и во Република Македонија, да се државјани на Албанија, а од друга страна и државјани на  Република Македонија и тоа не е така мала бројка. Точните бројки нема јас да ги зборувам, бидејќи Владата на Република Македонија ги знае подобро, меѓутоа, таква состојба ние имаме и во Парламентот, во Владата со тие двојни државјанства и тн. Значи, нивната грижа за своите сонародници по потекло е далеку подобра во однос на нашата. А ние, бидејќи сме секогаш први каде што не треба, си го избришавме и тоа право кое досега го имавме. Сега, значи многумина прашуваат, меѓутоа одговор нема. Одговорот почитувани колеги од претставниците на Владата на Република Македонија, значи не чув ни јас, не чувте ни вие, освен што истите се трудија да ги заменат тезите и како по обичај да ја обвинат опозицијата за се што се зборува спротивно. Дека станува збор за суштинска разлика помеѓу овие два термина, дозволете ми да дадам едно свое толкување. Имено, македонец по потекло, или македонец по род незначи ништо друго освен етнички македонец кој живее било каде во светот. Исто така, и албанец по потекло значи етнички албанец ккој живее било каде во светот. Да не одам понатаму, за србин, за хрват и тн. тоа е идентична работа. Оттука, граѓанин по потекло од Република Македонија претставува секој граѓанин на државата Македонија, независно од неговото етничко потекло. Како секој албанец, секој турчин, секој србин, секој влав, секој ром, секој египќанец, секој бошњак, со државјанство на Република Македонија. Ако некого испуштив, поправетеме. Сега е тука одговорот на замената на термините. Значи, не е ништо случајно, особено не овде. Предлагачот намерно воопшто тоа не случајно воведува чист граѓански концепт при стекнувањето на државјанство со особен национален интерес, поистоветувајќи го доминантното македонско население, истотото она кое со векови ја создавал својата матична држава со сите заедници во Република Македонија кои што ги набројав во позиција на претпоставен национален интерес. Со досегашната формулација тоа не беше можно.

Почитувани колеги, ако Република Македонија е држава на мекедонскиот народ, онака како што е прокламирано во преамбулата, кои што народ рамноправно живее и со останатите заедници, ние не можеме така преку ноќ да го

бришеме поимот македонцки по потекло, ниту поимот македонски народ што толку Владата се плаши да го спомне во своите проекти. Ова почитувани претставници на Владата тврдам дека не е случајно, од проста причина што некои пратеници, некои граѓани на Република Македонија војна поведоа во Република Македонија за да го елиминираат она кое што до сега стоеше во Уставот. Дури првите варијанти на Охридскиот договор, или Рамковниот договор беа во таа насока. Меѓутоа, не им се оствари се, така да преамбулата остана со решението дека оваа држава е сепак носител на државноста е сепак македонскиот народ. И ако така гледаме, така треба да ги пишуваме и текстовите на овие закони.

Впрочем, почитувани преставници на Владата на тоа не упатува и Уставот. Дозволете ми да прочитам една одредба од Уставот, тоа е членот 49, каде што се вели: "Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив". Тоа е став 1. Став 2 е: "Републиката се грижи за културните, економските и социјалните права на граѓаните на Републиката во странство".

Би сакал да ве прашам и вас и сите колеги, дали, има и амандман, меѓутоа, не ги променува овие, само се додава дека не навлегуваме во некои туѓи интереси и тн., го знаете тоа, затоа и не го читам. Зошто го читав ова господине министре, за да ви кажам дека Уставот прави разлика и не случајно ги одвои категориите, повторно да ви прочитам, македонскиот народ во соседните земји, иселениците од Македонија, не од Република Македонија, како и ставот 2 каде се зборува за економските права на граѓаните на Републиката. Дали сте се прашале зошто овој Устав ги разграничува овие категории. Затоа што е многу јасно зошто. Затоа што и македонскиот народ и иселениците од Македонија не претставуваат ништо друго освен етнички македонец, а ставот 2 граѓаните на Републиката, се знае што претставува. Затоа во првата верзија, значи во првиот текст на законот стоеше дека се грижиме, поточно дека државјанство имаат од национален интерес, се претпоставува сите македонци по потекло и тука беа сите дискусии насочени. Вие тоа очигледно го сфативте дека е некаков проблем, па отидовте со варијанта да го избиршете и поимот граѓани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, од сега почнавме времето да го мериме, има уште пет минути до пауза, ако можете да завршите завршете, ако не ковертирајте ја следната реченица, па ќе продолжиме по паузата. Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, јас навистина незнам уште колку ќе зборувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Според тоа, можеби ќе продолжиме после пауза.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Во секој случај, ако ме прекинете, да речеме точно во 13,оо часот, јас ќе го завршам правото не само да го ковертирам со последната реченица, туку сигурно да ја повторам целата дискусија, бидејќи ќе треба да му освежам памтењето на некој, бидејќи ќе заборават.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е ваше право.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

И друго почитуван претседателе, можеби ќе бидам подолг во дискутирањето , затоа што бидете сигурни дека немам намера да го глумам господинот Кондарко повеќе пати да излегувам. Тоа ќе го направам еднаш и да не се повтоувам.

Значи, зошто се заменува тезата, повторно да се вратам на членот 8, да не ја повторувам, македонци по потекло се граѓани и сега оттука почитувани пратеници се поставува и прашањето, многу прашања се поставија, многу одговори не добивме, се надевам дека ќе ги добиеме, затоа што имаме време две недели ќе чекаме и тука е министерот. Се поставува прашањето, она што е клучно прашање, иако ја извртивте тезата, во тоа дека токму има поднесени барања, толку ќе се добијат, меѓутоа цело време зборувате за член 3 и за она колку престои треба да има и тн., никаде не зборувате под која претпоставка и колку национални интереси ќе има оваа држава или оваа Влада и на колку да ве прашам албанци, на колку турци, на колку срби, власи и тн., ќе претпоставиме национален интерес и ќе се стекнат со државјанство надвор од членот 3 без оние процедури да се поднесе барање и тн., да има толку престој. Тука е суштинското прашање. Исто така, она за кое што опозицијата го зборува, вие не го прифаќате, не ги прифаќате тие бројки кои што зборуваме и јас ви кажувам каде е полето на сомнеж. Значи, тоа не можете да

го одговорите, затоа што не претпоставувате оваа Влада се што може да направи и јас лично не претпоставувам како е тргнато нема да биде 99% золемување на населението во Република Македонија. Исклучиво од албанци, а ние престанавме да раѓаме деца. Према тоа, тоа е суштинската дилема за која што цело време овде како опозиција зборуваме. Сега пак ако се надоврземе на претходниот член, значи не е членот 8, значи членот 5 од измените на законот каде што сега ставот 1 останува ист, меѓутоа ставот 2 е дефиниција што е поимот иселеник. Владата на Република Македонија почувствува дека во законот нема дефинирање што претставува иселеник и се потруди тоа да ни го дефинира. Еве како го дефинира. Иселеник во смисла на овој закон, не во некој друг, се смета граѓанин на Република Македонија. Почитуван министер, ако веќе го бришевте ова во членот 11, граѓани на Република Македонија, бришете го и од овој член. Нека нема ништо, подобро е. Се смета граѓанин на Република Македонија кој се иселил од Република Македонија во друга држава, освен во матичната земја без оглед на полот и тн. Значи, опфаќаме термин матична земја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, објавувам пауза, а вие ако можете да продолжите по паузата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Да кковертирам матична земја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Матична земја, ковертирајте. После господинот Караџоски е пратеникот Лилјана Поповска, Хусеин Хусеинџеват и Тито Петковски.

Објавувам пауза до 14,оо часот.

(ПО ПАУЗА)

(Седницата  продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски дали ќе го отворите вашиот ковертиран збор?

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе мора да констатирам дека сепак е ова преседан во досегашното искуство. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, тоа е изненадете ме?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Да, точно изненадете ме, но сепак во дискусија да се даде пауза навистина досега не било случај, но еве и тоа ќе го прифатиме.

Мора да бидам искрен дека сега се наоѓам пред една дилема, ако тргнам од оној факт дека многу ученици, меѓу кои можеби и јас кога учев, кога професорот ќе ме прекинеше некаде на средина на лекцијата и се поставуваше прашањето да продолжам и да се вратам од почеток, со оглед дека така подобро ја знаев лекцијата. Сега кога после еден саат пауза, искрен да бидам, освен конвертираното што го кажав, друго и заборавив што сум зборувал, се појавува дилема дали да почнам отпочеток, или да продолжам онаму каде што би требало да завршам. Ако почнам од почеток треба да го скратам правото на другите што се пријавени после мене, но, колку да не биде ова испрекинато, дискусија во епизоди ќе ги повторам само главните тези што ги кажав.

Суштинските измени во членот 3 се намалува рокот од 15 на 8 години. Го поставивме прашањето зошто тоа Владата го пресметала и врз основа на кои критериуми смета дека треба да се прифати осум години, а не осум, не десет, не повеќе од десет, или зошто да не се задржи 15 години. Самото објаснување дека тоа го налага Европската конвенција кажавме дека сепак да не е обврзувачка одредба и дека при нејзиното склучување ставивме резерви. Според тоа рокот не е мал, намалување 7 години и оттука произлегуваат сите оние забелешки кои ги кажав.

Втората теза која е најмногу екслоатирана беше зошто се брише “македонци по потекло” во членот 8, или во членот 11 од стариот текст и тој истиот се заменува со “граѓанин од РМ, по потекло од РМ”, кој што термин укажавме дека не е соодветен со целта на законот и термин кој што ги прави сите нејаснотии и забуни во она што го кажуваме.

Мора тука да повторам дека “Македонец по потекло” и “граѓани по потекло од РМ” не е идентична работа. Сметам дека е суштинска и дека не е ништо случајно зошто е тоа така предложено. Или чисто кажано тоа е една политичка волја или политички договор особено на СДСМ и ДУИ за да се задоволи нечија желба. Инаку, немаше ништо да смета, ниту Европската конвенција би правела проблем доколку стои “ Македонци по потекло”, како што е во сите други земји стои таква одредба.

Тука е логично да се постави национален интерес, тоа од аспект на она за кое велев дека во оваа држава доминантно население е македонското. Аналогно на тоа примените и одредбите според Уставот каде што се дефинира во членот 49, кој што го прочитав каде што се спомнува дека Македонија се грижи за припадниците на македонскиот народ итн.

Ме прекинавте кога зборував за членот 5 од измените , за иселеник, категорија која што сега се дефинира. Прочитав која е дефиницијата, ме прекинавте кај поимот што значи матична земја, како тоа го разбираме и од што произлегува. Излегоа многу дилеми и во настапите на медиумите слушнавме од претставниците на Владата разни толкувања. Едно од почестите беше дека матична земја е онаа земја, онаа последна земја од која што иселеникот излегол пред да го прими другото државјанство на земјата каде што пошол. Таму беше наведен некој пример со Полјак итн., кое што објаснување, ако е тоа така наметнува една дилема која беше овде многу пати експлоатирана, кажана, што ќе се случи со оние Турци од 1955 година кои што заминале ако така се толкува матичната земја. Што ќе се случи доколку и тие изразат желба да го примат државјанството на РМ согласно овие критериуми. Тука се отворија бројките од 220 илјади итн, итн., да не ви повторувам сето она што беше претходно искажано.

Тоа е од прилика што мислев да го кажам и не би било на одмет уште пет минути да ја одложевте седницата, да не даравте пауза би завршил а сега после еден саат пауза навистина се губи искуството на дискусијата и самата желба да се отвара повторно.

На крајот би заклучил.

Колеги пратеници,

Денеска сме исправени пред сериозен закон. Да се поведеме сите од она што значи национален интерес на оваа држава. Да отвориме очи пред она што го гласаме. Да имаме малку повеќе слух и разбирање и на оние колеги кои што поднесоа амандмани, кои што амандмани во голем дел се базираат токму на овие тези, на овие дилеми и сепак да донесеме, ако веќе го носиме овој закон, еден закон кој што би бил повеќе прифатлив за Македонците односно македонските граѓани отколку за некој однадвор затоа што сепак ние тука живееме и да донесеме закон со кој што во никој случај, не смееме да се откажеме од македонците по род кои не живеат во РМ, бидејќи без македонците по род оваа држава не може така лесно да опстојува, а да го земеме и примерот на сите други кои што водат сметка и за своите

иселеници и за своите нации кои не живеат во матичната односно во Републиката односно каде го регулираат државјанството.

Од тие причини нашите забелешки по овој закон мислам дека треба да бидат на некој начин уважени или пак во најмала рака амандманите што тука се предложени да бидат прифатени како не би дошле во ситуација да усвоиме еден закон кој што ќе има рефлекси во понатамошното делување.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Има збор пратеникот Љилјана Поповска, а нека се подготви пратеникот Хусеин Џеват Хусеин.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Амбициите на Република Македонија за влез во Европската Унија се јансо искажани од страна на Владата, но и од претставниците на сите политички партии во земјата. За таа цел треба да се обработат многу задачи од кои еден голем дел и од ова Собрание. Владата има обврска и мандат да ја предлага динамиката и приоритетите на зацртаниот пат. Собранието ја следи и ја контролира работата на Владата и низ парламентарната расправа преку консултација на стручната јавност и своето избирачко тело ја дава конечната верзија на законите. Притоа, право и обврска е на секој пратеник да придонесе да се донесат што подобри закони во интерес на државата и нејзините граѓани. Накусо, во тоа е и убавината и вредноста на парламентарната демократија.

Во нашата работа некои рокови нас не бркаат, други ние ги бркаме, па некои работи мораме и да протрчаме и да претрчаме, но, некаде треба и да се задржиме. Онаму каде што се задира во деликатни сфери за да не се направат штети или да не се стекне впечаток дека се прават штети кога политичкиот ефект е речиси подеднакво лош.

Сметам дека е извонредно важно нашите активности да бидат правилно разбрани и прифатени од граѓаните зашто на патот кон Европа можеме да одиме само заедно со граѓаните.

Законот за државјанство е еден таков важен и деликатен закон кој се однесува буквално на сите граѓани на РМ. Оттука, сосема природно е што неговото предлагање во Парламентот побуди голем интерес и внесе вознемиреност во

одредени кругови. Причините за реакциите ги гледам во итноста на предложената постапка и во измените што се предлагаат во оваа сфера каде доминантен белег има либерализацијата на постапката за добивање на државјанство. Во наши македонски услови, со сето наше историско паметење ова е жешка тема. Дека е така, ќе илустрирам само со Анкетата на А1 телевизија со отворената дебата на истата тема која покажа дека дури 88% од јавените гледачи се плашат од предложените измени на Законот за државјанство. Оваа бројка секако не е репрезентативна но е многу индикативна. Се надевам дека дел од тие стравувања се намалени по одредени објаснувања во изминатите два месеци.

Како пратеник чувствувам обврска да реагирам околу Законот и да се обидам да го подобрам текстот преку одредени амандмански интервенции. Моите севкупни забелешки се однесуваат на неколку аспекти.

Прво, се залагав законот да не се става на дневен ред по итна постапка, ниту пак да оди во една фаза поради причини што веќе ги споменав. Изминатите два месеци покажаа дека итноста не била нужна и дека можевме да истераме една постапка во повеќе фази, со повеќе спокојство и помалку нервози.

Второ, сметав дека времето на носење на овој закон не е најсреќно одбрано поради тоа што предвидува значителна либерализација на постапката за добивање државјанство при непостоење изградена миграциона и демографска политика, ниту исполнување на други услови за да може да се каже дека имаме добро организирана и ефикасна држава на сите нивоа. Во моментов РМ, го нема постигнато својот оптимум. Напредуваме, се разбира секојдневно, но ни треба уште време за нови закони и нови мерки. Нашата земја не е голема, ниту економски развиена за да може без ризик да поднесе нагли промени во бројот на населението. Но, и многу побогати и поголеми држави строго водат сметка за миграционата политика и лицаста на кои им се издава дозвола за престој. На пример Р.Словенија во Законот за странци одредува дека нивното Собрание носи резолуција за миграционата политика со сите стопански, социјални и други аспекти, што е основа за определување годишни квоти за дозвола за престој на странци по разни категории, вклучително и за вработувања. За строго контролираниот режим за влез во големите и богати земји од прекуокеанот сите знаеме. Значи, влезот на странци, нивниот престој, како и добивањето државјанство се категории за кои секоја добро организирана држава води сметка. Затоа, за мене е логично и ние да се угледаме на поразвиените и поуспешните и да си ги обезбедиме сите механизми со кои ќе водиме активна и регулаторна политика за протек на луѓе и стоки низ земјата.

Со оглед на големиот број закони што треба да ги усвоиме од Рамковниот пакет и тн., Проевропски пакет според мое мислење овој закон требаше да дојде некаде кон крајот на листата на приоритети, токму како што направи Словенија. Си ја среди државата во сите сфери и пред една година непосредно пред приемот во ЕУ ги направи неопходните усогласувања со Европската легислатива и во оваа сфера.

Поради сето ова предложив три амандмани со кои се одлага важењето на овој закон и тоа во три варијанти.

До 1.01. 2010 година, кога би требало да сме поблиску до приемот во ЕУ, а со тоа и до организирање на државата на сите нивоа.

Втора варијанта, до 1.01.2005 година, кога се очекува да го имаме завршено Рамковниот пакет, спроведено од локалните избори и дојдено до една постабилна состојба на секој план и

Трета варијанта, под еден минимален услов, до 01.06.2004 година, кога треба дефинитивно да се знаат резултатите од пописот со сите негови аспекти. Сето ова со цел да се избегнат можните шпекулации со штетни политички последици.

Дополнително заедно со колегата од ЛДП, г-динот Петар Апостолов поднесовме амандман за зголемување на рокот за неопходен престој во земјата како еден од критериумите за добивање државјанство и тоа од 8 на десет години. Не гледам ниедна причина зошто нас би ни одговарало полиберално решение поради веќе погоре споменатите причини.

Трета моја забелешка се однесува на содржината на Законот.

Има повеќе недоречености и решенија што би можело и поинаку да се формулираат. Но, за мене како најкрупен пропуст претставува исфрлањето на можноста за приоритетно добивање државјанство за македонците по потекло, што постоеше во претходниот закон. Поради тоа, со колегата Петар Апостолов, од Либерално Демократската партија поднесовме амандман за враќање на старата формулација во сегашниот текст.

Како аргументација би го навела следното.

Прво, пред се македонците по потекло се уставна категорија според членот 49 од Уставот на РМ. Ние немаме право со Закон да го менуваме Уставот. Тој е рамка и обврска за сите нас. Сметам дека не смееме да го доведуваме во прашање концептот на државата сега, две години по донесувањето на Рамковниот договор според кој се смени и Уставот.

Втор аргумент, поради историски околности Македонија има голема дијаспора од етнички македонци. Повторно според Уставот има обврска да се грижи за нив.

Трет аргумент, грижата за сонародниците по светот е прифатена практика и во многу европски земји и ние не треба а се срамиме од тоа. И во времето на глобализацијата се негуваат спецификите на поединечните национални култури како дел од заедничкото културно наследство на овој мултикултурен свет. Токму во тоа е и убавината и богатството на мултикултурата. Ќе посочам само неколку примери како е тој интерес регулиран во некои законодавства.

Што се однесува до Словенија на пример, посебен третман имаат Словенците по род и во Словенечкиот закон за државјанство и во нивниот закон за странци. Ова е базирано врз нивниот Устав, а дополнително потврдено со резолуција на словенечкиот Парламент од јануари 2002 година, во која недвосмислено се вели: “Република Словенија е заинтересирана за враќање на словенците по светот во Словенија, како и за населување на нивните потомци.

Република Словенија е заинтересирана на лицата со словеначко потекло што имаат активна врска со Словенија и што тоа го сакаат да им овозможи добивање словенечко државјанство”.

Во нивниот Парламент постои и специјална комисија за односи со Словенците по светот во која членува и претставник на Унгарското и Италијанското малцинство.

Друг пример. Полска со речиси со 40 милиони народ во своите граници има дури и посебен закон за добивање државјанство за Полјаци по потекло, покрај општиот закон за државјанство. Тие имаат исто така развиена државна мрежа што се грижи за Полјаците по светот тн. Полонија ја викаат својата дијаспора и во неа е вклучена и владата и парламентот, каде што исто така постои посебна Комисија.

Бугарија, Грција, Ирска, Балтичките земји, сите како примери ако гиземеме имаат законски регулиран интерес за населување тн. лица по род во своите земји. Како што се гледа се работи за Европски земји и земји кои наскоро ќе бидаст Европски. Сите тие проценуваат дека е тоа нивен национален интерес и не оставаат да се подразбере туку го регулираат законски. Притоа никој не го оспорува граѓанскиот карактер на овие држави. За што тие секако ја регулираат и грижата за секој свој граѓанин, независно од етничкото потекло. Токму онака како што правиме и ние во Македонија и на планот на законската регулатива за човековите права и почитувањето на различностите, сме веројатно меѓу најевропските држави што секогаш го истакнуваме со гордост.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас би сакала амандманите што ги поднесов сама и со мојот колега Апостолов да ми бидат прифатени, за што сум убедена дека би биле суштински придонес за подобрување на законот но и за една потолерантна атмосфера меѓу политичките субјекти. За што нас не чека уште многу работа,  а во подобра атмосфера и резултатите од работата се подобри.

Исто така очекувам, Владата да не остане само на овој закон, туку да го доекипира  и со други закони, а и под законски акти, но и други конкретни теренски мерки од оваа сфера, преку кој ќе се добие еден конзистентен систем во функција на државата и на нејзините граѓани со кој навистина ќе се доближиме до европските стандарди.

Но, настрана од овој закон, јас сепак се надевам дека дел од дискусијава и моја и на другите колеги што беше искажано во текот на сиве овие денови ќе биде поттик во некоја друга прилика да дебатираме специфично насочени кон некој од следниве теми. Миграциона политика, демографска политика, грижа за сонародниците. За овие теми нема рокови, тие се одамна изминати. Меѓутоа поарно е некогаш да се почне отколку никогаш.

Јас само би сакала едно лично обраќање до минисетерот Хари Костов, јас се обидував да го разберам објаснувањето дека содржината на нашиот амандман со колегата Апостоловски постои и е вграден во законот. Морам да признаам дека не успеав во тоа, со колегата не успеавме да ги прочитаме нашите заложби за македонците по потекло во текстот и затоа и останавме на предлогот. Меѓутоа, добро е и морам да изразам задоволство што со министерот се соглсуваме дека Македонците по потекло се национален интерес и тоа ме радува. Меѓутоа грижата е во тоа што доколку дојде некој друг министер некогаш и кој што нема да го подразбира тоа во законот, бидејќи нема да го пишува во Законот тој може би нема ни да го применува. Сепак Законот и уредбата не се едно исто.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за внатрешни работи Хари Костов, повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Само кратко на последното, затоа што немам намера да дискутирам со претходните објаснувања, министерот за внатрешни работи кој и да е и јас или некој друг не ги толкува законите, тој ги применува. Толкувањето може да биде само од

Законодавно-правната комисија и од Собранието на Република Македонија . Според тоа членот 8 е јасен и кога ќе се усвои законот, тогаш може евентуално дополнителни толкувања да се бараат, меѓутоа, не зависно од тоа кој е министер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот лаже Стојановски има реплика.

Повелете, три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ставовите искажани во излагањето на колешката Поповска законските измени да не бидат во итна постапка донесени, времето дека не е нај адекватно, заради недоизградената демографска политика, почетокот на примената на овој закон да биде со приемот на ЕУ, како и доследното почитување на Уставот во однос на грижата за макеоднскиот народ и она што треба да го има предвид Собранието при гласањето. Истовремено, сакам да ја поздравам демократичноста во ЛДП, затоа што добро е што има пратеници кои не се заробеници на директивите на Владата и нивната партија кога се во прашање националните интереси на макеоднскиот народ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали има некој реплика? (Нема)

Збор има г-динот Тито Петковски, а потоа е пратеникот г-дин Слободан Даневски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине претседател, почитувани колеги, почитувани пратеници, г-дине министер,

Бев инспириран синоќа од една дискусија и затоа сношти се пријавив за збор. Веднаш на почетокот да кажам дека малку самокритички по ништо не се разликуваме од првиот состав на макеоднскиот повеќепартиски парламент. Простете, можеби некого ќе навредам, ама не сме напреднале ниту во реториката, па ако сакате ниту и во сверата на политичката култура. Се е исто како да во Македонија времето застанало. Кога станува збор за вакви чувствителни прашања, се прекршуваат на линија односот макеоднци-албанци и тука на таа линија се добиваат или се губат политичките битки. А, тоа е реалноста во Македонија. Мислам дека мораме нешто да промениме. Очигледно е дека ние тешко се менуваме како луѓе, како пратеници, како политичари. Но, во нашата работа нешто мора да промениме.

Прво, мислам дека крајно е неефикасно три дена, можеби четири, а можеби и во понеделник ќе расправаме за ова прашање, а дефинитивно сите да си останеме пак на сопствените позиции. Што би рекол нашиот народ не сме заработиле ниту за сол за овие три дена. Јас почитувам политичкиот плурализам, тој е легитимен, сите ние овде сме од различни партии и браниме свои ставови, свои политички позиции, но конечно интересот е Макеоднија да тргне.

Јас само сакам да ве потсетам Македонија беше по дисолуцијата на некогашна Југославија, една од најреферентните некогашни републики во составот на СФРЈ со Словенија заедно. Погледнете сега каде е Словенија, а каде е Македонија. За тоа наше место, покрај другото и ние имаме вина. Сите што се бавиме со политика, па вклучително и овој состав на Макеоднскиот парламент. И, кога реков не сме напреднале ништо на планот како да дојдеме до остварување на државните цели и националните интереси. Сега сите ламентираме на судбината на макеоднците односно на албанците овдека. На нив, сакам да виречам, во дијаспората ,оние кои се во САД, во Канада, во Австралија, па ако сакате и во сите , еве да не ширам , освен во Албанија животот им е многу подобар отколку на макеоднците во Македонија, а и на лабанците. А, ние и натаму ламентираме над нивната судбина. Тие се граѓани и државјани на САД, на Канада, Австралија, на Бугарија и т.н. , како што макеоднците се во Албанија граѓани и државјани на Република Албанија. Значи, видете каде отиде човечштвото, веќе гради една универзална држава, а ние сеуште сме затечени, заробени во темата макеоднци и албанци и на таа релација бараме спас едни за други. Сметаме дека едните им пречат на другите. Видете, од овде, ако направите само еден пресек во досегашната расправа, ќе видите дека до колку се усвои по либерален закон за издавање на државјанство или за стекнување на државјанство во Република Македонија , веднаш се чувствуваат повредени макеоднците, оти ќе ги има помалку. И, обратно, ако биде малку поригорозен законот законот за стекнување на државјанство, албанците веднаш сметаат дека се повредени нивните интереси и дека тие се дискриминирани. Значи, во оваа држава се се сведува на бројките, а ние дадовме , земавме обврска со Уставот дека ќе градиме цивилно граѓанско општество. Тоа подразбира многу повеќе да му посветиме внимание на човекот, на поединецот како основниот градежен материјал на едно цивилно општество, без разлика дали е тој макеоднец, албанец, турчин, влав, ром и т.н. Значи ако сакаме да бидеме составен дел на овој развиен свет, цивилизиран свет, како велиме на ЕУ, ние тие стандарди мора да ги почитуваме. Па нели, впрочем прастара е мудроста на едне филозов,

дена ние пред се сме луѓе, а сосема случајно сме припадници на некоја нација или етничка заедница . Како да дојдеме до тоа во ова наша Макеоднија кога ние толку се измачуваме со години наназад плашејќи се на бројките. И уште две илустрации. Видите сега со пописот што ни се случува. Не сум во темата, ќе видите, бидејки тука често се говореше за овој податок. 64% се сега македонци, зголемен е бројот на албанците во Република Македонија по пописот. Веднаш на старот имате реакции. После првото соопштување на податоците, имате реакции најразлични и најгласни се реакциите на политичкит епартии и другите субјекти, кои што се организирани на една етничка основа. Никој од нив не е задоволен. Сите очекувале да ги има многу повеќе по пописот. Пак, значи, станува борба за бројката да не има повеќе како припадници на етничка заедница, а не како напредуваме како луѓе во едно цивилно општество што сакаме да го градиме. Денес во насловот на еден дневен весник ќе сретнете Паралелен слалом, условно речено, професорот Панов и професорот Селмани говорат на истата страница за истото прашање. Професорот Панов како макеоднец вели дека албанците не може да ги има повеќе од 15%, а професорот Селмани како албанец говори дека албанците не може да ги има помалку од 28%. Професори и интелектуалци. На иста катедра се, на катедрата по географија применуваат исти стандарди, применуваат исти научни стандарди, кои што се верификувани. Науката има универзална вредност. Од каде тој порив кај луѓето како научни работници од сосема друга дијоптрија да ги гледаат состојбите ког астанува збор за пописот. Значи, пак интелектуалците се страшно многу, како и ние впрочем овде, оптоварени со прашањето или феноменот на бројките, да не има повеќе. А, зошто да не има повеќе? За да има супремација едни на други или заради тоа само ако не има повеќе , можеме да оствaруваме некои права како етнички заедници. И, немој да ми забележат моите колеги, пријатели пратеници албанци, на пример, една анкета што беше направена неодамна од една асоцијација граѓанска на планот околу тоа какво е расположението меѓу макеоднцит еи албанците во Макеоднија по многу прашања кои се од суштествено значење за нашиот живот. Пак, на прашањето кое прашање од вас односно за вас има големо политичко значење, макеоднците одговараат дека има тоа големото количество на оружје и неконтролирањето на целокупната територија од страна на властите во Република Македонија . Албанците одговараат, на прво место го ставаат прашањето за статусот на Косово и се разбира, децентрализацијата на власта. По исто прашање, ќе видите дијаметрално спротивни одговори. Сега, можам и да го разберам одговорот на второто прашање, на пример зошто се загрижени за статусот на

општините, за децентрализацијата, за финансирањето, ама искрено речено не можам да разберам до таа мерка огромното мнозинство кои се произнела дека се загрижениза статусот на Косово. Со целиот респек дека станува збор за исти луѓе припадници на иста етничка заедница, многу семејства мешани, исти судбини, животни судбини, границата ги дели и т.н. Меѓутоа, живеат во една држава што се вика Република Македонија и за мене е многу поприродно да бидат загрижени за идната, за статусот и нашето интегрирање во европските интеграции. Не говорам дека не се, да не бидам погрешно сватен, но приоритетот така високо да стои прашањето за статусот на Косово во услови кога сите мораме да водиме грижа како Македонија да ја извлечеме од оваа беда, создава кај макеоднцит еи кај другите етнички заедници што живеат во Макеоднија, сепак една доза, едно чувство на резерва, зарем не сме исти род како луѓе, кои треба да мислат за својата татковина, за својата држава во која што живееме и во која што го оствaруваме сите животни потреби и интереси.

Сакав само преку овие три илустрации да покажам зошто во Македонија толку инсистираме на бројките. Сега, отворено слушнавме овде, мојот почитуван колега Ќедев и некои други , ако продолжи овој тренд со 64% македонци, за 10 или незнам, вие не употребивте година, ќе биде доведено во прашање опстојвуањето на макеоднците како етничка заедница. Значи, ние исто така сме исплашени, колку што нашит еколеги албанци овдека се исплашени зошто помалку не има или оние сите шпекулации што се направија околу соопштувањето на резултатите од пописот. А, ние имаме уставна обврска да градиме цивилно општество. Прашање е сега, како до него, како до остварувањето на таа цел да бидеме сите луѓе, да градиме едно такво општество ама не се разликуваме по етничка припадност. Јас мислам дека нашиот најголем проблем обично, да не бидам погрешно разбран, говорам она што мислам дека треба да го соопштам и она што мислам дека е добро, а не го говорам она штонекој сака да го слушне илинекој што мислидека треба така да се каже. Во ваа прилика ќе кажам, чувството дали сме припадници на една држава, држава како нација. И, ако сакате, дали може воопшто во една ваква еуфорична состојба , меѓуетнички зовриени односи да се отвори прашањето на макеоднска политичка нација односно макеоднска нација како политичка категорија. Дека како една збирна категорија од сите граѓани што живеат во Макеоднија, без оглед на тоа на која етничка заедница припаѓаат.Исто онака како што се тоа САД, исто онака како што е тоа Швајцарија, па исто онака како што е тоа Франција, Англија, Германија и сите држави. Нашата разлика е во тоа што многу приапдници на етничките заедници во

Макеоднија не сакаат да бидат макеоднци, а во САД луѓето сакаат да бидат американци или во Швајцарија сакаат да бидат Швајцарци. Да биде апсурдот уште поголем во САД вие немате најголема етничка заедница по чие име државата ќе го носи името. Нема американци по национална припадност, по етничка припадност. По национална, да, сите се американци и кинези, индуси и сите земји од Европа. Значи, тоа е еден конгломерат од раса, од бои, од јазици, од култури и т.н., а сите се американци. Во Швајцарија исто така немате доминантна етничка заедница Швајцарци, меѓутоа, таму живеат германци, французи, италијани, ретромани, ама сите се Швајцарци и сите се граѓани и државјани на Швајцарија. Е, сега, многумина ќе ми речете , а тоа сум имал можност да го разговарам со некои колеги, исто така, кои многу ги почитувам албанци дека во Македонија проблемот е во тоа што има доминантна категорија, доминантна етничка заедница што се викаат макеоднци и дека другите етничкизаедници би се нашле во подредена ситуација. Истата состојба е во Франција. Во Франција имате една третина од жителите на Франција кои штоприпаѓаат на нефранцуско етничко потекло, а сакаат да бидат французи и се французи. Поради тоа, сакам да ви речам дека колку ние сега да го држиме потиснато, мислам дека не можеме повеќе прашањето околу перспективата на Македонија како држава да го држиме под лед и да биде потиснато. Да кажеме отворено за што сакаме или што сакаме во догледен период да направием од Макеоднија, ако сакаме да бид естабилна држава, ќе бидеме сите загрижени во неа, независно на која етничка заедница припаѓаме. Впрочем , ако е овој наш сон некогаш реалност за една, две, три, четири, пет, десет или петнаесет години да бидеме сите членки на ЕУ, тогаш границите ќе се бришат. нема да постојат граници помеѓу Македонија и Бугариј, помеѓу Макеоднија и Албанија, мислам отвореност на границите во онаа смисла како што е денес во ЕУ. Тогаш, сите ќе бидеме пак заедно и макеоднцит еод Македонија со Бугарија, со макеоднците во Грција, во Албанија, ќе припаѓаме, практично ќе делиме иста судбина во регионот, ќе градимеподобар заедничкистандард, како и албанците кои што живеат и во Макеоднија и во Косово и во дијаспората и д.т.

И, да се вратам, да не ми рече некој дека бегам од темава. Клучното прашање околу ое спориме ние овдека, еве Владата даде една формулација, а денес имаме амандман сосема друга формулација. Прво имавме граѓани од Македонија можат да стекнат државјанствокои што се по потекло од Македонија, сега имаме странци. Па, реалност е тоа. Мислам  таа исто реторичка флоскула околу која не сакаме да се обединиме и да кажеме дека е тоа така. Македонецот што живее во Бугарија има

бугарски пасош, државјанин е на Република Бугаријаи тој е и понатаму по етничка припадност останува македонец. Македонецот, ако сакате, во САД македонецот е странец за Република Македонија , бидејки има американски пасош по потекло етнички од Македонија. Мислам тоа е формално правно. Луѓето пред законот апсолутно се рамноправни, независно дали потекнуваат од Кина, од Албанија, од Македонија или од Пакистан, кои што живеат во САД. Но, на ова ниво на развој , ако сакате на демократскит епроцеси во сите држави, прашањето имплицира сосема други заклучоци и резони. Е, ова ќе го поткрепам исто така со еден пример. Во 1997 година бев како претседател на Собранието во посета на Канада и го убедував мојот колега спикерот на Канадскиот парламент и некои други парламенти да почнат да ги охрабруваат бизнисмените од Канада да вложуваат пари во Макеоднија за развој на Република Македонија . Знаете што ми рече? Ми рече многу отворено, до колку вие , г-дине, пронајдете само тројца макеоднци од Канада, кои што ќе вложат во Република Македонија сопствен капитал, јас ќе убедам уште 7 или 10 канаѓани да дојдат во Макеоднија и да инвестираат. Што сакаше да ми каже? Ми кажа најилустративно, ако македонците не се загрижени за иднината на својата држава од која што потекнуваат, тогаш уште помалку очекувајте канаѓаните или другите луѓе од друго потекло што имаат канадско државјанство, да веруваат во иднината на вашата држава. Со ова сакам да ја потврдам тезата сите држави градат посебниодноси, градат мостови на соработка со луѓето кои потекнуваат од Република Македонија , од сопствената матична земја, во овој случај исто имаше дилема мојот колега Караџоски исто тука дебатираше околу тоа што се смета за матична земја и кои се граѓани, иако по нашиот Устав, тоа е соема јасно. Ние имаме жители, ама не сме сите граѓани. Во оваа држава има многу жители, меѓутоа, граѓани со статус на државјанство, бирачко право и т.н., сепак, се помалку. Значи, државите градат активен однос и тука е прашањето веќе не во сферата на правото, туку во сферата на емоциите. Дали макеоднците, кои живеат во Канада ние имаме право да ги наречеме странци. Јас прашањето ќе го проширам, не се работи само за макеоднците. За мене и албанците, турцит еи сите други, да не ги редам кои потекнуваат од Република Македонија, а живеат сега и се преселиле во потрага за подобар живот преку океанските земји или во соседните држави, исто така се макеоднци од албанско етничко потекло, од влашко, од турско, од ромско и т.н. Значи, несакајки да ја прифатиме категоријата македонци како политичка нација, ние безпоштедно овдека меѓу себе се исцрпуваме и на никого не помагаме, ниту на

макеоднците надвор, а Македонија се повеќе и пвоеќе тоне. Се повеќе сме далеку од интегрирањето во евроатланските структури.

И ако сакаме навистина да и помогнеме на Македонија, не само да кукаме над нејзината судбина, овие предрасуди мора да ги совладаме.

И да кажам практично, ова прашање можеби е рано да го отвориме заради огромната хипотека со која како луѓе, како пратеници, како политичари сите овие години сме оптоварени, но за прашањето за Законот за државјанство, Законот за територијалната поделба на Република Македонија, Законот за финансирањето на општините, прашањата кои имплицираат страсти какви што ги слушаме овие три дена овде, мораме да имаме посебна технологија, да седнеме и да се договараме. Не е битно кој е на власт. Порано беше ВМРО-ДПМНЕ со една коалиција, сега е СДСМ со една друга коалиција од албанскиот политички блок. Меѓутоа, Република Македонија оди се подолу, не напредува како држава во нашата интеграција. И Законот за државјанство, не е реторичко прашањето овде сега зошто не се носи во две или три фази. Законот за државјанство требаше да се донесе пред многу години, пред три години, ако сакате и 4 години. Еве, да не бидам пристрасен, употребувам бројка 3 години, па да не речете еве ние додека бевме на власт, мислам опозицијата. И порано, и претходната власт требаше да излезе со овој закон за да не се соочуваме сега со истиот проблем. Тој закон претпоставува, како што мислам и сега требаше исто да го направиме, концентрација на целокупниот политички, ако сакате и креативен ум со кој располагаме, со единствена цел да влеземе што побрзо, да се доближиме што побрзо до стандардите на Европската унија. А тоа значи ничија суета да не биде повредена, да ги ангажираме експертите, стручњаците, луѓето што се во политиката на политичките партии, за прашањето што имплицира неединство, за кое не треба да има, токму заради Македонија и нејзиниот интерес во Европа да седнеме и да се договориме. Мислам да седнеме позицијата и власта, власта и опозицијата. И, ако сакате, исто така, за прашања како што е Законот за државјанство, територијалната поделба, финансирањето, тука треба да си работат експертски тимови кои се ослободени од товарот што се вика политика. Кај нас се се политизира. Земјите кои тоа го сватија, еве, една Бугарија, скоро имав пример и можност да разговарам со луѓе експерти кои работат на планот на интеграција на Бугарија во НАТО. Тоа е истата екипа која работи 6-7 години. Се менуваат политичките партии, ама експертите остануваат. Не работат за ВМРО или СДСМ, работат за Република Македонија. Така направија многу поблиску и програма, и се обединија во Парламентот за интересите, националниот и државниот

интерес на Бугарија и еве, како што гледате, многу пред нас се. А кај нас, која партија да дојде на власт, таа мисли дека го има концентрирано во малиот прст целокупното знаење, сите други не знаат, само ние знаеме. Тоа беше и претходно, апсолутно, не иземам.

Според тоа, за овие прашања, кога реков на почетокот дека треба да имаме и пристап да го менуваме и Деловникот овде и да расправаме на начин на кој треба да расправа ефикасен Парлемент, но за клучните прашања мора да бидат ангажирани, за ваков закон, за да не ни се служува ова и од СДСМ и од ДУИ и од ДПА и од ВМРО и од сите други политички партии, ако сакате и од етничките заедници, за да може да се амортизира тензијата и да не продолжи Македонија да се трка со бројките. Што повеќе се тркаме со бројките, јас мислам дека трчаме, ама со засилено темпо назад. А тоа не е интерес на никого од нас.

Затоа, суетите на страна, мислам дека треба да собереме се што е квалитетно и креативно во оваа земја, независно од етничката и политичката припадност, да си помогнеме сами, а на тој начин ќе и помогнеме и на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Петковски.

Пред да дадеме реплика, очигледно е дека има голема желба да се дискутира, иако ги слушнавме ставовите и од позицијата и од опозицијата, некои се повторуваат, а јас стојам на став дека денес мораме да ја завршиме и затвориме оваа точка околу државјанството, да го донесеме или да не го донесеме овој закон. Затоа, по Деловникот, јас предлагам да работиме додека не се донесе законот, со тоа што од 17,00 до 18,00 часот ќе имаме пауза.

(реакција во салата од повеќе партии во врска со паузата).

Добро, ако почувствувате потреба од пауза, ќе кажете.

Предлогот е според Деловникот.

Тој предлог го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Прашањето за предлогот е:

Според Деловникот, член 64 став 4 седница на Собранието се одржува во времето од 10,00 до 17,00 часот, со пауза од еден час за ручек, ако Собранието за одделни седници поинаку не одлучи.

Како претседател на Собранието предлагам да се работи до донесувањето на овој закон.

Затоа, го ставам вака формулираниот предлог на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Пратеникот Коце Трајановски бара збор процедурално).

Прво да гласаме. Добро, го прекинувам гласањето.

Процедурално има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Процедуралното е во врска со ова што го најавивте дека Парламентот ќе продолжи денес се додека не се донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реков се донесе или не се донесе.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро, независно. Ќе го донесете сигурно, имате мнозинство, тоа е факт.

Ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ сакаме да укажеме дека не е вред ваквиот начин на работење. Имено, оваа седница и според Деловникот треба да трае до 17,00 часот. Доколку сметате дека треба да трае повеќе, тоа требаше да го направиме на почетокот на седницата, бидејќи нашите активности се планирани. Ние имаме средба со граѓаните, партиски активности и слично. (Реакции).

Дозволете човек да се искаже. Ако сметате дека треба да ја напуштиме седницата, ќе ја напуштиме, тоа не е проблем.

Мислам дека не е коректно, претседателе, сега еден час пред 17,00 часот ние да бараме продолжување на оваа седница, се додека се донесе или не се донесе оваа точка. Сметам дека разговараме веќе три дена за Законот за државјанство, ништо не е толку итно по овој закон да не се продолжи од понеделник натаму, во работните денови. Мислам дека беше итно кога беше реконструкцијата на Владата, Владата требаше да има во понеделникот седница, најдовме разбирање и ние како опозиција. Меѓутоа сметам дека денес не е итност ние да го донесеме овој закон за државјанство.

Затоа, ќе ве молам, не го давајте на гласање, бидејќи очигледно исходот е многу јасен, вие со парламентарното мнозинство што сакате можете да донесете, тоа е факт, меѓутоа, бараме разбирање за опозицијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас најавив уште вчера, тоа го знаеше и опозицијата дека денес може да се случи да предложам да се продолжи со работа и после 17,00 часот и тоа го овозможува Деловникот.

Затоа, овој предлог го ставам на гласање.

Процедурално, господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседателе, не е виновна пред се опозицијата што Владата ни доаѓа секогаш со системски закони, потенцирам со системски закони, по итни процедури, со забрзана процедура. На овој начин вие фактички сакате низ мала врата да поминат големи прашања...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова не е процедурално, ви го одземам зборот. Тоа не е процедурално.

Го ставам мојот предлог на гласање.

Ве повикувам да гласате.

(По гласањето).

Од вкупно 62 пратеника кои гласале, 59 гласале за, воздржани нема и 3 се против.

Со тоа се усвои предлогот да работиме и после 17,00 часот додека не ја завршиме седницата.

Повелете сега, реплика за господинот Сашко Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван господине претседател, почитуван господине министер за внатрешни работи, почитувани колеги пратеници,

Најнапред би сакал да кажам дека во најголем дел од излагањето на ценетиот колега Петковски, кој сигурно е еден од најискусните и најпроминентни членови на овој Парламент, јас сум лично согласен во целина. Меѓутоа, би сакал уште еднаш да

потенцирам, пред нас се наоѓа закон кој што е можеби единствениот закон кој ги штити интересите на државата. Значи, имаме еден закон кој ги штити интересите на државата, а не ги штити интересите на граѓаните. Останатиот дел од легислативата е насочен кон интересите на граѓаните. Значи, ние ако не го задоволиме ова основно право сите да бидеме свесни за обврската што ја имаме во однос на донесувањето на овој закон, тогаш паѓаат во вода сите наши намери кои се насочени за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и насочени кон процесот на градење на современо цивилно општество.

Уште еднаш ќе потенцирам дека јас лично сум согласен со најголемиот дел од претходната дискусија, меѓутоа, уште еднаш ќе потенцирам дека пред да се изгласа овој закон секој треба да размисли за значењето на овој закон, кој е насочен кон штитење на интересите на државата, бидејќи правото за државјанство е право на државата. Значи правото при донесување на овој закон треба пред се да го имаме од аспект на позиција на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев, ова сепак не е реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Во репликата сакав да укажам дека сум согласен во најголем дел од претходното излагање во однос на штитењето на правата и обврските на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вообичаено репликата е ако нешто не се согласувате. Да измислиме некој друг збор ако се согласувате со некого.

Господинот Тито Петковски, една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Видете во што се разликуваме, сосема накусо. Практично не сакаме да го прифатиме чувството на предавници како што популарно говориме сите. Претходната Влада можеше да го донесе овој закон, и претходниот состав на Парламентот, плашејќи се од овој одиум избегна да го стави во собраниска процедура. А оваа Влада и ова парламентарно мнозинство, и по цена со таквиот одиум, сепак се согласи да го пушти во процедура.

Јас мислам дека би било добро и законот мора да го донесеме од многу причини, за кои вие знаете, дека треба да изградиме што побрзо позиција за евроинтеграција и дајте конструктивно, со амандмани, за кои не се согласуваме, околу нив да расправаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вака да се договориме. Ако некој реплицира и директно не полемизира со ставовите, тогаш и контра репликата ќе биде слична.

Затоа, ве молам да реплицирате директно со ставовите изнесени во настапот или говорот на пратеникот. Ќе прекинам секоја реплика или контра реплика која директно не реплицира, а не се повторуваат ставовите кои се кажани веќе 3 - 4 пати на оваа говорница.

Сега има реплика г. Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господине министре,

Јас, исто така, сум согласен во голем дел со дискусијата на г. Тито Петковски и апсолутно се согласувам со принципите што тој ги наведе за едно демократско цивилизирано општество, кое ќе биде интегрирано во Европската унија. Тука апсолутно немам никакви забелешки и се залагам и во иднина ќе се залагам за тоа.

Сакам да реплицирам на тоа што го рече Тито Петковски дека за многу заедници, вклучително и за македонската заедница, бројките се најважни. Јас можам да тврдам за турската заедница дека бројките не се најважни, најважен е пристапот како се решаваат проблемите. Но во даден момент, во некој контекст, ако за една заедница многу важни се бројките, автоматски стануваат важност бројките на другата заедница. Не можеме апсолутно априори да ги врземе работите со пописот, а впрочем и кажав дека за мене не се најважни бројките, но ќе повторам, во даден момент бидејќи бројките беа такви, па се стави бариера од 20% не можеме да прифатиме за друга заедница да ни бидат најважни. Тоа е едната работа.

Втората работа е, што се однесува до Законот за државјанство, со овој закон се воведе матична држава, што во претходниот закон не постоеше. Јас побарав таксативно да се наброи што значи тоа матична држава. А јас го читам следново: Турците од Република Македонија кои се иселиле во матична земја, во Турција, немаат право по природување и по членот 8 да се вратат назад, затоа што се смета

дека Турците дошле од некаде и треба да се вратат некаде. Тоа не имплицира на едно демократско модерно живеење.

Инаку, го прифаќам принципот што го кажа, како што е во Америка, Швајцарија и секаде, но тој принцип секогаш треба да важи и во временски интервал секогаш и секаде, и тогаш ќе ја прифатам таа опција. Нема да прифатам опција во некој временски период за некого да важи, за некого да не важи. Во минатото заради некои работи за една заедница важеа други принципи, тие ги добија правата, но отсега да важи и за оваа заедница. Такви принципи нема да поддржам и во тој контекст Законот за државјанство вака дефиниран за мене не е прифатлив.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г. Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Со внимание ја следев дискусијата на колегата. Тој зборуваше цело време за интеграции, како земјата треба да се интегрира во Европската унија, како треба да ги донесе овие закони во согласност со тие механизми, со цел државата да се интегрира таму каде што треба. Меѓутоа, сакам да истакнам еден факт дека СДСМ сега ја привршува деветтата година на водење на Македонија и немале време и логика да ја направат оваа земја да ги постигне стандардите на Европската унија. Една поговорка вели: “Една будала го фрла каменот во еден бунар, а сто паметни не можат да го извадат”. Затоа, тие инсистираат да го фрлат каменот на едно место каде ние нема да можеме да го извадиме тој камен од бунарот, затоа што постапката за овој закон е повторно оптоварена, повторно бирократска, многу тешка за да се дојде до државјанство и не ги содржи оние елементи кои би биле во согласност со стандардите на Европската унија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика за господинот Тито Петковски, една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Никој нема да не ослободи како луѓе кои сега одлучуваме за државните работи, ако пропуштиме да го направиме она што мора да го направиме, а некој пропуштил порано тоа да го стори. Секој од нас остава траги во цивилизацијата и во историјата на сопствениот народ. Ние имаме обврска ако некој порано направил или не направил нешто да го направиме и треба да сториме се за да го направиме добро тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г. Блаже Стојаноски, три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Пратеникот Петковски зборуваше за носителот на суверенитетот на Република Македонија, дали тоа треба да бидат Македонците и сите припадници на етничките заедници кои живеат во Република Македонија, или пак тоа треба да биде граѓанинот. Ако не се носители на суверенитетот Македонците и другите припадници на етничките заедници, а граѓанинот не е бидејќи имаме уставни решенија со кои се предвидени специјални права за албанската етничка заедница, тогаш се прашуваме за каков концепт се определила Република Македонија. Ова прашање се наметнува затоа што кога се работи за национални интереси на македонскиот народ, се наметнува тезата дека Република Македонија е граѓанска држава, а кога се работи за права и интереси на албанската етничка заедница тогаш се искажуваат ставови дека мора да има рамноправност со мнозинскиот македонски народ, на кој од друга страна му се оспорува правото заедно со другите етнички заедници да биде носител на суверенитетот на Република Македонија, се зборува за некакви фабрички грешки во Уставот. Ова е тоа што создава недоследности во начинот во остварувањето на правата и слободите на сите граѓани на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика за г. Тито Петковски, една минута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Сакам само да потсетам дека според Уставот на Република Македонија суверенитетот произлегува и му припаѓа на граѓанинот, а не на етничка заедница. Така стои во Уставот. Друго е генезата, историјата на македонската држава, од која никој нема право да се откаже кој ја создал. Тоа е друга тема и друго прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Господине Насуфи, имате реплика, 3 минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Што се однесува на концептот на господин Петковски на изградба на државата и општеството кое што ќе биде цивилно, мислам дека во политичка теорија тоа е

прифатливо. Затоа и алудирањето на Америка, Швајцарија и така со ред е на место. Меѓутоа, за жал ние се соочуваме со Охридскиот договор. Добро е и господинот министер да ги стави слушалките, затоа што во прв ред, прв услов за постигнување на овој параметар е изградба на државата и институциите кои што ќе бидат мултиетнички. За жал, ние се соочуваме со практика на изградба на моноетнички држави. Тука е главниот проблем, затоа што ние неможеме да бидеме против изградба на заедничка држава. Меѓутоа само со цел концептот на изградба на државата, концептот на изградба било во политички, културен или економски сегмент да биде мултиетнички. Ве молам, јас ќе повторам, зошто главните функции неможеме да ги исполниме и кај еден албанец, со цел да се изгради една кохезија, функционална кохезија со полна желба и добра волја ова треба да го прифатиме, да го поздравиме, меѓутоа само во случај кога практички ќе изградиме концепт на мултиетничка држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате коментар на ова?

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Особено ми е драго што за многу фундаментални прашања имаме веќе конзензус. Сакам да кажам само за една контрадикторност, мултиетничка држава со граѓаниски концепт на никого во свет не му пошло од рака да изгради. Македонија има шанса да преживее како држава да се изгради функционална, модерна, европска држава само доколку изгради цивилно општество на здрави фундаменти како што тоа го гради Европа, се разбира и целиот развиен свет.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, реплика, повелете 3 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Би сакал да кажам бидејќи кажавте дека репликата е она што не се сложувам од говорењето на господинот Петковски и покрај тоа што во поголем дел го прифаќам она што го кажа. Би сакал да кажам дека разликата во Парламентот без разлика колку сакаме да кажеме дека е истата ситуација, можам да кажам дека луѓето што сега ја чинат власта во претходниот Парламент како опозиција од оваа говорница ја опструираа работата на Парламентот што донесувањето на дневниот ред траеше 5 до 6 дена и завршуваше седницата и без да се донесе дневниот ред. А сега бараме некој ред и договор меѓу опозицијата и власта кој договор го видовме

само пред неколку минути како заврши. Тоа е првото. Убаво е да има договор меѓу власта и опозицијата и кажавте експертите да бидат вклучени во работењето на сите овие проблеми. Но, за жал изјавите на сите експерти е дека ова е само меѓупартиски договор на партиите од власта, а експертите не учествуваа во овие генерални договори што беа. Сакам да полемизирам со уште една работа што ја кажа господинот Петковски, дека во Канада неможело да се најдат ни три луѓе од македонско етничко потекло што ќе помогнат за Република Македонија. Тие луѓе дојдоа во 1992 година на Светскиот македонски конгрес беа многу, можеби беа илјадници во Македонија, но ние направивме во истиот момент паралелен македонски конгрес. И тоа беше таа делба  и тоа неверување во оваа држава. Се случи еднаш да ги украдеме парите од тие штедачи, се случи ТАТ, во таква држава незнам кој може да верува дали ние самите, или пак нашите иселеници во Канада и во останатите држави во светот.

Уште една работа која што ја кажа господинот Тито Петковски, македонците од Република Македонија како граѓани, тоа ќе донесе и оние 200 илјади кои што заминале од 1956 година до 1968 година да ги побараат тие држвјанства и нивните поколенија, а тогаш незнам што ќе се случи во Република Македонија.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Прво, не реков дека неможат да се најдат тројца македонци во Канада кои што ќе и помогнат на Македонија. Реков дека, добив одговор, дали за Македонија може да се најдат тројца државјани на Канада од македонско етничко потекло кои се подготвени да вложат капитал во развојот на Македонија. И се согласувам дека грешки биле, но да ги исправиме, затоа сме тука, да се договориме она што било во минатото повеќе да не го повторуваме. Тоа ни е обврска и моја и ваша господине Мавровски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Зиди Џелили, имате реплика?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мојата реплика е во однос на тезата на господин Петковски што се однесува на политиката на балансирање. Република Македонија не може да преживее со политика која секогаш ќе балансира меѓу албанскиот и македонскиот народ и другите народи. Затоа што една ваква политика се докажа како неуспешна во поранешна Југославија.

Што се однесува на бројките, многу е значајно бројките да бидат точни и многу е значајно во Република Македонија да има лична карта за да може да се вклучи во меѓународните органи. Затоа што секој вид на фалсификување, или секој вид на наметнување на политика дека во Македонија е се во ред, е штетна за прием на Република Македонија во овие меѓународни органи. Затоа што секој вид на фалсификување, или секој вид на наметнување на политика дека во Македонија е се во ред, е штетна за прием на Република Македонија во овие меѓународни органи. Затоа политиката која што ја претставува господин Петровски е штетна и ние треба да направиме една национална политика. Неможеме да речеме дека албанците, значи граѓаните македонци со албанска припадност, додека преамбулата на Уставот на Република Македонија е дека Република Македонија е територија, тоа е географски поим каде што живеат рамноправно македонскиот народ, дел од албанскиот народ и така со ред. Значи да не си игра со овие поими, да не си игра со нови дефиниции кои сме ние, затоа што секој знае кои се албанците во Република Македонија. Тие се во своите етнички места, се во заедничка територија која што територија е географска како што е  на пример Република Македонија каде покрај македонскиот народ и албанскиот народ се рамноправни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи ги исцрпивме репликите, сега има збор пратеникот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господин министер кој не сте присутен. Ќе се врати.

Државјанството е привилегија господа пратеници, затоа што да се добие државјанство треба да имаш и чест и достоинство за да добиеш државјанство во било која европска држава, треба да исполнуваш некои вредносни критериуми. Ние еве три дена дискутираме по оваа проблематика и се наметнува прашањето дали требаше да дискутираме три дена или не требаше да дискутираме три дена, дали ова со итно носење на законот требаше да оди вака, или не требаше. Тука спориме три дена. Ако зборуваме за итноста, мислам дека многу поитно би требало, барем од кажувањата на многу наши пратеници колеги да зборуваме во делот на економисијата, во делот на стопанството, за животот, за земјоделието, за она што нас ни виси секој ден како една бомба која ќе експлодира, а тоа е невработеноста. Но, во овој конкретен случај мора да дискутираме ние, затоа што заслужува посебно

внимание, затоа што државата во овој случај се брани. И многу развиените држави нашле механизми за да се одбранат, затоа што и по дефиниција државјанството кое претставува еден правен спој помеѓу лицата и државата е тој што треба да спречи нарушување, на вештачки прилив, или механички прилив на странци.

Она што на почеток би сакал да кажам, да не бидам разбран погрешно дека имам некоја фобија против албанците. Но, мора да се истакне јавно и да се каже. Оваа држава е Република Македонија, македонците се доминантен народ. И нема што тука да се срамат некои наши колеги пратеници да зборуваат по ова прашање. Дојдовме во таква позиција да се срамат да зборуваат за Македонија, да зборуваат за македонштината, да се прави проблем, да ги бараш правата, македонците да ги бараат правата во сопствената држава. Зошто? Пак ќе се наметне прашањето, каде лежи вината. Вината е пак во нас макдонците. Зошто? Да би се врателе назад да продискутираме, затоа што никогаш не бевме отворени со албанците. Секогаш ги стававме прашањата на страна, не ги отворивме прашањата. Ако на време беа отворени прашањата за албанците и за нивните права, немаше да ни се случуваат вакви работи. И сега каде ќе ја бараме одговорноста? Лично им честитам за борбата на пратениците албанци кои се борат за своите права, се борат, и една и друга и трета политичка партија. Знаат, имаат концепт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во три минути не спомнавте државјанство. Барем секоја минута спомнувајте го државјанството за да знам дека за тоа зборувате.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Ве молам повикајте го министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Државјанството, проблемите кои останаа да висат, кои мораа засекогаш да се отворат и да не ни се случуваат рамковни договори, да не ни се случуваат убиства, да не ни се случуваат прогони, требаше отворено на албанците да им се каже: ова е црвената линија, до тука ќе се оди. Но секогаш отворено. Ние никогаш не разговаравме отворено по многу прашања кои стоеја отворени и за државјанство и за образование и за здравство и за ред многу други работи. Сега ни останаа прашања кои сега сакаме да ги решиме набрзина. Ни оди тешко. Сега сме

присилени и правиме грешки во чекори, затоа што сме под мониторинг на Меѓународната организација и сега се додворуваме. Влегуваме сега во една фаза да имаме толку и толку граѓани, толку и толку граѓани попишани, пописот дали е тоа тоа? И сега што правиме. Се случува во Македонија едно сомневање, се сомневаме во се. Ќе ни завиди Бранислав Нушиќ, Македонија станува едно “сомнително лице”. Се сомневаме на се, сега се сомневаме на Законот за државјанство, се сомневаме на Законот за пописот, се сомневаме на резултатите, се сомневаме во сите законски проекти. Зошто? Дојдени сме во таква позиција што едни на други не веруваме, ги нарушивме мостовите. Јас ги разбирам сега албанците, им требаат сите. На сите ни требаат политички партии кои ќе кандидираат претседателски кандидат. И сега се додворуваме на албанците, вакви сте, такви сте. Не, албанците се тие како што се такви ги има толку и толку. Да не стои сега отворено прашањето  во делот, еве државјанството. Државјанството во многу држави, еве сакаме да правиме и компаративна студија за сите земји што не опкружуваат. Имавме елаборирање на пратеници од европските парламенти, искуство од европските држави. Еве да ја земеме најразвиената држава во светот, сите тежнееме да бидеме и сите сакаме да бидеме, некои и јавно навиваат за американците. Да земеме како е во Амарика. Како во Америка се добива државјанство. Во Америка државјанство се добива по три основи  како што е и во целиот свет, добиваме по род, по мајчинство и по натурализација. Што е сега спорот. Спорот е дали Слободан Даневски сега е националист, јас сум либерал и во Либералната партија и јас не се срамам што сум македонец. Дали не требаше да биде овој закон многу полиберален. Тука споревме со колегите пратеници дали не треба да биде пет години за добивање на државјанство, десет години, дванаесет. Во многу други држави во Европа цензусот е 12 години. Но, она што ние треба да го изрегулираме тука, она што треба да се стави во законска рамка, тоа е дали при добивањето на државјанството, почнувајќи од исполнувањето на вредносните критериуми што значи ние имаме разни држави,разни искуства да добиваат виза а, б, ц, да се преадаптираат или да живеат 5 години. Има многу, многу различни искуства во Америка во конкретниот случај по добивање на грин картон, или најмалку 5 години по еден,два, или три основа кога ќе добиете, вие треба да полагате и државен испит, апсолутно треба да го знаете мајчиниот јазик, апсолутно треба да полагате и делови и членови од Уставот, што еве ние го немаме тоа во нашиот предлог закон, во делот на измените.

Јас би се задржал на она што значи лојалност. Во Законот стои дека во почетокот кога се носеше, се смеевме тогаш кога некои пратеници предлагаа да има

лојалност на граѓаните спрема државата, не само да бидат апликанти, туку да бидат лојални. Што значи лојални. Лојалноста не е утврдена во овој закон. Но, не е кажано што ако граѓанинот не е лојален. Немојте веднаш априори да сваќате дека во оваа држава не се лојални само албанците, дека само албанците се најлоши. Не. Тие имаат стратегија, тие имаат своја филозофија тука е проблемот. Тука ние неможеме да разбереме. Инаку, ние знаеме каков е соодносот, какви се целите, какви се амбициите. Мене ме загрижува пописот. Некој кажа од пратениците што има врска пописот со државјанството. И те како има врска. Еве што ни се јавува. Ни се јавува некоја разлика од таму некаде 80 илјади, 68 илјади и пак најголем прираст имаат албанците. Ќе кажат, пак си ти против албанците. Не сум јас против албанците, туку како македонците да имаат од тие 90 илјади 0,15 прираст да имаат македонците. Нешто не е природно. И сега ако ни се јават тие затоа што таму во однос на методологијата при вршењето на пописот не е вообичаено место на живеење, ќе ни се јават сега некаде 90 илјади. Можеби и тие со привремен престој на живеење се 10 илјади. И ако тие добијат државјанство. Немој да ни се јават фантоми да на следниот попис ни се јави разлика од 60 илјади. Во тој контекст тоа е точно што се залага дел од пратениците, посебно од албанците, затоа што имаме случај од административни пречки неможе да добие државјанство некоја баба од 90 години, родила 11 деца, неможе да добие државјанство. Децата добија државјанство а таа како граѓанин неможе да добие државјанство. Точно е дека не функционирала таа канцеларија или месна заедница во Танушевци, Брес, Малино и тоа е вистина, туку дајте да видиме колку се тие, да се решат. Ние имавме при носењето и давањето на државјанство, ние имавме еден период каде што сите граѓани имаа право да поднесат барање за добивање на државјанство и требаше да платат, ако не се лажам во противвредност по 500 американски долари. Тогаш тие што имаа пари, платија. Имаше луѓе кои не читаат весници, не гледаат телевизија, не ги интересира, на село комуницираат, не комуницираат, не го остварија тоа право. Тие требаше да ги извадиме, државата да направи список кои се тие што аплицираат. Сега како апликанти дали се тие 1300, официјално ми кажува Министерството за внатрешни работи дека се работи за 1300 кои бараат државјанство и некаде 500 кои аплицираат дека ќе добијат. Не ни кажаа од Министерството за внатрешни работи дали тие 1300, 1500 се еден апликант, или аплицира во името на фамилијата која фамилијата може да има и по 5 члена. Не кажуваат како ќе се реши, ние не добивме некои бројки, затоа што сите се збунети. Излагањето беше многу кратко, не беше јасно експозето на министерот за внатрешни работи затоа што ако имавме ние

релевантни бројки не само 1300, како што бара некој и поименично да ги пишуваат, кај пратениците да имаме тука илјадници, илјадници страни. Ни случајно, туку можеше да се направи едно скенирање на целата ситуација да се каже во Република Македонија имаме толку и толку граѓани кои бараат имаме толку и толку, со години ние тие аргументи не ги слушавме. И затоа се создава една забуна и кај македонците и кај албанците. И сега ги мешаме она што значи привремен престој во Република Македонија и оние што треба да добијат државјанство. Така што мислам дека она што нас не загрижува, не загрижува тоа што ги немаме бројките. Ние и како пратеници кога ќе бараме информација до било кое министерство, не само од Министерството за внатрешни работи, ние добиваме нерелевантни информации, нерелевантни бројки. Така што ние тука се спориме. Ова неможе да се дозволи. Неможе да дозволи било кое министерство да ни даде денеска една информација дека се работи за бројка да речеме 1500, а потоа да ни даде различна бројка после три до пет дена да добиеме бројка за 1800,а од Државниот завод за статистика да добиеме трета бројка, што значи ние меѓу себе си немаме довреба и едни меѓу други се лажеме буквално.

Во контекст на она што значи пописот и што би се случило, тука, кога станува збор за правата, за делот на она дали и колку растат македонците, дали и колку се намалуваат албанците, јас слушам, еве се согласувам и со претходниот дискутант кој кажува дека ние со години одиме надолен тренд. Многу лошо се живее во Република Македонија. Ние не слушнавме од МВР колку албанци ја напуштиле Македонија под притисок. Не слушнавме колку македонци се иселиле. Зошто се иселиле македонците. Зошто албанците. Зошто имаме толку набој на апликанти во Република Македонија кои сакаат да добијат државјанство.

Дајте ние да отвориме и едно друго прашање. Министерството за внатрешни работи нека подготви закон или конвенција со државите што не опкружуваат нас. Да видиме и колку наши колеги пратеници албанци имаат двојно државјанство. Можеби имаат и тројно државјанство. Колку наши пратенци македонци, можеби имаат и друго државјанство. Дајте и ова прашање да го отвориме.

Еден дискутант тука дискутраше дека ние се наоѓаме во Швајцарија и дека априори, готово, ние веќе сме членка  на Европската заедница. Не, ние сме на Балканот, ние сме во Македонија, 5.12.2003 година. Некој ги меша термините и времето. Ние се наоѓаме на Балканот. Зошто го говорам ова. Го говорам, за да се отвори праањето со соседните држави, затоа што, дали ние ќе бидеме граѓанска држава, тоа декларативно. Кога е дојде, сите ние се гледаме низ бројките. Тоа е

опасност за нас. А ова дека може да зборуваме демагошки, да се залажуваме, да ја лажеме јавноста, тоа веќе, господа пратеници, не пие вода. Тоа е надминат концепт. Сите прашањата мора да се отворат овде, во институциите, да се види што е перспективата, што е опасноста, затоа што државјанството, не е тоа обичен закон. Овој закон има тежина затоа што државата треба да направи механизми да се заштити самата од приливот и неконтролиран прилив на странски државјани. Ова е регулирано во сите демократски земји во светот и ништо не е страшно. Да се отворат сите прашања. Можеби се брза. Можеби, не знам, можеби е некој договор, некој дил. И тоа не е страшно. Да не ни се случи, да дојде друга гарнитура на власт, па да прави ревизија и да ги поништи овие закони.

Ова што беше под превезот дека е итно и дека мора да се донесе овој законски проект, мислам не држи. Ако е ова додворување спрема албанското гласачко тело и тоа не држи. Албанците се многу посуфустицирани и од македонците. Немој да мислите дека ќе ги лажете. Они сега, се менува политика, ти даваат јајце, ти земаат гуска. Тука нема, албанците се наука станати. И македонските политичари треба да учат од албанците. Треба да учат.

Мене ме загрижува тоа што господинот Матоши. Матоши не дека е тој бил УЧК. Тој е поопасен од 100 УЧК, затоа што вика сите да се вратат тие што биле на просторите...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Даневски, ве молам внимавајте.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

А, вие сте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Јас сум, јас сум.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Не ве видов.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Башка, не е ни присутен, не може ни да реагира.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Тоа претставува опасност затоа што постои стратегија.

Ние како држава Република Македонија, како македонци, немаме стратегија. Ние паѓаме по две прашања, што немаме стратегија и што немаме стратешки концепт за национално единство.

Сега, дали ќе донесеме ваков закон што македонците по род ќе ни бидат странци, тоа останува отворено прашање. Сигурен сум дека никој од македонците, ова не се однесува за албанците, затоа што они знаат да си ги бранат правата. На нас македонците ќе ни суди македонскиот народ, еден ден. Од големиот суд на народот никој не избегал. Нема да избегаме ни ние. Се менува, јас сум променил многу претседатели, министри, 500. И овие ќе ги промениме. Се кријат зад имунитет. Еден ден ќе дојде време да се положи сметка пред народот. Пред народот мора секој да го плати цехот. Секој политичар кој е избран од народот мора еден ден да даде отчет.Така да еден ден ќе одговараат сите во оваа држава. Дали ова е велепредавство? Не е велепредавство, го оставаме ова да го анализира времето, а времето брзо оди, еве веќе сме 2004 година.

Би било добро Владата да го повлече овој закон, да не брза затоа што под итно имаме многу, многу други приоритетни задачи, многу задачи на кои треба да одговориме, што значат живот. Ова не значи толку приоритет. Ние како Република Македонија треба да го усогласиме нашето законодавство со европското законодавство. А тоа дека ние веќе сме влезени во Европската унија, тој филм тешко ќе се снима и ни треба многу време.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Збор има господинот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со оглед на тоа што веќе се дискутира три дена, јас ќе ја скратам мојата дискусија, само сакам неколку реченици во врска со овој закон да изнесам.

Секој закон за државјанство, па и овој наш закон за измена и дополнување на Законот за државјанство, го третира државјанството како односот на поединец, односно граѓанин со државата.

Почитувани пратеници, различни земји, различно ги третираат одредени критериуми, но во смисла на соодносот на критериумите за добивање на државјанство. Инаку во принцип критериуми кои се дадени во законот, односно во предложените измени и дополнувања, секаде исти или слични, прашањето е кој критерим во кој сооднос се дава. Затоа, ако веќе зборуваме за компаративни искуства, јасно е тие какви се, јасно е кои обврски произлегуваат од Конвенцијата.

Република Македонија, преку Собранието на Република Македонија, на 23 јануари 2002 година, значи пред една ипол година ја ратификуваше Европската конвенција за државјанство. Тогаш, се разбира, беа познати обврските кои ги превзема Република Македонија како држава, со оваа ратификација. Тогаш, барем колку што мене ми е познато, тогашната позиција, сегашна опозиција, овие аргументи што сега ги изнесува, не ги изнесе тогаш и тоа е добро што тогаш се изгласаа. Немам ништо против. Меѓутоа, расправата по оваа конвенција помина по многу кратко време, колку што имавме прилика, тогаш не бевме сите членови на тој состав, да ја следиме таа расправа и се прашувам зошто не беа изнесени тие аргументи. Можеби заради тоа што тогаш соодносот меѓу позицијата и опозицијата беше сосема поинаков. Инаку, се разбира, опозицијата има право да има спротивни ставови. Нас ни беше познато, бидејќи се дискутираше за рокот, дека рокот мора да биде согласно условите на Конвенцијата.

Ако направиме компаративна на закони во одредени земји, имаме различни решенија. Меѓутоа јасно ни беше дека рокот кој досега беше 15 години, мора да се намали. Се сеќаваме сите, 1991-1992 година кога се водеа расправите дека се почна од 30 години, па 15, па имаше предлог да одиме 10, 5 и на крај дојде до тоа решение на 15 години услови за странци кои престојуваат во Република Македонија, се разбира легално.

Овде доста се зборуваше дека механички ќе се зголеми бројот, дека ќе има вакви или такви последици од самиот закон. Но, јас би кажал дека, овде беше и на други расправи изнесена бројка од 1809 и ние треба да веруваме на таа бројка. Сите оние бројки кои се над, се спомнуваат како некоја шпекулација, треба да ги отфрлиме, бидејќи надлежните државни органи, а од страна на Министерството пак беше понудено дека секој пратеник може да изврши увид во тие предмети, или член на Комисија, бидејќи на комисиите се расправаше за овој закон.

Јас сакам да кажам дека секогаш, како што кажаа претходните дискутанти, кога се носи еден ваков закон или сличен закон кој ја третира оваа чувствителна материја, секогаш, односно веднаш почнуваме да се делиме на пратеници кои се патриоти, веднаш се делиме на антипатриоти, на лојални парти, на нелојални партии. Сите партии се македонски партии и сите, јас сум убеден дека работат за доброто на Македонија. Се разбира дека има одредени разлики.

Јас сметам дека овој закон не го носиме во интерес на една политичка партија, на една групација, еден етникум во Република Македонија. Ние овој закон го носиме во интерес на државата Република Македонија и на сите граѓани. Не зборуваме дали се македонци или албанци. Зошто?

Веќе беше кажано, само неколку реченици на крајот. Затоа што ние сакаме да го имплементираме нашето законодавство, да го направиме нашето законодавство компатибилно со законодавството на членките на Европската унија и за тоа зборуваме со месеци, со години. Многу малку сме направиле во изминатите години, во овие неколку месеци, особено, во процесот на децентрализацијата. После 13 годишно молчење застој го интензивиравме тој процес. Значи еден од условите и за апликацијата која сите ја поддржуваме, верувам дека Парламентот сеуште ќе има расправи на оваа тема, и комисиите, не само на пленарни седници. Но, ако зборуваме за напорите на Република Македонија за приближување кон законодавството на ЕУ, тоа треба да го правиме на дело и овој закон, од тој аспект е чекор кон тоа, се разбира имаме уште стотици други закони кои мора да ги донесеме. Ако не ги носиме законите, јас го признавам и правото некој, што вика дека дури и правото на опструкција е право на парламентарна борба. Меѓутоа, ако дискутираме 10 дена за серија вакви закони, тогаш како ќе ја извршиме таа имплементација, користејќи го, се разбира своето демократско право за дискусија, за траењето на седниците и тн. Значи, тогаш она што го декларираме треба да го претвориме во пракса и да работиме на имплементација на нашето законодавство со законодавството на ЕУ и да се свртиме напред, бидејќи многумина дискутанти го кажаа тоа, граѓаните очекуваат економски просперитет. Економски просперитет е можен само со нашето интензивно приближување кон евроатланските структури. Не треба да измислуваме топла вода. Видете го патот на една Унгарија, видете го патот дури и на Романија и Бугарија, видете го патот на сите други земји. Сите тие земји на овој или оној начин, меѓутоа ги решија веќе одамна тие проблеми што, еве ние ги решаваме. Можеби некој од нив, притиснати малку подоцна, како што е случајот со Балтичките земји, како што е случајот со Словенија и тн., меѓутоа гледајќи ја целата

лепеза на овие земји, можеме да видиме каде одат тие, бидејќи тие се свртеа кон економски прогрес, дека не се навраќаат назад. Ако се навраќаме назад тоа нема никаде да не одведе. Затоа мислам дека и овој закон, во оваа смисла ќе биде едно приближување кон оваа легислатива на ЕУ и не треба вакви прашања, постојано да се обвинуваме и постојано да се делиме на вакви, такви, било по политичка припадност, било по етничка припадност, верска или било каква друга припадност.

И на крајот, беше кажано дека ќе се овозможи легализација.

Јас мислам дека законот во овој дел е јасен, компатибилен со Европската конвенција за државјанство, дека може да се зборува само за оние странци кои имаат легален престој. Кажаа некои дека човекот се раѓа како човек, пред се, а потоа случајно станува припадник на еден етникум. Значи треба да заборавиме на овие поделби, да работиме сите за доброто на РМ, да ја поведеме напред, мислам и на позицијата и на опозицијата, градејќи определени консензуси за одредени прашања и да заборавиме на меѓусебни обвинувања, барем кога се во прашање ваквите закони. Инаку самата Конвенција ги третира правата и слободите на граѓаните, на државјанство, меѓутоа го третира и она што често пати се зборуваше за правото на заштита на семејниот живот и правото на заеднички живот односно нераздвоеноста на семејството. Од овие причини, длабоко сум убеден, сепак овој закон го носиме за доброто на државата, односно ќе го донесеме и дека овој закон е чекор напред кон имплементацијата на европското законодавство или како сакате кажете, приближување на нашето законодавство кон ЕУ за што ќе ни треба еден голем, голем период и патот кој нема да биде лесен. Но, да го видиме патот на овие други земји за кои зборувавме, тогаш ќе ни стане јасно на кој начин треба да работиме и Парламентот и Владата и било кој друг, и позицијата и опозицијата, без оглед дали се работи за одредена политичка групација, дури и оние кои се вонпарлемантарни, кои се обидуваат да добијат некои ефтини поени со одредени критики.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шапуриќ.

Како последен дискутант е господинот Хусеинџевад Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Почитуван министер, почитувани колеги,

Колку што видов целиот напад на опозицијата се заснова на неоправданата опасност и фиктивна која што ја загрозува државата поради зголемувњето на бројот на албанците во Република Македонија.

Навистина овој закон ги регулира натрупаните проблеми, со години, во овој сегмент, на албанските граѓани и на другите кои живееле, живеат и се надевам дека ќе живеат во Македонија. Законот можеби не е совршен, но е многу понапреден во корист на граѓаните.

Идентитетот мислам дека е геометриско тело со многу страни. Една од тие страни е националниот идентитет.

Со овој закон се прави обид, добар обид за да се засили нашата внатрешна кохезија со идентитетот на државјанството што го имаме сите.

Со либерализацијата на голем број закони кои го респектираат правото на граѓанинот, можеме да мислиме, да живееме и да градиме нов идентитет, идентитет на европјанинот што го сакаме, бидејќи сме дел на едно унапредено општество.

Во средниот век, за да се оправда царството, црквата која што владееше со голем број унапредувања, таа употреби една максима - адеорекса алеглекс, што значи дека  Господ го дава или го избира царот, а царот ги избира или ги дава законите. И вие колеги, мислите дека Господ ја создал Македонија за македонците и законите во неа треба да ги определуваат само македонците. Мислам дека тоа е едно ретроградно мислење и многу анахроно во однос на времето.

Јас мислам, дефакторизацијата, маргинализацијата на албанците доведе до голем број страдања и проблеми во оваа држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Хусеини зборувајте за законот.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ: (продолжение)

За тоа зборувам.

Обезбедува стабилност, унапредување и сигурен живот во оваа држава, бидејќи ги амортизира апетите што доаѓаат од југ, исток и север.

Ние, колеги пратеници од опозицијата што не обвинувате дека Албанците, ние Албанците ви го признаваме сето тоа што го имате, името, јазикот итн. и јас, како колега Даневски ќе кажам дека тој филм повеќе не се прикажува во нашите кина. Доколку некој има право да се однесува според она “чувај се  од Данајците и

подароци кога носат”, тоа сме ние, бидејќи заедничката војна пред половина век против окупаторите и класниот непријател ни донесе потчинување.

Ние имаме храборост, како партија и имаме политичко уверување како и на 75% од албанскиот електорат, а не недостасува и политичката волја на СДС и Либералната партија кои што имаат верба на 70% од македонскиот електорат, со нивна порака да градиме нова актуелност и нова иднина која треба да ја претвори Македонија во едно место пријатно за живеење.

И ние не забораваме. Но, од товарот на одговорноста нема да се занимаваме со минатото за да ја погребаме иднината ирационално е вие да имате слобода со ограничување на нашата слобода. Вашите права со лимитирање на нашите права. Европа е широка и во неа ќе има место за сите нас, но се сомневам дека во неа ќе има место за оние кои неможат да се откажат од предрасудите.

И на крајот, многу посреќни ќе бидат граѓаните на Македонија доколкуб ќе се реализира и кај политичарите пораката на една поговорка “Кој сее ветер, ќе жнее бура”. За жал, кај нас политичарите кои посејаја ветер, пожнејаја богатство. Да даде господ ова да не се повтори повеќе.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Хусеини.

Г. Фатмир Асани има реплика од три минути.

ФАТМИР АСАНИ:

Мислам дека претходниот говорник одигра една улога на хоџа, а тука не смее ниту во црква ниту во џамија. Пред нас го имаме Закнот за државјанство и, наместо г. да говори за Закнот за државјанство кој што не е прифатлив за нас тој тука ни продава демагогија за тоа дали да прифатиме црква или џамија. Ги молам пратениците кога дискутираат или говорот, да говорат за Законот што стои пред нас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате коментар на ова г. Хусеини.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Најдобро би било да одговорите пред самиот себе си. Повеќе немам коментари во врска со ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пратеникот Блаже Стојановски има реплика, три минути.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ќе бидам многу краток. Пратеникот зборуваше за заедничката борба на Македонците и Албанците против окупаторот и класнкиот непријател. Мене овде не ми е јасно што подразбира под класен непријател и не ми е јасно во која категорија овде ги става балистите за време на Втората светска војна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута контра реплика .

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАТ:

Ќе одговорам на македонски сега.

Да, тоа се стварност историска. Ако сакате вие, земете една книга напишана од македонец, тука само 1/5 од книгата е посветена на албанските колаборационисти со окупаторот, а другиот дел од книгата е посветен на Македонците кои соработувале со окупаторот. Прочитајте ја таа книга ќе ви кажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок.

Но, пред тоа ги молам сите пратеници кои се наоѓаат надвор од салава да влезат.

(пратеници влегуваат во салата, а некои пратеници ја напуштаат во салата)

Јас замолив да се влезе, а не да се излезе.

Ги молам службите да утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои стојат да седнат на своите места

Преминуваме на гласање за следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, а во салата има повеќе од 60 пратеници, 57 гласале за, а тројца се воздржни.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има 64 пратеници, од нив гласале 57 пратеници, 56 гласале за, еден воздржан а ниту еден против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 4 во новиот член 7-а и на член 14 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 8 и на член 16 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани поднесоа амандмани на ;лен 3 став 1 за бришење на точките 3, 4 и 5 и на став 5, член 4 во новиот член 7/в за додавање нов став 2 по ставот 1, за бришење на член 6 за менување на член 14 и за додавање на нов член 14-а по членот 14 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Лилјана Поповска и Петар Апостолов поднесоа амандмани на член 3 став 1 точка 2 и на член 8 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Лилјана Поповска поднесе амандман на член 16 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кенан Хасипи поднесе амандман на член 5 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Стоилковиќ поднесе амандман на член 4 за бришење на новиот член 7-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јанакие Витановски поднесе амандман на член 14 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Есад Рахиќ поднесе амандман на член 8 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели и Џезаир Шаќири поднесоа амандмани на член 3 став 5 за менување на член 6 и на член 14 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Јордановски поднесе амандман на член 4 во новиот член 7-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Петар Апостолов поднесе амандмани на член 1 за додавање на нов став 2 по ставот 1, член 3 став 1 точка 4 и на член 5 во новиот став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Хисни Шакири поднесе амандман за менување на член 14 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Љупчо Балковски поднесоа амандмани на член 2 став 1, на член 3 став 1 точка 2, на член 3 за бришење на став 4, на член 4 за менување на новиот 7-а, на член 4 во новиот член 7-в став 1, за менување на член 5, за менување на член 8 за додавање нов член 9-а по членот 9, на член 13 за бришење на новиот член 27-в за бришење на членот 14 и за додавање нов член 14-а по членот 14 по кои Владата не се произнела

Отворам претрес по Амандманот на член 3 став 1 за бришење на точките 3, 4 и 5 и на став 5 поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

ХАРИ КОСТОВ:

Овој Амандман не е прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор.

Има збор г. Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

И во прелиминарната дискусија и конкретно нагласивме дека членот 3 став 1, точките 1, 3 и 5 фактички го ограничуваат правото на граѓанинот врз на ваква основа што не е пракса на меѓународното право бидејќи во Македонија е многу тешко да се обезбеди стан да се обезбеди приход, туку имаме спротивен процес што конзистира со бркање од работа, истовремено се однесува на кривични казни што на крајот на

краиштата не се условени со Уставот дека човекот треба да биде и казнет, туку човечно, хумано граѓѓанинот, на ваквиот граѓанин да му се оневозмочи правото да добие, да се стекне со државјанство. Од овие причини го предложивме амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за амандманот 8, воздржано гласале 2 пратеници а против гласале 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 за бришење на точките 3, 4 и 5 и  на став 5 поднесен од пратениците Зами Дика , Илјаз Халими и Фатмир Асани.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 7-б за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа затоа што оваа прблематика е регулирана со амандамот 5 од Уставот на Република Македонија .

Според тоа, не го прифаќаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете г. Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Не го разбирам министерот и Владата во овој случај која што презела обврска, голема обврска да го имплементира Охридскиот договор, а во основа работи спротивно да Договорот. Ве молам, амандманот 5 на Уставот е многу јасен. Покрај македонскиот јазик и кириличното писмо службен јазик е и албанскиот јазик и

латинското писмо. Јас незнам каде е причината во образложението да се одбие овој амандман. Да се инсистира дека треба доследно да се придржуваме како политичка партија, како опозиција на политичкиот договор и нашиот потпис на нашиот договор. Ве молам, зошто обвиненијата против нас дека ние бараме да се имплементира токму овој Охридски договор. Ова е еклатантен пример како не се применува албанскиот јазик како службен јазик токму во овој закон. Затоа, ние со сила го одбиваме  прифаќањето или неприфаќањето на овој амандман односно речено прифаќањето на законот како што го предложила Владата, бидејќи тоа е продолжение на нееднаквоста, особено на посебен начин партијата која следи или која е продолжение на ОНА.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Министерот за внатрешни работи, повелете.

ХАРИ КОСТОВ:

Очигледно дека г. Насуфи кога си ја зема слободата да цитира амандман од Устав што не е пред него и слободно го цитира, очигледно ќе греши, потоа ќе се пвикува наводно на неспроведување на Охридскиот договор.

Амандманот 5 на Уставот гласи: “На целата територија на Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јази и неговото кирилско писмо.”

Ставот 2 вели: “Друг јазик што го зборува најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо како што е определено со овој член”, значи како што е определено во амандманот 5 од Уставот. Потоа таму стојат личните документи, стои локалната самоуправа и во органите на државната власт во согласност со Законот. Според тоа, токму Охридскиот догоро преточен во амандманот 5 е преточен и во овој Закон овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Насуфи, контра реплика една минута.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас знам дека министерот е човек од финансии. Незнам дека министерот е правник. Јас сум и учесник во процесот на потпишување на договорот на ниво

експерт од ДПА. Јас многу добро го познавам духот на амандманот 5. Не се толкува амандманот 5 така како што го толкува министерот. Едноставно, сите устави во светот и му препорачува да го чита Уставот на Канада, на Белгија и на другите каде има билингвизам, двојазичност или повеќејазичност, и затоа на кој начин се имплементираат официјалните јазици определени со Закон, со Устав. Да не ги банализираме работите на овој начин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г. Матоши имате расправа по овој амандман.

Повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам.

Ние интервениравме со овој амандман токму соцел да биде јасно укажано на јавноста дека оваа Влада од почетокот правешре атак на Охридскиот договор и тоа што ние констатираме дека не се имплементира Охридскиот договор на начин на кој што сме се договориле во Охрид, секој ден станува се појасно, станува реалност и со факти се докажува токму од страна на оваа Влада кога дојде Законот за лична карта и патни исправи, оваа Влада е таа што го сведе албанскиот јазик на ниво на индивидуален јазик што е надвор од одредбите на Охридскиот договор. Сега повторно со овој закон За државјанство воопшто не го зема предвид Рамковниот договор. Секојдневно констатираме дека албанскиот јазик се напаѓа и се отстранува од институциите .

Поради разликите кои ги имаат македонскиот и албанскиот народ, тие треба да се договорат и да одат напред, сепак оваа Влада не ги прави транспаренти познатите разлики со цел еднаш засекогаш овие односи да се регулираат согласно стандардите за кои ние секојдневно говориме, говориме дека треба да ги постигнеме стандардите во оваа насока, во насока на употреба на јазиците при формирање на институциите и севкупниот државен систем.

Затоа јас констатирам дека спродолжува со една стара песна од страна на оваа Влада да атакува на Охридскиот договор што ќе се покаже како стратешка грешка од страна на Република Македонија затоа што оваа Влада има шанса да ги затвори овие отворени прашања, да ги насочи македонскиот и албанскиот народ во насока на изградба на системот во Република Македонија, а тие напротив продолжуваат со старата песна која не ни е нам непозната, затоа што сте запознаени со 8-годишното делување на СДСМ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кога ќе зборувате за амандманот?

РУЖДИ МАТОШИ:

Да, да, за амандманот. Знаеме колку беше таа Влада алергична во текот на тие осум години за една албанска буква која евентуално требала да се стави некаде. Ние сме се обидувале некогаш во тие осум години да ставиме некаде таква буква, но таа Влада перманентно атакувала на оваа област, на оваа сфера.

Затоа ќе бидеме безкомпромисни во однос на Охридскиот договор, оваа Влада решила овој закон да го толкува во стој стил како што почнала, ние констатираме дека ова претставува стратешка грешка за Република Македонија и дека е неопходно да се изгради оваа Влада врз начелата на Охридскиот договор, затоа што во спротивно нема да се затвори ниту едно прашање за кое впрочем и Македонија плати висока цена, поради кое и албанскиот народ плати висока цена.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Зиди по амандманот, но ве молам само во врска со амандманот, било какво отстранување, јас ќе прекинам.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Со овој амандман кој е предложен од страна на пратеници од ДПА, сакаме да пополниме една празнина која е регулирана со амандманот В од Уставот на Република Македонија, но празнина која во иднина треба да се регулира и со закон за употреба на јазиците. Се додека нема закон за употреба на јазиците се чудам како министерот си зема за право, а особено еден министер за внатрешни работи да коментира амандман на Уставот во форма која нему му одговара. Прашањето на јазиците сеуште не е регулирано со закон, многу брзо треба да се регулира и затоа Уставот остава простор албанскиот јазик да се употребува во сите сегменти, во сите области на власта.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не беше баш за амандманот, вие го каравте министерот, но бевте кратки.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, за амандманот гласале 11, воздржано 4, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 во новиот член 7-б за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6, поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Кога го поднесовме овој амандман, мислевме на сукцесијата како основа за добивање државјанство и помисливме на тоа дека со Уставот од поранешна Југославија сите граѓани го имаа како основно право и правото за државјанство. За жал, со распадот на Југославија и со осамостојувањето на Македонија од 1991 година еден дел на албанците кои живееја во Македонија останаа без државјанство. За да се реши нивниот статус ние го предложивме овој амандман. Амандманот е во духот на Европската конвенција за државјанство за тоа истакнавме и во текот на дебатата, на дискусиите дека живеалиштето е доволен услов за оваа категорија на граѓани да се стекнат по автоматизам со државјанство.

Затоа го молам Собранието на Република Македонија, ги молам пратениците да имаат разбирање, но и Владата на Република Македонија за да го прифатат овој амандман.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Би замолил за малку поголемо внимание, дискусијата на господинот Насуфи по овој амандман воопшто не соодветствува со овој амандман. Ова е бришење на член 6, а господинот Насуфи дискутира за амандманот на член 14.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ја признавам грешката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е и моја грешка, требаше да го опоменам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, за амандманот гласале 8, воздржано 4, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели и Џезаир Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете процедурално.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Рековте дека амандманот 3 го поминавме, имаме уште еден амандман кој се однесува на член 14 околу сукцесијата, затоа би ве замолил да не се помине тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пак е некоја грешка.

Јас отворив претрес по друг амандман, поднесен од Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели и Џезаир Шаќири.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Ова објаснување го дадов во текот на дебатата во однос на член 6 односно кој го менува членот 9. Јас и натаму мислам дека странскиот државјанин нема потреба да престојува една година за да добие државјанство врз основа на брак, затоа што ова го објаснив дека тој многу губи од она што значи бенефиции кои ги ужива во другата држава од која доаѓа, каде што работи и живее.

Предлогот што го дава Владата на Република Македонија во таа тесна врска од осум години е член кој понатаму може да се толкува на различни начини дека тесните врски секогаш оставаат простор за да се толкуваат така како што сака надлежниот орган, или така како што сака барателот за државјанство.

Не е случајно, јас мислам деак треба да остане три години со тоа што странскиот државјанин да не биде обврзан последната година да има постојан престој во Република Македонија доколку бара државјанство врз основа на брак.

Барам поддршка, се разбира и од другите пратеници и мислам дека е многу подобро решение отколку она што е предложено сега од Владата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, за амандманот гласале 9, воздржан 1, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менувањење на член 6 поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели и Џезаир Шаќири.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 14-а по членот 14, поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако е ова претходната дискусија за овој амандман, да преминеме на гласање.

Добро, повелете господине Асани.

Пратеникот Фатмир Асани како предлагач имате пет минути право да го образложите амандманот.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јасно се гледа дека парламентарното мнозинство нема намера да го разреши прашањето на државјанството со самиот факт дека од овој закон направи еден роман со многу членови и многу нејаснотии, а добро се знае дека секој што чита роман сака да му биде јасен тој роман. Наместо да има помалку членови да се разрешат проблемите на граѓаните, во споредба со законот за високо образование како што е јазикот, се предлага решение со пет члена додека овој закон како пример има над 30 членови. Со тоа и натаму граѓаните ќе бидат обврзани очекувајќи на шалтерите да се соочуваат со Ерол Салиу. Но, не заборавајте дека оваа работа ќе донесе нови последици кои можат ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие не зборувате за амандманот. Ве молам зборувајте за амандманот.

ФАТМИР АСАНИ:

Кога вие не сте во состојба да ни ги прифатите нашите амандмани, треба да го кажеме и ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Уште еднаш, навистина молам без разлика дали амандманот се прифаќа или не се прифаќа, да зборуваме за амандманите. Општиот претрес е завршен, сега зборуваме точно за содржината на амандманите, да се дообјаснат, за да не убедите дека амандманот треба да се прифати.

Повелете господине Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам.

Што се однесува до граѓаните на Република Македонија кои се наоѓаат во Република Македонија од бившите југословенски федеративни републики кои поседувале документација од Министерството за внатрешни работи на бившата Социјалистика Република Македонија од законот кој ќе го изгласаме, а тоа е предлог на Владата, ние ги искажавме нашите забелешки и беше констатирано од нашите забелешки дека немаме некое унапредување во однос на олеснување или интерпретирање на еден многу појасен начин на овие граѓани дека ќе се стекнат со државјанство по автоматизам.

Добивме примери од други држави кои го имале овој проблем каде со еден документ за континуитет од таа држава беше решено по автоматизам прашањето. Ги спомнавме чесите, словаците и други држави кои по правични процедури биле зад нас како што се Литванија, Летонија, Естонија, тие се пред нас по однос на ова прашање.

Јас знам дека господинот министер е научен на ваков начин да ги разрешува прашањата да ги искажува нештата за кои јас имам лични забелешки во однос на него кој никогаш не е фер да ги анализира темите за кои дискутираме затоа би побарал тој да биде многу појасен што се однесува до бившите граѓани кои се наследници на бивша СФРЈ. Неговите интерпретации се бајати и во однос на законите околу Охридскиот договор и Уставот, но за крај сакам да кажам што да се очекува понатаму. Што ќе биде од државата кога полицаецот го интерпретира Уставот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Зиди Џелили по овој амандман?

Повелете.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Само за амандманот. Бидејќи голем број на граѓаните кои аплицирале за државјанство како што рече и самиот министер ги тангира овој член 14, ние со овој амандман сакаме да ја олесниме процедурата и наместо да се бараат уште услови да нема голем број на услови, значи да се има поефикасна врска, бидејќи е плус услов потоа е многу нејасно што се подразбира под ефикасни врски, така што останува простор некој да го злоупотреби, а граѓаните и натаму да останат без државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеника, за амандманот гласале 9, 2 се воздржале, и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 14-а по членот 14 поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и фатмир Асани.

**Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, точка 2, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Петар Апостолов.**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, ова е за членот 3 став 1 точка 2 каде што се предлага бројот на годините за постојан престој од 8 на 10 години. Тоа се предлага заради усогласување со Европската конвенција за државјанство, имајќи ја предвид

големината на државата и социјалекономските параметри кои што се врзани со квалитетот на живеење на граѓаните. Другото беше кажано во текот на дискусијата, не би повторувала.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодрам претседателе, јас се јавив за збор затоа што и ние неколку предлагачи од Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ исто така имаме предложено амандман, т.е. амандман 2, кое што е со иста содржина како и на госпоѓата Лилјана Поповска.

Имено, предлагаме во членот 3 исто така став 1 точка 2 бројот 8 да се замени со бројот 10. Исто така ние врзано со еден амандман предлагаме тоа да важи после приемот во ЕУ.

Правото на државјанство е право на држава од страна на странците кои тоа го посакуваат и од тие причини е предлогот за отворената рамка од Европската конвенција за државјанство односно до поднесувањето на барањето за државјанство странецот започнал постојано да живее на триторијата на Република Македонија најмалку 10 години е со важност овој законски цензус од приемот на Република Македонија во ЕУ. Се разбира ова  го бараме поради тоа што прво треба да се согледаат резултатите од пописот на населението.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Се извинувам, за овој амандманј ли дискутирате или за вашиот амандман. Вашиот има некоја додавка таму. Значи, кога ќе дојде вашиот амандман нема да дискутирате.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Може некој друг да дискутира. Значи, се разбира треба да се согледаат резултатите од пописот социјалната и етничката структура на населението, да се утврди бројот на лица без македонско државјанство кои живеат или претстојуваат времено на територијата на РМ и да се утврди нивната социјална и етничка структура, а дури потоа да се пристапи кон промена на актуелниот закон, што се однесува во врска со цензусот од 10 години, бидејќи сведоци сме дека Македонија ги претрпе бегалските кризи како што беше Косовската бегалска криза, Босанската

бегалска криза, доживеа длабоки трауми за да може да преживее нова промена на етничката структура на населението на штета на Македонскиот народ, а тоа да не се одрази врз политичко безбедносната состојба и економскаста состојба во земјата и во регионот. Токму од тие причини ние ќе го подржиме овој предлог амандман на г-ѓата Лилјана Поповска, кое што се совпаѓа со нашиот. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Господине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, јас морам да го истакнам своето задоволство со што еден пратеник, поточно двајца пратеници од Парламентарното мнозинство навистина има чувство и храброст да кажам, иако припаѓаат на парламентарното мнозинство да поднесат еден ваков амандман кој во најголема мера ја апсорбира сето онаа содржина од дискусиите кои што во најголем дел ја истакна и опозицијата, што значи дека мора да се потврди дека фактите и она сето образложение што го даваат претставниците на поголем дел од позицијата, па и претставникот на Владата дека Европската конвенција за државјанство мора да ја прифатиме како што Владата мисли, значи не држи, или ако од друга страна ги погледаме сите услови кои што РМ  што егзистира, особено опкружувањето кое што го имаме и сите овие години наназад кои што ги поминавме така како што ги поминавме, навистина предлогот, односно овој амандман е добар и развива податокот што конечно пратеници од позицијата се будат и тоа нека биде стимул за останатите. Со ова само сакам да го демантирам еден од пратениците кој што се искажа дека овој парламент буквално не се разликува по ништо од првиот, еве сега еден доказ дека се разликува, што значи дека и кај пратениците од Парламентарното мнозинство постои слух да ги слушне и гласовите на опозицијата и на граѓаните  и сите оние јавни дебати кои што беа произлезени и сметам во најмала рака очекувам дека Пратеничката група на ЛДП, ако ништо дрдуго, барем од колегијални причини би требала да го поддржи овој амандман, ај тоа во најмала рака барем половината од СДСМ да го сторат.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеника, за гласале 13, 2 воздржани, и 57 пратеника против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 точка 2 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Петар Апостолов.

**Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Петар Апостолов.**

Го молам претставникот на Владата а се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Со предложениот нов амандман на членот 8, фактички од Владата на РМ, овој поранешен став 2 на член 8 повеќе не фигурира, и ние не го прифаќаме, односно Владата не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој бара збор?

Треба да се повлече амандманот.

Повелете г-дине Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Мене ми е навистина јасно за овој амандман бидејќи е безпредметен, само би апелирал до Владата да се води сметка да се заштити амандманската расправа и што помалку да се врши измена на измена од Законот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали значи дека го повлекувате амандманот.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Не го повлекуваме ама е безпредметен.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Го повлекувате ли амандманот? (Го повлекуваме)

Има збор пратеничката Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Со овој амандман, за да им биде јасно на пратениците, бидејќи незнам колку ги следеа сите амандмани што се поделени утрово од Владата ни беше поделен амандман со кој што се брише целиот став 2, кој што специфицира одредена категорија граѓани кои што имаат можност на приоритет за добивање на државјанство. Амандманот мој и на колегата Петар Апостолов се однесува токму на овој став 2 кон кое е додадена уште една специфицирана категорија. Значи беше

додадена категоријата Македонци по потекло. На ваков начин практично со амандманот на Владата нам  ни се одзеде можноста да се бориме за нашиот амандман. Инаку ние доколку има можност би останале, но нема теоретска можност, нема на што практично амандманот да стои, со оглед на тоа што во Деловникот не постои можност да се даде друг амандман денеска на денешната седница, нам ни е одземена можноста било што да сториме и би требалао во некој следен деловник да се смени тој дел од Деловникот и евентуално да се обезбеди во вакви случаи да можеме ние да реагираме, затоа што доколку постоеше можност овој амандман на друг начин би го преформулирале и нов став треба да стои за кого ова би важело. Сега просто немаме што да спориме.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Значи и од ваша страна се повлекува амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ама немојте се повлекува.

Амандманот не се повлекува, амандманот вие го ништите, нема основа на која што амандманот да стои.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Значи вие не го повлекувате амандманот.

Има збор министрот за внатрешни работи Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

За да не излезе дека ние правиме некои мучки, немам ништо против овој амандман да се гласа од двајцата пратеници што го дадоа. Владата нема ништо против да се гласа за него за да немаме вакви конструкции дека сме подметнале нешто за да не се гласа по овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Амандманот е тука на маса. Ако е безпредметен треба предлагачите да го повлечат. Бидејќи еден од предлагачите не сака да го повлече, имаме дискусија повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКСИ:

Почитуван претседателе, нелогично е тоа што претставникот на Владата вели дека некој не си игра мучки меѓутоа, очигледно дека се мучки во прашање затоа што ние работиме како пратеници согласно Деловникот кој што сите овде го почитуваме. Тој Деловник кажува дека амандмани во една ваква процедура пратениците можат да поднесуваат пет дена пред парламентарното заседание. Ако нам почитуван

претседателе тоа право ни е ускратено, најмалку што може Владата да направи исто така кога ги поднесува амандманите да ги поднесува во тој рок. А не денеска да ни доставува амандман со кои што го брише ставот 2 и сите овдека пратеници кои како суштински проблем интервенираат со амандамни се ускратени за тоа право. Меѓутоа, срећна околност е што пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ не поднесе ваков амандман во ставот 2 затоа што ние мучките на Владата ги претпоставуваме, туку поднесовме амандман каде што се брише тој член и каде што ќе имаме можност пратеничката група овде да се произнесе.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Јас морам да кажам дека овој недостаток на Деловникот можеме да го направиме.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Пратеничка Лилјана Поповска јас разбирам дека е апсурдно и дека е нелогично, меѓутоа по процедурата вашиот амандан стои овдека и вие мора да кажете дали го повлекувате или не. Господине Апостоловски вие не кажавте дека го повлекувате амандманот а кажавте дека е безпредметен. Кажете дека го повлекувате и завршуваме со амандманот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

г. Претседателе, Владата всушност, нашиот амандман го направи безпредметен ја оневозможи можноста за него да се изјаснуваме. Ние имавме укажувања од службите собраниски кои што го делеа амандманот ни укажаа дека со ова практично нашиот амандман нема можност да биде изгласан така што колку сме писмени сите правно да не си играме играчки сите овде во Парламентот сме доволно писмени да не си играме играчки.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Значи го повлекувате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Амандманот е повлечен дефакто.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Добро, значи амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

СПИРО МАВРОВСКИ:

На ваков начин ако Владата на секоја седница за која што и самите говорите расправаме три дена и токму тоа беше проблемот зошто расправаме македонци по потекло сега е момент кој го донесе министерот во текот на седницата, вие кажувате дека тој станува без предметен и сега излегува дека колегите пратеници го повлекуваат овој амандман и дека за него што сме разговарале се е паднато во вода , затоа што министерот нашол на оваа седница решение. Ако така ги менуваме законите тогаш џабе што седиме сите пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Господине Мавровски ќе поработиме на тој проблем. Сега е таа процедура тој амандман дваицата предлагачи го повлекоа и тука завршуваме со амандманот.

**Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.**

Го молам претставникот на Владата а се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Има збор г-динот Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине претседателе но овдека навистина се работи за еден случај на скратување на правото на пратениците да даваат амандмани. Ние немаме право на оваа измена на Владат да дадеме амандман на овој член. Мислам дека на овој начин се девалвира нашата позиција тука и целокупната дискусија се сведува на едно зборување кој нема краен ефект. А крајниот ефект беше внесување во членот 8 став кој што ќе значи истакнување на македонците по потекло да имаат право на добивање на државјанство. Сега се брише тој став, истиот...

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Ова не е процедурално.

По член 166 последната алинеја пишува" подносителот на Предлогот на законот може да поднесе амандман се до заклучување на претресот по Предлогот на законот".

Тоа е член 166 од Деловникот. Тоа можеби е недоречност на Деловникот но тоа е сега за сега и ние можеме да поработиме на измена.

**Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.**

Го молама претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор г-споѓата Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Овој амандман на членот 16 се однесува со тоа што по крајната одредба за тоа кога стапува во сила овој закон, предлагам да се применува дека ќе стапи во сила во овој законски рок, меѓутоа тој се применува од 1 јануари 2010 година. Во образложението би навела дека овој датум е избран поради тоа што сметам дека до овој датум ќе бидат завршени големиот број на активности за прием на РМ во ЕУ и ќе биде усогласено во најголем дел нашето законодавство со законодавството за ЕУ, така што сметам дека би имала една поспокојни услови овој закон да биде применет.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, за гласале 10 воздржан 1 против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

**Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.**

Тоа е амандман 2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Со оглед дека територијалната поделба и прашањето за државјанство немаат заеднички допирни точки, Владата не го прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор г-ѓа Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се однесува на варијанта на претходниот амандман и практично еден друг рок за важење на Законот од 1 јануари 2005 година со претпоставка дека во

предложениот рок би требало да бидат усвоени паќетот закони обврзани со Рамковниот договор меѓу кои и законите за територијална поделба на Репбулика Македонија и исто така дека ќе бидат завршени и локалните избори. Се очекува во тој период состојбата во РМ да биде постабилна на секој план а исто така и поприемчива за примена на овој закон.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно глсале 65 пратеника, за гласале 9 воздржан 1, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Трет амандман по истиот член.

**Отворам претрес по Амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Лилјана Поповска.**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Со оглед на тоа дека со пописот не може да се утврди максимален број на население кој може да има вакво или такво државјанство, а со оглед и на тоа што резултатите од пописот се објавени Владата овој Амандман не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Овој Амандман го повлекувам со оглед на тоа што генералните резултати од пописот се познати, а Владата заедно со тој Амандман претходно спомнат предложи сличен амандман на овој, така што практично нема потреба од мојот амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи амандманот е повлечен.

Отворам претрес по Амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Аманданот не се прифаќа.

Молам, дали некој бара збор>

За збор се јави г-динот Кенан Хасипи.

Повелете г-дине Хасипи, пет минути имате бидејки сте предлагач на Амандманот.

КЕНАН ХАСИПИ:

По се изгледа дека мојот настап на парламентарната говорница не беше доволен претставникот на Владата да го преиспита ставот во врска со формулацијата на став 2 од член 5. Затоа дозволете ми накратко да дадам некои појаснвуања во врска со амандманот што го предложив.

Имено член 8 од досегашниот Закон за државјанство на Република Македонија утврдува дека иселеник од Република Македонија , ако и негов потомок од прво колено може со природување да стекне државјанство на Република Македонија иако не ги исполнува условите од член 7 став 2 и 8 на овој закон.

Сакам да потсетам дека ставот 2 се однесува на тоа апликантот да наполи 18 години од животот, а став 8 да има отпус од странското државјанство. Меѓутоа, иако иселеникот е ослободен од исполнувањето на овие два услова сепак истиот е должен да ги исполнува и другите услови од членот 7, како што се: познавање на макеоднскиот јазик; да не ја загрозува безбедноста и одбраната на земјата; да има обезбедено стан и постојан извор на средства за егзистенција; против него да не се води кривична постапка во Република Македонија и во земјата од каде што доаѓа, чиј државјанин е; да не се казнува со казна затвор во траење од најмалку една година и слично.

Отука сосема е депласирано да се воведе формулацијата “освен во матичната земја”, не само од причините што ги изнесов во мојата дискусија, туку и поради тоа што бројот на иселеници кои ги аплицирале прием во државјанство на Република Македонија би бил занемарлив и не би влијаел битно врз етничкиот баланс и демографската карта на Република Македонија . Впрочем, сите релевантни факти зборуваат во овој прилог и нема потреба од формулација која

определена група граѓни би ја дискриминирала во правото на стекнување на државјанство на Република Македонија , ниту на ваква формулација која правно не е издржана.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Хасипи.

Збор има пратеникот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господине минситре,

Би сакал да ја искажам мојата подршка во врска со овој Амандман бидјеки и мојата дискусија и репликите беа во тој правец. Главната сугестија што јас дискутирав беше токму во овој правец дека се воведува терминот “матична држава” , кој очигледно сака да воведе на мала врата нешто што досега не беше пракса.

Се работи за ситуација досегашниот член 8 даваше можност да аплицираат и луѓе кои се иселени од Република Македонија по разни основи, и по природувања. Сега со законот за државјанство се вели дека може тоа поради фактот државата може да ја оцени потребата за прием на државјанство. Очигледно со воведување на матичната држава се прави обид и начин да се спречи една голема популација на луѓе кои се иселиле токму во една држава - Турска. Знаеме дека во едне определен временски период 50-тите години поради познатите политички, економски ситуации на кој начин тие се иселиле оттука. Не станува збор, како што рече колегата Хасипи дека тој број е голем, но очигледно на овој начин се спречуваат и луѓе кои по род, или некои поколенија да можат да аплицираат за државјанство, кои можеби од некои причини, од носталгија, или поради тоа што неможеле да се снајдат во таа држава и т.н, или пак нивните потомци во својата држава Македонија да аплицираат за државјанство. Не значи автоматизам за прием на државјанство, мислам дека ова на овој начин се ускратува. Она што е најважно, се демистифицира една ситуација за која сакам јасно да кажам, определена заедница, турската заедница преку ова сака да се укаже дека турците што живеат во Македонија се гости, дошле од некаде и треба да се вратат во таа матична земја.

(Пратеникот Есад Рахиќ коментира од место).

Господине Есад Рахиќ ако мислите дека е така во ред, треба да реплицирате и така да испадне.

Мислам дека тоа не држи, по разни основи тоа не држи и дека матична држава воведување на овој начин е сосема апсурдна и спротивна на интенциите во

интегрирање во Европската унија. Ако се воведува матичност би требало да се воведе и објаснвуање што значи тоа и во кој случаи, таксативно да се набројат дека матична држава значи тоа , тоа и тоа, а не на начин каде што се вели матичност и во случај некој да алицира да му се каже вие имате матична држава зошто аплицирате за државјанство.

Мислам дека неприфаќањето на аргументите во овој случај и на позицијата и на опозицијата од турската заедница е голема грешка на Владата. Мислам дека во иднина ќе се рефлектира со многу полоша ситуација.

Јас би апелирал уште еднаш да се размисли во овој правец, ако не сега во иднина да се исправи оваа крупна грешка што е направена во врска со воведувањето на матичноста и индирекно на турската заедница во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам , дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас сакам да дискутирам за тоа дека овде има потполно право пратеникот Ќенан Хасипи, меѓутоа и последната дискусија на г-динот Аднан Ќахил, не смееме да правиме вакви делби, како што се вели во објаснувањето, образложенијата во овој Амандман за интервенциит ево членот 5 алинеја 2. Потполно имаат правокога велат дека една категорија на граѓани е дискриминиран аво овој правец. Затоа мислам дека ќе беше добро овој Амандман да се прифати и јас ќе бидам за овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Рафет Муминовиќ.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Јас би сакал конкретно да прашам.

Дали македнците со бошњачко етничко потекло кои што се родени во Македнија, заминати во Турција се третираат дека се иселени во матична држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Станува збор за еден амандман кој што имамногу логика и мислам дека со неприфаќањето на овој амандман во Република Македонија ќе дојдеме до кршење

на рамноправните права на сите граѓани во  Република Македонија . Устата ни е полна со зборови, и така ќе биде дека сите живееме да имаме едно демократско општество во мултиетничко и граѓанско општество. Во таа насока образложенијата што беа дадени од претходнит еговорници, вие знаете дека услов за граѓаните на  Република Македонија  за да заминат во Република Турција, иако до тој ден бил припадник на албанското малцинство во тоа време, но за да замине во Турција поради државната депресија која што е направена тогаш врз албанците во Македонија, но и албанците во СФРЈ тие биле принудени без нивна желба да се напишат дека се турци за да заминат во Турција, но Турција не е матична држава на албанците. Албанците се албанци а поради репресиите тие беа заминати во Турција и беа принудени да ја променат националноста. Дали тоа ќе важи и за албанцит екои што се заминати во Република Турција.

Според Законот што го имаме како Предлог од страна на Валдата сигурно тоа ќе важи иза тие граѓани на  Република Македонија  и затоа  мислам дека во оваа насока доколку сакаме да не ги категоризираме граѓаните на  Република Македонија и да ги ставаме во исто ниво овој амандман треба да биде прифатен од Владата и да стане составен дел на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Г-динот Аднан Ќахил бара збор за реплика).

На кого реплика?

(Реакција на пратениците во салата).

Не гледам тука зошто би имало реплика сега. Секој се изјасни по амандманот. Вие се изјаснивте по амандманот исто така. Ве молам да бидеме констуктивни.

(И понатаму реакција на пратеникот Аднан Ќахил).

Ве молам повторете го гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеника од кои 13 за, 6 воздржани и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратеникот Кенан Хасипи.

(Г-динот пратеник Аднан Ќахил излегува пред претседателот настојвуајки да добие збор за реплика).

(Реакција на пратениците во салата).

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на новиот член 7-а поднесен од пратеникот Иван Стоилковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Иван Стоиљковиќ.

ИВАН СТОИЉКОВИЌ:

Бидејки во периодот помеѓу двете седници Владата поднесе Амандман на членот 7-а, со кој Амандман членот се допрецизира сметам дека престана потребата од мојот амандман и затоа го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи повлечен е Амандманот.

Отворам претрес по Амандманот на член 4 во новиот член 7-а поднесен од пратеникот Љупчо Јордановски.

Тука ќе ја искористам мојата мала предност што сум претседател и пред да го прашам претставникот на Владата да се произнесе, јас го повлекувам амандманот, бидејки со амандманите кои што ги достави Владата овој амандман стана без смисла.

Отворам претрес по Амандманто на член 4 за менвуање на новиот член 7-а поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој бара збор.

Има збор пратеникто Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Прво би го прочитал членот 7-а, кој што се менува, а кој гласи: “државјанство на Република Македонија со природување може да стекне лице без државјанство или лице со признат статус на бегалец, ако од утврдување на бездржавјанство односно признавањето на статус на бегалец до поднесвување на барањето за прием на државјанство законски и постојано живее на територијата на Република

Македонија  најмалку 6 години и ако ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 1 и точките од 3 до 10 на овој закон".

Нашиот амандман гласи: "Во членот 4 од новиот член 7-а се менвуа и гласи: " државјанство на  Република Македонија  со природување може да се стекне лице без државјанство или  лице со признат статус на бегалец ако ги исполнува условите од член 7 став 1 на овој закон".

Образложение: " И лицето без државјанство и бегалецот се странци и не постојат никакви причини да бидат во попривелегирана позиција од останатите странци при приемот на државјанство на  Република Македонија . Со измените од членот 7-а се изедначуваат, ова што ние го предлагаме, условите за сите странци за прием на државјанство на  Република Македонија  утврдени во членот 3 на овој Предлог закон односно во членот 7 од постојниот Закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманто го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 претник од кои 8 за, нема воздржани и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за менвуање на новиот член 7-а поднесен од пратениците Коце Трајановкси, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски  и Љупчо Балковски.

Отворам претрес по Амандманот за бришење на член 14 поднесен од пратениците Коце Трајановкси, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски  и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(Пратеникот Коце трајановски бара збор процедурално)

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас сметам дека би требало да знаеме по кој редослед ги давате на расправа амандманите. Имено јас имам направено табела на сите амандмани и не сакав да реагирам кога беше амандманот 6 од г-динот Замир Дика, па потоа амандманот од Исмет Рамадани, соодветно на амандманто 6.

Имено, сега незнам зошто ние сме на ред, амандман 14 кога поредослед, ако идете по временската компонента има други амандмани. Просто не можам да ве разберам. Сега би требало да биде Јанаќе Витановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па, вие сакате да кажете дека оној редослед што го прочитав од почеток, сега не се слага со расправа по амандманите.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да, затоа што Јанаќе Витановски би требало сега по временската компонента да биде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се сложувам, но по време, а не по време на пристигнување, туку по редоследот како што се прочитани кога почнавме расправа по текстот на законот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Каков е тој редослед направен, тоа е работата. Треба да го имаме редоследот, за да можеме да следиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во секој случај ова можеме да го продискутираме подоцна, амандманите што се приложени дали сите се тука.

Затоа, отворам претрес по амандманот за бришење на член 14, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Љупчо Балковски.

Повелете г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Амандманот се однесува на членот 14 и се бара членот 14 да се брише. Образложението за овој амандман е која е логиката повторно да се актуализира прашањето за добивање државјанство на Република Македонија за државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните, кога тоа право веќе еднаш е апсолвирано со жленот 9 и 7 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија од 17 ноември 1991 година и со членот 26 од Законот за државјанство на Република Македонија, донесен на седницата на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 септември 1992 година. Македонија и без Европската конвенција за државјанство со распаѓањето на поранешна СФРЈ, таа обврска за државјанствата по основ на сукцесија на поранешна СФРЈ, ја апсолвира и ја санкционира. Тоа прашање е затворено и тука нема ниту уставен, ниту законски

основ за негово повторно отворање. Посебно, заради фактот што станува збор не за лица без државјанство, туку за државјани на републики на поранешна СФРЈ. Во случајов станува збор за албанци државјани на република Србија, претежно од покраината Косово и Јужна Србија. Цивилната администрација на ОН на Косово тоа прашање, исто така го апсолвира. Станува збор за лица кои се родени на Косово и потекнуваат од Косово, за лица кои во Косово имаат матични книги на евиденција и веќе имаат лични исправи, за кои по секоја цена се изнасилува државата Македонија да им издаде и македонски лични исправи, за да може да се вкалкулираат во вкупното население на републиката, менувајќи ја етничката структура на населението.

Неспорен факт е дека при пописот на населението во 1981 година, тогашниот Сојузен завод за статистика го поништи пописот на населението на Косово и во Северозападна Македонија, затоа што исти лица со масовни механички миграции за време на попишувањето се попишани и во Косово и во Македонија.

Во членот 19 од Европската конвенција за државјанство, земјите сукцесори прашањата за државјанството го уредуваат со договори меѓу нив. Македонија таков договор нема склучено ниту со Србија, ниту со Србија и Црна Гора, ниту со цивилната администрација на ОН на Косово, ниту со која било друга република, на сукцесорот поранешна Југославија. Уште повеќе што Македонија ниту побарала овие немакедонски државјани да обезбедат допуст за отпуст за државјанството во Косово или пак од српските власти. Факт е дека станува збор претежно за албанци по потекло од Косово, кои веќе го регулирале државјанскиот статус на Косово и во Албанија. Како причина за сето ова  до Владата имаме неколку причини кои ги наведуваме тука.

Прво, Владата не дава никаков податок колку лица се во постапка пред МВР, со пријава на државјанство на Република Македонија, каква е нивната етничка и социјална структура и на чии социјални фондови ќе легнат оние кои немаат извор на приходи и егзистенција.

Второ, Владата не знае колку лица без македонско државјанство живеат или се со некаков престој на територијата на Република Македонија и каква е нивната социјална и етничка структура.

Трето, Владата вели дека донесувањето на овој закон не бара дополнителни средства од Буџетот. Дали се заборава дека оние што ќе добијат македонско државјанство, ќе бидат на товар на социјалните фондови токму на Буџетот на земјата, откога ќе го добијат македонското државјанство.

Четврто, Владата не знае колку македонски државјани живеат надвор од територијата на Република Македонија, колку се во брак со странци и колку деца имаат родено во странство што ќе побараат македонско државјанство, каква е нивната социјална и етничка структура. Зашто, странство за Македонија не се само Франција и Германија, туку и Србија и Косово.

Понатаму, со Законот за државјанство на Република Македонија од 1976 година, посебно беше разработено правото на државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ за прием на државјанство на Република Македонија. Доволно беше законски престој и живеалиште на територијата на Република Македонија за прием на државјанство на Република Македонија. При распаѓањето на поранешна СФРЈ, па и две години потоа до донесувањето на актуелниот закон за државјанство во 1992 година, никој не го суспендира правото, лица кои имале пријавено законски живеалишта на територијата на Република Македонија, да не можат да добијат државјанства на Република Македонија од 1976 година. Тоа право со Законот за државјанство на Република Македонија од 1992 година е продолжено заклучно до 11 ноември 1993 година. Тоа што некој го пропуштил тоа право не е вина на државата, туку на органите на управата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски вашите пет минути истекоа.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Уште една реченица, за да го завршам исказот, да не се јавувам повторно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, тие пет минути завршија.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се работи за лица кои понатаму не се без државјанство , благодарам господине претседателе за вашите десе секунди.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Деловнички побара збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, морам да ви укажам дека не ја водите седницата согласно Деловникот. Еве, повелете сега ќе го прочитам членот 168, на страница 154 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

“За амандманот се води претрес. За амандманот има право да се изјасни предлагачот на законот и известителот на работното тело што го претресувало Предлогот на законот во траење од пет минути”. Никаде не пишува и во продолжение Владата може да се изјаснува за амандманите и кога не е предлагач. Така завршува членот. Никаде не пишува предлагачот на амандманот колку време ќе зборува. А, бидејќи не пишува, значи ќе може да зборува онолку колку што треба, со оглед на тоа што е предлагач. Можеби е грешка во Деловникот, меѓутоа, таа грешка ние сега не можеме да ја толкуваме. Според тоа, сметам дека немате деловничко право да им ја скратувате дискусијата на пратениците кои се предлагачи на амандманот.

Второ, зошто ни дадовте нас сега амандманот 14, со оглде на тоа што претходно мислам дека од г.  Замир Дика, Илјаз Халими и уште еден предлагач, веќе беше на дискусија амандманот на член 14, исто така, сега беше на ред господинот Јанаќе Витановски со неговиот амандман, на амандманот 14, на членот 14 амандман имаше и повеќе други. Меѓутоа, согласно на член 170 став 3 нас ни дадовте преднос, меѓутоа, требаше да ни дадете предност кога беше од Замир Дика, бидејќи овој гласи, ако со некој од амандманите се предлага бришење на одредена определба од Предлогот на законот, а ние токму така на член 14 само ние предлагаме бришење на член 14, сите останати предлагаат менување на член 14. Значи првиот што ќе дојде термински да се разговара за член 14, тогаш не повикувате нас кој што имаме исто на членот 14 бришење. Прво, се гласа за тој амандман, значи оние што предлагаат бришење и ако амандманот се усвои не се гласа за другите амандмани на тој член. Соодветно на тоа би сакал да не ги прекинувате пратениците кои што се предлагачи на амандманите. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, прифаќам.

Дали некој друг бара збор по овој амандман?

Пратеникот Којзеклиска Марија.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, јас само би сакала да го цитирам член 9 од Уставниот закон за спроведување на Уствот на Република Македонија во кој се вели: “Државјаните на другите републики во СФРЈ, кои на денот на влегувањето во сила на овој уставен закон имале пријавено живеалиште на територијата на Република Македонија, а немаат државјанство на Република Македонија, ќе можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија во согласност со Законот за државјанство на Република Македонија. Ние, овде во овој амандман сметаме дека бројот на поединечните случаи, затоа што и самиот министер рече дека најголем број од проблемите се решени и повторно ќе се повторат, затоа што ми беше во дискусијата, дека најголемиот број од овие случаи се решени. Дали ние овој Предлог на закон треба да го донесеме, за да се дорешат уште 5, 10, 12 случаи или ние овде треба со овој амандман да ја утврдиме еднаш засекогаш да го регулираме државјанството на државјаните на другите републики од СФРЈ, за да веќе го завршиме тој дел од историјата. Затоа, ги молам пратениците, апелирам до пратениците овој амандман да биде усвоен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Вејсели Абдулади.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Благодарам господине претседател,

Мислам дека многу се манипулира со терминот граѓани на поранешните републики на Југославија. Гледајте, во самиот акт на поделба на Југославија, тие граѓани се нашле во Република Македонија. Тие имале престој и живеалиште во Република Македонија. Тие луѓе биле во работен однос во Република Македонија. Тие луѓе извршиле воена обврска и биле регрутирани од Република Македонија. Зборуваме за граѓани на Република Македонија, кои се наоѓаат тука од 1945 година, 1950, 1953 година итн. Од друга страна тие граѓани без нивна вина останале вез државјанство.

Прво, тие не знаеле дека ќе се подели Југославија.

Второ, тие не можеле да се спротивстават на Управата на ДБК. Тогаш го користеле правото на дискреција и не им се дало образложение зошто не им се дава државјанството. Затоа, ве молам не играјте со судбината на овие граѓани, не манипулирајте и не добивајте политички поени на нивен грб, затоа што тие ги имаат своите проблеми и своите маки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборуваме за амандмани, а не полемизираме меѓу себе.

Повелете господине Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас се јавувам за збор како еден од предлагачите на овој амандман, нема да се повторувам и јас со мојата дискусија го искажав моето мислење и сметам дека треба да внимаваме на опасноста од донесувањето на овој член 14 од Предлогот на законот. Инаку, би го прочитал тој член, кој вели вака: “Граѓаните на другите републики на поранешна СФРЈ и државјаните на поранешната СФРЈ кои на 8 септември 1991 година имале пријавено живеалиште и до поднесувањето на барањето постојано живеат на територија на Република Македонија, можат да стекнат државјанство на Република Македонија, ако во рок од две години по влегувањето во сила на овој закон поднесат барање, доколку против нив не се води кривична постапка во Република Македонија ги исполнуваат условите од член 7 став 1, точка 1 и точка 6 на овој Закон”. Инаку, од членот 7 точка 1 мислам дека е возраста да имаат 18 години наполнето и член 6 да го владеат македонскиот јазик до можноста да можат да се разбираат. Сметам дека со овој член не ги опфаќа странците кои што претстојуваат во Република Македонија согласно на Законот за движење и престој на странци, каде што се знае нивниот број, евидентирана е нивната состојба, евидентирана е нивната стручна подготовка и сите нивни карактеристики, така што ние би знаеле какви се импликации би имала Македонија добри или лоши, доколку тие бидат примени за државјанство на Република Македонија, согласно на член 7 и сите одредби од став 1 на тој член. Меѓутоа, исто така, би сакал да истакнам дека ние не сме против овие граѓани во Република Македонија, кои 15, 20 и повеќе години живеат во Република Македонија, амандман како што кажамандман г. Вејсели најголемиот број од албанско етничко потекло, во тој случај, со оглед на тоа што не се знае нивната евиденција, предлагам да се избрише овој член, меѓутоа, да се евидентираат сите тие лица и да се види поради што тие немаат добиено државјанство, да се види каде живеат, како живеат и после тоа ако треба ние за тие луѓе можеме да донесеме и посебен закон. Вака, на овој начин се отвора еден вентил кој што може да биде многу опасен за Република Македонија. Иако, ќе повторам ние како Република Македонија, една од републиките која настана како држава после распадот на поранешна Југославија, ние веќе тоа

право на сукцесија, кое што е дефинирано и во Законот за Европската конвенција за државјанство, еднаш веќе ја исполнивме. Тоа беше наша уставна можност, регулирана со Уставот, меѓутоа, ние не можеме повторно да даваме такви можности, со оглед на тоа што овој случај не е доволно разработен. Сметам дека ќе биде многу опасно за Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, пратеникот Стојаноски Блаже.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас сакам само да истакнам дека согласно Конвенцијата за државјанство до стекнувањето на државјанство по основ на сукцесија претпоставува 4 услови.

Еден од тие услови е ефективната врска со државата каде што се аплицира за стекнување на државјанство.

Вториот услов е постоење на постојано живеалиште во таа држава.

Третиот услов е израз на волја на апликантот.

Четвртиот услов претставува територијалниот потекло на оној кој што аплицира за добивање на државјанство по основ на сукцесија. Овие 4 услови од Конвенцијата се дополнети во овој член со условот против нив да не се води кривична пријава во Република Македонија како и условот да го владеат македонскиот јазик до степен до кој што можат да се разберат со околината и да бидат полнолетни. Сите овие услови кои што се наведени во член 14 од Предлогот за измени и дополнувања на Законот за државјанство се однесуваат на лица од поранешните републики на СФРЈ, затоа што согласно сукцесијата на СФРЈ, Македонија го регулираше прашањето на стекнување на државјанство со Уставниот закон од 1991 година и со Законот за државјанство кој што беше донесен 1992 година. При донесувањето на овие два акти беа регулирани во целост овие прашања и беше даден рок од две години сите оние кои што ги исполнуваат овие услови за сукцесија и за стекнување на државјанство на Република Македонија по пат на сукцесија, да можат да ги остварат своите права и да станат државјани на Република Македонија. Ако сега се враќаме назад и повторно го поставуваме и го отвораме тоа прашање, основната поента на ова не знам што е, која е целта да се овозможи да аплицираат оние кои што во тие две години не успеале или не биле жители на Република Македонија во тој период, тогаш мислам дека таа цел не би

требало да претставува јавен интерес на Република Македонија, туку целта на Република Македонија треба да биде до добијат државјанство сите оние што се родени, кои живеат во Република Македонија и на кои социјалната состојба им овозможува да можат да ги реализираат сите права кои што произлегуваат од постоењето на правото на државјанство на Република Македонија. Значи, во сите овие услови, кои што се наведени во членот 14, единствено од условите кои што се предвидени од Конвенцијата, не е наведено територијалното потекло. Не знам зошто, меѓутоа, тоа е така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Исмет Рамадани за амандманот.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас повторно гледам дека дебатата има заземено лоша насока кога се зборува за амандманот во оваа прилика, така како што и дебатираа за законот некои пратеници. Овој закон или овие измени и дополнувања на овој закон немаше да имаат смисла ако не се прави нешто во членот 14 односно во давање на можност на граѓаните, кои немале можност да се стекнат со државјанство во 1992 година. Каква и да е дебатата, дали 10 или 8 години, како што овде имаше неколку амандмани, не ми оставија некој впечаток сите тие дебати, колку овој член што ми остави впечаток, значи, оваа измена и ова дополнување.

Нам треба да ни биде јасно дека овде не е можно државата да нема евиденција за тие граѓани кои години по ред бараат државјанство и неможат да го добијат. Го испуштиле или пак не биле во можност да добијат државјанство во 1992 година се до 1993 година, со постојниот закон, затоа што има случаи кога само ние кои на некој начин сме се заинтересирале малку повеќе сме ги забележале. Вие сте ги виделе овие случаи и на телевизиски емисии, кои граѓани не стекнале државјанство. Имавте прилика да слушнете дека син или родител цело време до пензионирање работел како полицаец во Република Македонија, а тој денес нема државјанство. Има случаи кога го прекинале 15 годишниот престој, значи последните 15 години, тогаш до 1992 година, во еден момент го прекинале тој престој, го прекинале континуитетот во престојот поради некоја дозвола за возење која требало да ја земе во Хрватска или некаде на друго место, само затоа што овде тогаш законот беше многу ригорозен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за амандманот, немојте да зборувате за примери од типот за возачи. Дајте да поработиме поефикасно.

ИСМЕТ РАМАДАНИН:

Еве, зборувам за граѓаните што имаат проблеми од ваква природа. Значи, интенцијата е сите овие граѓани, на некој начин, кои ќе бараат врз основа на овој член, со оваа можност да бидат прогласени како опасни граѓани, или како граѓани на кои однапред им се дава епитетот така како што им се дава. Значи, имаме и случаи кога лицата неможеле да добијат државјанство поради материјалната состојба, кога се плаќало 500 долари за добивање државјанство.Имаме случаи кога предметот или документите за апликација со години биле во Управата за разузнавање и контраразузнавање и честопати сум кажал, до денес има предмети кои седат таму без никакви образложувања, без никакви објаснувања. Имаме и случаи на корупција, што значи се користело тоа време за да сеземе мито од многу граѓани, многу граѓани не биле во можност да се стекнат со државјанство и тн.

Затоа, не треба да го разместуваме проблемот и да го ставаме таму кај што не е, туку да го ставиме таму каде што е, проблемот на граѓаните на Република Македонија кои можеби работеле и живееле извесен период во другите републики, затоа што во овие податоци никој не го оспорува или пробламатизира. Имаме 31 илјада албанци кои земале државјанство од 1992 до 2003 година, а земале и 21 илјада срби, а тука тоа никој не го спомнува, за тие 21.000 срби кои земале државјанство во текот на овие години.Јас знам многу добро дека едно време имаше српска политичка партија која го поддржуваше Милошевиќ и не ја прифаќаше, не ја признаваше Македонија до доцна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршивме со општиот претрес.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Знам дека ќе интервенираат, ама кога зборуваме за факти, тогаш треба да зборуваме за фактите што ги има тука, а не само за албанецот што тенденциозно се појавува како опасен и само опасен.

Со овој амандман и со ова барање за бришење на овој член верувајте, се изразува прво моето лично несогласување, големо, но и на мојата партија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Би ги замолил пратениците да не ги користат амандманите за повторно да отвораме општа расправа. Да бидеме прецизни и конкретни во објаснувањето.

Реплика за господинот Блаже Стојановски, 3 минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господинот Рамадани,искажува голема недослденост во искажувањето, затоа што на почетокот кажува дека со непостоењето податоци за бројот и структурата на лицата кои не го искористиле правото да поднесат барање за државјанство на Република Македонија во рокот од две години, после 1992 година претставува аргумент повеќе за поддршка на овој амандман за бришење на членот 14 и после утврдувањето на тие податоци за социјалната и друга структура, како етничка, престојот, познавањето на јазикот и тн., после тоа да се утврди измена на овој закон која ќе значи право на тие лица кои долго време живеат, од објективни причини не можеле да стекнат државјанство на Република Македонија, да го остварат тоа право. Тоа е во насока фактички на она што го предлагаме ние, односно дефинирање на нов член 14, после анализа на состојбите и податоците кои постојат во Република Македонија во однос на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

Изборот е ваш, ние ќе работиме до 02,00 часот сабајле, не е проблем.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Имаме право да образлагаме и тоа нема да ни го ускрати, независно дали ќе работиме до 02,00 часот.

Која е интенцијата поради која бараме да се брише овој член 14? Ние лично сметаме ако нема потреба да стои член 14 од следните причини, покрај оние што беа овде кажани, би искажал и други.

Значи, со овој член се предвидува на сите поранешни државјани на СФРЈ од 8 септември 1991 година, кои имале пријавено живеалиште, до поднесувњето на барањето постојано да живеат на територијата на Република Македонија, за да можат да се стекнат со државјанство. Ако пресметаме од 1991 година до денес 2003 година, поминати се 12 години. Во 1992 година ова прашање беше апсолвирано со постојниот закон и тогаш навистина имаше логика, затоа што со донесувањето од 8 септември 1991 година до 1992 година имаше една година, така што навистина немаше можност овие лица да се стекнат со државјанство и мораше и требаше да има една таква одредба. Имаше рок од две години, сите имаа можност тоа да го сторат, тие што не го сторија требаше да се повикаат на членот 3, односно на членот 7, по кој сега расправаме.

Која беше неможноста? Неможноста беше затоа што немаше 15 години престој од 1991 до 2003 година, меѓутоа, денес по усвојувањето на овој закон, каде што рокот на престој се намалува на 8 години, не гледам потреба од постоењето на овој член, затоа што од 1991 година 8 години е 1999 година, така што не ја гледав причината зошто требаше да се издвои оваа категорија во посебен член, туку исто така тие можеа и можат да си поднесат барање и врз основа на член 7 став 1 и сите оние точки кои се наброени.

Меѓутоа, интенцијата на предлагачот е сосема друга. Оваа категорија граѓани кои вака или онака се странци со привремен престој или со постојан престој, кој од нив се бара, колку години, ги извдојуваме од категоријата други странци каде што согласно членот 7 е кажано кои услови треба да ги исполнува за да се стекне со државјанство. Би набројал само неколку, покрај оние со кои се дава привилегија, а тоа се да има 18 години и да го владее македонскиот јазик. А што е со останатите? Да има обезбеден стан и постојан извор на средства, да не бил казнуван, да биде лојален, да потпише заклетва и тн.Значи интенцијата на предлагачот е токму да ги избегне овие обврски кои ги има тој член.

Сега, тука се поставува прашањето: за кои граѓани или за кои странци предлагачот го предлага овој член. Значи, има нешто позади ова што стои, има одредена категорија на луѓе кои треба да се стекнат со државјанство по овој основ, затоа што веројатно не ги исполнуваат сите оние други десет услови предвидени во членот 7. И тука го немаме тоа објаснување за кои луѓе станува збор. Ние претпоставуваме дека се тоа најголем дел од оној прилив кој доаѓа од Република Србија или да не речам од Косово, меѓутоа, факт е кога само се издвојуваат два услови - да се наполнат 18 години и да се владее македонскиот јазик, а се друго да е небитно, значи дека поврзувајќи се со оваа категорија овде се прави една чиста злоупотреба. Од тие причини при постоење на нов член, каде што престојот се намалува од 15 на 8 години, не ја гледаме потребата од постоењето на еден ваков член и сметаме дека ова е со други намери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Ве молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето)

Го поништувам претходното гласање и да го повториме гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Гласал 61 пратеник, за гласале 8, 1 воздржано и 52 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членот 14, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Љупчо Балковски.

Бидејќи не го усвоивме амандманот стануваат актуелни другите амандмани што беа спомнати.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14, поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Присутни се 64 пратеници, иако 60 пратеници гласале.

60 пратеника гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 14, поднесен од пратениците Замир Дика, Илјаз Халими и Фатмир Асани.

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот пратеникот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Амандманот се однесува на членот 14 каде што предлагам зборовите “две години” да се заменат со зборовите “една година”.

Зошто го предлагам овој амандман?

Амандманот го предлагам заради тоа што со овој член се определува и се дава можност државјаните од другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните на поранешната СФРЈ,  а кои ги исполнуваат условите опрделени со овој член можат да стекнат државјанство на Република Македонија ако во рок од две години по влегувањето во сила на овој закон поднесат барање. Сметам дека предвидениот рок од две години е предолг за поднесување барање и рокот од една година е сосема доволен за поднесување барање. А и целта на оваа одредба е овие државјани да добијат државјанство на Република Македонија, бидејќи тие живеат на територијата на Република Македонија и сметам дека рокот од една година е сосема доволен за поднесување барање за државјанство.

Затоа предлагам ваков амандман и барам рокот од две години да се намали на една година. Сметам дека амандманот е во корист на државјаните на другите републики на поранешната СФРЈ и државјаните на поранешната СФРЈ, од причини што тие до поднесувањето на барањето постојано живеат на територијата на Република Македонија, а ова е во нивна корист.

Но Владата не го прифаќа овој амандман и јас од тие причини го повлекувам амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14, поднесен од пратеникот Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Гзим Острени.

ГЗИМ ОСТРЕНИ:

Парламентарната група на ДУИ го повлекува амандманот на членот 14.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само предлагачот може да го повлече. Затоа ќе мораме да го ставиме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Ги молам службите да го утврдат вкупниот број на присутните пратеници во салата, бидејќи гласале 59 пратеници, од кои 7 за, 2 воздржано и 50 против.

(По пребројувњето)

Валидно е гласањето, бидејќи во салата беа присутни 71 пратеник кога се гласаше.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на членот 14, поднесен од пратеникот Хисни Шаќири.

Отворам претрес по амандманот на член 14, поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели и Џезаир Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, со оглед на тоа што нема атмосфера за работа на седницава, барам пауза од 10 минути, да се смират страстите, па да продолжиме. Инаку крајно е несериозно да работиме во вакви услови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа. Ги молам пратениците да бидат тивки и работливи.

Има збор пратеникот Абдулади Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Токму за овој амандман ние реагираме како пратеници од Партијата за демократски просперитет, затоа што констатираме дека не се надминува актуелната

ситуација која е присутна на теренот. Прво, се предлагаат олеснувања токму во овој услов за стекнување на државјанство, а од друга страна фактички кога гледаме и малку повнимателно го читаме законот, тој претставува документ за државјанство за еден државјанин на Република Македонија, граѓанин на Република Македонија кој не по негова вина останал без државјанство. Тој во тој случај се условува со еден услов од страна на Владата кој го одалечува законот од државјаните и него го прави против нивните интереси. Дури за овој член имаше и многу дебати на ниво на експерти, на ниво на меѓународните институции каде биле присутни и експерти и политичари и пратеници и други и дошле до заклучок дека овој член навистина е на штета на граѓаните и не е во прилог на олеснување на процедурата за стекнување со државјанство за граѓаните на Република Македонија. Значи, овој член иако на прв поглед претставува олеснување, меѓутоа по подлабока анализа се гледа јасно дека овој го условува уште повеќе добивањето на документот за државјанство и доаѓаме до ситуација кога луѓето, лицата кои се кривично гонети неможат да добијат државјанство.

Второ, неприфатлива, затоа што не знаеме и не е определено за какви кривични дела се работи. Потоа, јас еднаш спомнав на говорницата на Парламентот дека еден човек кој направил некоја сообраќајна незгода и од страна на обвинителот се покрене кривична постапка, а човекот нема државјанство, тој има право за државјанство, меѓутоа надлежниот орган не му го дава државјанството затоа што против него се води кривична постапка. Од друга страна би ги замолил претставниците од МВР доколку не ја виделе една директива која дошла токму од директорот за правна соработка при Советот на Европа од господинот Роберто Ламбони кој ова барање му го адресира лично на господинот Ерол Салих и во него вели дека ова барање кое е во законот кон барателите, кон апликантите ќе произведе нарушување на човековите права и слободи. Поединецот доколку е обвинет од страна на некој надлежен орган судски за кривично дело, тој поединец според сите правни норми се смета за невин, додека не се докаже неговата вина. А за да се утврди неговата вина, или невиност единствената одлука ја носи судот. Затоа мислам дека во оваа насока ова што се додава на членот 14 мислам дека е неправедно во однос на оние граѓани кои што треба да добијат државјанство. Мислам дека ова доколку остане и натаму во овој закон ќе ги имаме истите проблеми кои ги имаме и актуелно. Вие знаете дека во едно петчлено семејство, или шестчлено семејство, пет члена имаат државјанство, а се случува еден член да го нема правото за државјанство, затоа што против него се води кривична постапка.

На крајот на краиштата, дали ние сега ќе ги избираме луѓето кои ќе ги одбиваме за државјанство, затоа што е покрената кривична постапка без судот да донел одлука дали тој е виновен, или не. Затоа мислам дека...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Општата расправа заврши. Ве молам, бидете кратки.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Мислам дека пратениците ќе го имаат предвид ова образложение кое го дадовме ние за овој член и мислам дека ќе го поддржат овој амандман доколку има добра волја за да се надмине постоечката ситуација која ја имаме на теренот. Затоа што на крајот на краиштата измените и дополнувањата кои се прават, се прават токму со цел да се олесни постапката за стекнување со државјанство на оние граѓани кои што останале без тоа државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам за разбирањето.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62, за амандманот гласале 6, воздржани 3, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14, поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Абдуладi Вејсели и Џезаир Шаќири.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Исто со денешниот амандман од Владата член 8 став 2 е бришен. Така што и овој предлог од пратеникот Рахиќ фактички се однесува на избришан став, односно Владата не го прифаќа овој амандман.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, почитувани претставници на извршната власт, се сложувам со тоа што го кажа министерот и тоа е право на Владата и неговото толкување да го смета овој мој амандман за беспредметен. Меѓутоа, јас си го задржувам автономното право како пратеник, како дел од законодавната власт да ги кажам мотивите заради кои јас го поднесов овој амандман.

Во членот 8 ставот 2 зборот "граѓани" јас со мојот амандман го заменив со зборот "македонци". Зошто сметам дека е тоа така? Слушајќи ги овие неколку денови дискусиите и слушајќи ги сите колеги пратеници кога сите се колнеме во демократија, граѓанско општество, развиена свест, оној момент кога треба да го направиме вистинскиот чекор, сите се повлекуваме во нашите чаури и размислуваме малку себично. Моето размислување и мојот предлог е, не да мајоризирам, или минимизирам некого, туку едноставно ова е принцип на кој што се градени развиените демократии во Западна Европа и во САД. Мое лично скромно мислење е дека овој амандман е амандман на иднината и сигурен сум и се надевам дека токму оваа Влада првата измена во Законот за државјанство ќе ја направи токму во овој член. Фактички овој член е реален во животот, затоа што секојдневно кога поднесуваме апликации за добивање визи со нашите плави македонски пасоши во графата националност, односно државјанство во однос спрема трети лица, односно спрема трети земји, ние пополнуваме графа македонци.

Она што денеска го слушнав и од господинот Тито Петковски како пратеник со подолг стаж ми даде за право уште поцврсто да верувам во овој амандман во смисла кога рече дека и тоа беше мојата идеја дека сите граѓани без разлика на нивната етничка припадност што се по потекло од тука се македонци и сите имаат можност да аплицираат и да добијат државјанство од надвор. Тоа беше од прилика и онаа дискусија на господинот Кенан Хасипи, Ќахил и останатите. Според тоа, да скратам, да не ве замарам бидејќи сите сме уморни, јас иако некој смета дека е беспредметно, јас како секој добар и чесен маж се држам за својот став и не го повлекувам овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, за 14, еден воздржан, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8, став 2, поднесен од пратеникот Есад Рахиќ.

Процедурално побара пратеникот Иван Стоиљковиќ.

ИВАН СТОИЛКОВИЌ:

Господине претседателе неможете да го ставите амандманот на гласање, бидејќи амандманот технички не е исправен и не може да се гласа за него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот дали е технички, или не е технички исправен, доставен е. Тоа е до пратеникот и тој е тука и не го повлекол и јас го ставив на гласање.

ИВАН СТОИЛКОВИЌ:

Тогаш упатете го технички да го исправи. Не можеме да гласаме. Не можеме да садиме дрво во воздух. Ова е правна проблематика.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Јас благовремено дигнав рака, една мала реплика, или процедурално. Бидејќи гледам дека ретко мажи има, освен поединци, тоа го разбирам. Но, не разбирам дека од Папата има поголеми католици. Така што испадна дека, не дај Боже да не е господинот, или колегата Есад Рахиќ, ние нема да знаеме другиве дека сме македонци, или било што друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 5, поднесен од пратениците Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели и Џезаир Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Со оглед дека роковите се утврдени со Законот за општа управна постапка, овој амандман Владата не го прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор по амандманот?

Да се изјасниме, господинот Рафет беше навистина некоректен затоа што изгласавме и после се јави. Тоа не беше процедурално. И тука морате да примите критика. Јас не дозволувам понатаму по тој основ да се расправа.

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, овој амандман кој го поднесовме за член 3 алинеја 5, мислиме дека е многу логичен од самата секојдневна пракса која сме ја имале во минатото и за жал сеуште постои. Тука како најдобар сведок ќе земам еден од претставниците на Владата и на законот тука и господинот Ерол Салих и нема да го злоупотребам неговото име, туку ќе кажам една голема вистина. Многу проблеми за кои го оправдавме и членот 14, односно интервенцијата на членот 26 е интервенцијата на овој член, поради недобивање одговор од ДБК со години, со месеци и тн. Многу граѓани го загубиле правото да добијат државјанство и со многу банални однесувања, или без никакво образложение. Во еден дел од експозето на министерот и самиот рече, да се случи една старица со 70, 80 години да биде третирана од овој орган на МВР како опасност за државата, за безбедноста на државата. Доколку е вака, тогаш во овој случај не треба да бидеме противречни, затоа што интервенцијата е многу логична и прифатлива и не е воопшто тенденциозна, што е многу значајно, дури тука не треба да го злоупотребите ова. При еден разговор со министерот, мислам дека тој малку избрза денес, добро би било тој да го прифати овој амандман затоа што со тоа ќе се зголеми ефикасноста во постапката на добивање на државјанство кај надлежниот орган, затоа што многу често јас сум го спомнувал, се случува надлежниот орган, Министерството за внатрешни работи да биде подготвен да го даде државјанството на граѓанинот со месеци, меѓутоа мора да бара мислење од друг орган кој што се нарекува ДБК. И тој орган не реагира со цели месеци и години и не му дава образложение дури ни на паралелниот орган внатре, не дава одговор и треба да се праќаат ургенции, една, две, три, четири и тн. Затоа доколку овде се става рок од 60 дена да се даде одговор, односно тоа впрочем и се предвидува да се дава одговор, меѓутоа би било претерано доколку ова се остави само како право на тој орган, или на првиот човек во тој орган, или на луѓето кои работат на таа проблематика, затоа што со тоа се отвора простор за злоупотреба, за невнимание, незаинтересираност, се остава простор за сето она што се случувало повторно да се случи во самите надлежни

органи кои го составуваат впрочем Министерството за внатрешни работи. Затоа тука сме и многу реални. 60 дена се доволни за една Македонија од 2 милиони граѓани на тој орган на барателот, доволни се 60 дена да ги разгледа и да ги аналзира сите информации  од теренот за тој поединец, за барателот, ние не се спротивставуваме на тоа, меѓутоа сепак мислиме дека 60 дена се доволни за таа процедура. И се надевам тука сум многу јасен, се надевам дека ќе се поддржи овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Го поништувам гласањето бидејќи во моментот кога гласавме беше помалку од 60.

Повторно го ставам амандманот на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, 7 за амандманот, 2 воздржани и 48 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 5, поднесен од пратениците Исмет Рамадан, Абдуладi Вејсели и Џезаир Шаќири.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по став 1, поднесен од пратеникот Петар Апостолов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Овој Амандман мислам дека е единствениот амандман што не бара ништо. Напротив тој го подобрува квалитетот на текстот односно се однесува на државјанство што ја означувва државната припадност на лицето кое стекнало државјанство. Значи со овој Амандман се истакнува посебната важност на институцијата државјанство, на лицата не само кога тоа е во својата држава, туку кога е и надвор од неа. Значи со овој член, заедно со трите става добива во квалитет и доаѓа до потенцирање на член 4 од Уставот на Република Македонија .

Јас го дадов своето образложение. Го повлекувам амандманот и како предлагач на другите два амандмана, ги повлекувам без образложение.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Дали овој последен ваш исказ значи амандманот на член 3 став 1 точка 4 се повлекува и амандманот на член 5, во новиот став 2.

(да)

Значи сите тие три амандмани се повлечени.

Отворам претрес по амандманот на член 2, став 1, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Со овој амандман ние сакаме да направиме измена во член 2 став 1 и по зборовите: “или родено” се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Заради појаснување ќе го прочитам и членот 2.

Членот 2 од Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за државјанство на постојниот вели: Во член 6, став 1, по зборот “најдено” , се додаваат зборовите “или родено”, а точката по зборот “непознати” , се заменува со запирка и

се додаваат зборовите “ или се со непознато државјанство, или се без државјанство”.

Во ставот 2 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: “до колку детето нема да остане без државјанство”.

Значи нашиот амандман го даваме со цел да појасниме дека нема лице со непознато државјанство, или се со државјанство, или се без државјанство. Па и бегалците имаат државјанство, иако се наоѓаат во странство. Таква формулација нема ниту во Европската конвенција за државјанство. Затоа сметам дека со овој амандам ние правиме едно квалитетно изменвуање и дополнување на Законот, со тоа што непознато државјанство нема да стои како поим во овој Предлог за измени и дополнување на Законот за државјанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 7 пратеници гласале за, воздржани нема и 54 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Коце Трајаноски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 точка 2, поднесен од пратениците Коце Трајаноски, Силвана Бонева, Спиро Мавроски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

За ваков амандман веќе се гласаше.

Владата не го прифаќа и овој амандман.

Дали некој бара збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас не очекував Владата да го прифати овој амандман затоа што повеќе пати досега се изјасни дека не го прифаќа, меѓутоа не ги кажа причините зошто тоа го прави, затоа што во ниеден момент не слушнавме од кои причини е одбрано да биде 8 години, а 10 години. Која е разликата помеѓу 8 години и 10 години, или евентуално од 5 години до 8 години. Кои се аргументите кои ги прифаќа Владата, во предлогот

за изменување и дополнување на Закнот за државјанство, да ни предлага период од 8 години. Тоа воопшто не стои ниту во образложението, ниту го слушнавме тоа во досегашниот период од излагањето на министерот.

Инаку правото на државјанство е право на државата , а не на странците кои тоа го посакуваат. Од тие причини предложениот амандман се однесува на тоа, дозволената рамка од Европската конвенција за државјанство, каде крајниот лимит е 10 години, до поднесување барањето за државјанство, странецот постојано заживеал на територијата на Македонија. Во контекст на ова предлагавме овој законски цензус да важи од приемот на Република Македонија во ЕУ. Се разбира најпрво треба да се согледаат резултатите од пописот на населението, социјалната и етничката структура на населението, да се утврди бројот на лица без македонско државјанство кои престојуваат или живеат времено или постојано на територијата на Република Македонија и да се утврди нивната социјална и етничка структура, па дури потоа да се пристапи кон промена на актуелниот закон за државјанство на Република Македонија , во овој правец.

Македонија со босанската бегалска криза, со косовската бегалска криза и војната од 2001 година доживеа длабоки трауми за да може да преживее нова промена на етничката структура на населението, на штета на македонскиот народ, а тоа да не се одрази врз политичко-безбеносната состојба во земјата и во регионот. Токму од овие причини предлагаме цензусот од 10 години, како услов за добивање на дрчавјанство на Република Македонија да биде прифатен од овој Парламент. Образлоченијата ги кажавме повеќе пати низ дискусиите кои ги кажавме досега и несакам да се повторувам. Меѓутоа факт е дека немаме образложение зошто токму 8 години, немаме дефиниран национален и државен интерес во овој правец. Од тие причини сметаме дека предлогот на Владата е чисто политички договор помеѓу ДУИ и СДСМ, а не израз на интересите на Република Македонија и Уставно загарантираните права и слободи на граѓаните кои треба да ги остварат преку аплицирањето за добивање македонско државјанство, користејќи го овој цензус од 10 постојан престој во Република Македонија односно 8 години колку сега предлага Владата на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 8 за, воздржани нема, 54 против.

Кнстатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 точка 2, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Љупчо Балковски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на став 4 , поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Со оглед дека условите за отпуст од државјанство се регулирани со постојниот Закон , Владата не го прифаќа овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

И овој амандман е во прилог на тоа за подобрување на текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнвуање на Законот за државјанство на Република Македонија. Претседателе ние неможеме без министерот да разговараме. Како ќе одговориме?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие образложете го амандманот, министерот рече дека не го прифаќа. Сега треба пратениците да ги убедиме да го прифатат. Министерот не го убедивте ни вие ни ние, тој не го прифаќа амандманот. Продолжете ве молам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ние со овој амандман предлагаме во членот 3 кој што дефинира добивање на државјанство на странци кои побаруваат државјанство од Република Македонија , каде практично овој член 3 од Предлогот на законот практично го менува членот 7 од постојниот Закон каде што сега има 10 услови во ставот 1 за добивањето на државјанство на Република Македонија , ако некој го побара тоа. И во ставот 10 јас би го прочитал , со оглед на тоа што се однесува на амандманот вели вака: Под 10

да има отпуст од досегашното државјанство или да докажи дека ќе го добие ако биде примен во државјанство во Република Македонија . Во ставот 3 дава исклучок и вели: по исклучок од ставот 3 на овој член , ако странската држава не дава отпуст или за отпуст од државјанство поставува такви услови кои странецот не е возможно да ги исполни, притоа да не се создадат егзистенционални и безбедносни проблеми за него и за семејството тој ќе биде примен во државјанство на Република Македонија ако даде изјава дека се откажува од странско државјанство. Мислам дека секој може да даде изјава и со тоа ние сакаме во образложението да воведуваме дека со оваа измена и дополнвуање се предлага да нема никакви исклучоци во поглед на докажувањето на отпуст од странско државјанство, како услов за прием на македонско државјанство.

Врпочем овој исклучок е во спротивност и со член 7-в од Предлогот на овој закон каде стриктно се наведува дека ако странецот во рок од две години од денот на врачување на гаранција не поднесе доказ во смисла на член 7 став 1 точка 10 , која што ја прочитав на овој Закон ќе се смета дека се откажал од своето барање. Секако дека соседите на една Словенија не се исти со оние на Македонија, а во Македонија државјанство нема да бараат германци и французи. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот , бидејќи имаат гласано 59 пратеници.

Има вкупно 67 пратеници, значи гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за бришење на став 4, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балкоски.

Имаме уште 6 амандмани , колку за ваша информација.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во новиот член 7-в , став 1 , поднесен од пратниците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски, Љупчо Балкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не го слушнав министерот што рече.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дека не го прифаќа амандманот и затоа ви давам збор .

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислев дека овој амандман е малку поразличен од другите и пологичен, па мислев дека министерот барем ќе го прочита, па ќе види дека треба да го прифати.

За што се работи?

Се работи за членот 7-в кој сега го предлага Владата, на странец кој поднел барање за прием во државјанство на Република Македонија ќе му се издаде гаранција дека ќе биде примен во државјанство на Република Македонија доколку ги исполнува условите од член 7 став 1 точки 1 до 9 на овој Закон.

Ако странецот од став 1 на овој член во рок од две години од денот на врачувањето на гаранцијата не поднесе доказ во смисла на член 7 став 1 точка 10 од овој Закон ќе се смета дека се откажал од своето барање.

Значи, се работи во првиот став каде стои дека на странец кој поднел барање за прием во државјанство на Република Македонија ќе му се издаде гаранција дека ќе биде примен. Амандманот гласи дека ќе биде примен, ќе треба да се заменат со зборовите дека може да биде примен, што значи дека во ставот 2 каде кажувате дека странецот во рок од 2 години после ова ако не поднесе барање значи се откажал од своето барање.

Вие веќе сте му дале државјанство испаѓа дека тој се откажува. Странците можат да стекнат државјанство на Република Македонија , таа формулација е прифатена во членот 3 од Предлог законот односно членот 7 од Законот и тој со гаранција може само да биде примен, а не значи дека ќе биде примен. Затоа се предлага преформулација на зборовите, согласно со член 7 од Законот. Гаранцијата не обезбедува права на државјани на Република Македонија . Мислам дека е многу логично ова објаснвуање, незнам што министерот видел и дали го видел ова, но

сепак мислам дека ќе се премисли во оваа ситуација и дека работата држи затоа што гаранцијата и државјанството не можат да бидат две исти категории.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 10 за , нема воздржани и 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 5, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Баже Стојановски и Љупчо Балкоски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8, поднесен од пратениците Коце Трајаноски, Силвана Боенва, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Љупчо Балкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете г. Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, со оглед на тоа што вие како пратеник стално велевте ајде да ве изненадиме, со оглед на тоа што министерот не не изненадува, еве ние ќе ве изненадиме вас и ќе го повлечеме овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, поминуваме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9 , поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Љупчо Балкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Да нема премногу изненадувања, Владата не го прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г. Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Најпрвин процедурално.

Мислам дека требаше првин нашиот седми амандман , со оглед на тоа што јас го повлеков шестиот, ние имаме амандман на членот 8 . Сега рековте за 9-а. Нашиот седми амандман на членот 8 , тој треба да го дадете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие го повлековте амандманот за менување на член 8?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

На членот 5 го повлековме, а стариот текст на член 8. Во ред е, тие се збунија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие го повлековте амандманот на член 5.

Сега седмиот амандман е на член 8.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8, поднесен од пратениците: Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас сакам да објаснам малку што значи овој амандман што го предлагаме.

Имено, членот 8 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство гласи дека во членот 11 ставот 1 се менува и гласи: странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точки 1 и 8 од овој Закон може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес.

Во предлогот на закон што го добивме стои дека по став 1 се додаваат два нови става, 2 и 3 кои гласат: за сите граѓани по потекло од Република Македонија , значи граѓани по потекло од Република Македонија кои живеат надвор од границите на Република Македонија се претпоставува националниот интерес во смисла на став 1 од овој член.

Владата на Република Македонија со уредба ќе ги утврди критериумите за особен, научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство во смисла на ставот 1 на овој член.

Во ставот 2 кој станува став 4 зборот "претходно" се брише , а зборот "посебниот" се заменвуа со зборот "особениот".

Овде сакам да го прочитам текстот на постојниот Закон за државјанство со цел граѓаните на Република Македонија да можат да видат која е разликата помеѓи она што беше предложено, она што е сега важечко и она што после со амандман Владата го измени.

Така во член 11 од постојниот Закон за државјанство кој е предмет на измени и дополнвуања стои: по исклучок од член 7 на овој Закон странец кој наполнил 18 години живот може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален интерес, а она што се брише гласи: а посебно за сите македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија .

Владата на Република Македонија дава претходно мислење за поставување на посебниот интерес во смисла на став 1 од овој член.

Покрај странецот од став 1 на овој член со природување може да стекне државјанство на Република Македонија и неговиот брачен другар под услови од член 9 на овој Закон.

Аамандамнот кој го добивме на денешната седница и кој направи безпредметни повеќе амандмани кои беа предложени од страна на пратениците на тој начин им оневозможи нивните погледи да бидат предложени како амандмани на овој текст на Законот го брише ставот 2 од Предлогот односно вели дека Владата направила грешка кога го поднела предлогот за измени и дополнувања на Законот во кој навела дека за сите граѓани по потекло од Република Македонија , значи не важи за сите граѓани по потекло од Република Македонија , кои живеат надвор од границите на Република Македонија се претпоставува националниот интерес во смисла на став 1 од ово член .

Исто така се брише дека може да добие државјанство секој македонец по потекло кој живее надвор од границите на Република Македонија кој беше истакнат како посебен национален интерес различен од посебниот научен, економски, културен и национален интерес, значи се истакнува посебниот интерес на Република Македонија сите македонци по потекло кои живеат надвор од границата на Република Македонија да можат да добијат државјанство на Република Македонија по овој основ.

Со нашиот амандман се предлага единствена измена на постојниот закон.

Прво, да се задржи одредбата во која што посебен национален интерес на Република Македонија е истакнат за сите македонци по потекло, кои живеат надвор од границите на Република Македонија, со цел тие да можат да добијат државјанство и дека националниот интерес на Република Македонија по однос на овие лица се претпоставува, а како посебен интерес на Република Македонија, покрај научниот, економскиот културниот и националниот интерес да се внесе и спортскиот интерес, што претставува случај кој што го имавме како потреба во претходниот период на стекнување на државјанство во кое се стекнуваше државјанство од страна на спортисти на Република Македонија.

Значи, оваа промена апсолутно, јас не гледам зошто не се прифаќа од Владата на Република Македонија, туку целосно се отвора ситуација во која што Владата на Република Македонија е таа која што ќе цени дали националниот интерес претставува за македонците по потекло, за лицата кои што имаат научни достигнувања, за лицата кои што имаат економски потреби, во кој ќе најде посебен интерес Република Македонија за евентурално инвестирање во Република Македонија, или лицата кои што се истакнати дејци од областа на културата, кои што

Република Македонија може да има посебен национален интерес да стекнат македонско државјанство.

Не гледам причина зошто сите македонци по потекло се иземаат како посебен национален интрес на Република Македонија. Од овие причини, ние бараме овој амандман да биде прифатен и среќа е што ние можевме да предвидиме дека Владата на Република Македонија може да постапи на овој начин и да го избрише овој став 2 од Предлогот за измени и дополнувања, затоа што, доколку направевме измени, амандман во кој што ќе стоеја измени само на ставот 2 од Предлогот за измени и дополнувања, тогаш и нашиот амандман во таков случај би бил безпредметен, како што беше амандманот кој што има слична содржина на колешката Лилјана Поповска.

Правото на државјанство на Република Македонија не е право на власта, туку обврска на државата за македонците по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија. Јас повеќе пати и во моето излагање спомнав дека во Уставот децидно е наведено дека Републиката треба да води посебна грижа за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Република Македонија, треба да го помага нивниот културен развој и да ги унапредува врските со нив. Сите овие работи, кои претставуваат уставна одредба која што е задолжителна и која што треба да биде основа, затоа што законите кои ги носиме треба да бидат во согласност со Уставот на Република Македонија, сметам дека треба да се почитува и во овој случај, а со прифаќањето на овој амандман кој што предлагаме ние како пратеничка група и како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, сметам дека тоа ќе биде решено на најадекватен начин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само внимавајте да не поминеме на општ претрес. Тоа веќе го завршивме, конкретно за амандманот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Општ претрес имаме по амандманот. Јас зборувам за амандманот.

Значи, со цел сите оние лица кои што се родени надвор од Република Македонија, односно кои не се родени во Република Македонија имаат македонско етничко потекло, се иселиле во некои држави надвор од Република Македонија и живеат таму, на овој начин ние сметаме дека ќе му се овозможи децидно да можат во целост да ги остварат своите национални права како македонци и да им се

овозможи да добијат на најлесен начин државјанство на Република Македонија. Ова апсолутно со ништо не ги засега граѓаните на Република Македонија кои што не се од македонско етничко потекло, затоа што во ниту една смисла не се ниту се ограничува, ниту се одзема некое право на овие лица, туку напротив, тие треба да го поддржат ова, затоа што, почитувајќи го националното чувство на македонците кои што по некоја случајност или нивните родители се родиле надвор од сегашните граници на Република Македонија, заради некои историски или политички околности во времето на раѓање на тие лица, не треба да бидат оневозможени да добијат македонско државјанство на најлесен можен начин.

Од овие причини, јас уште еднаш, еве последен пат после овие дискусии кои сите овие три дена, мислам дека доволно ги искажавме сите аспекти на овој проблем, треба Владата на Република Македонија да најде доблест да го надмине чувството на загриженост, дека ќе му се налути или дека ќе му искаже некои забелешки коалициониот партнер од Демократската унија за интеграција. Со ова апсолутно не се засега во ниту едно право на албанците, напротив, само се истакнува правото на македонците, на етничките македонци кои не живеат во Република Македонија да стекнат македонско државјанство, што претставува право кое што го има признато секоја нормална држава, секоја држава за која што зборував и во однос на соседите. Се работи за Република Бугарија, се работи за Словенија. Истото решение го има Србија и Црна Гора. Значи, не измислуваме топла вода, овие се законски решенија кои што постојат, а ние се откажуваме незнам од кои причини.

Уште еднаш ќе апелирам, овој амандман да биде прифатен, затоа што на овој начин се нанесува една голема неправда на нашите иселеници во светот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има господинот Жарко Караџоски. Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Значи и буџет да носевме денеска, обично тоа е тема каде што ниту амандман не се прифаќа, а особено кога доаѓа од опозицијата, ќе верував дека

барем амандман можеше да помине, меѓутоа, денеска сме сведоци дека нити еден амандман предлагачот не прифати.

Предлагачот, преку министерот за внатрешни работи си остана доследен, значи, можеме да ве слушаме и две недели, меѓутоа она што ние го велиме тоа ќе биде. Мора да признам дека со ваквото значи неприфаќање, дури неаргументирање за причините поради кои не се прифаќа се она што овде произлезе од амандманите, се доведува и самата позиција на Собранието, на Парламентот, кога не може да интервенира и во оние точки кои што ги смета за суштински, дури пак и каде има и технички карактер за одредени одредби. Не би сакал да се створи една иницијатива како што деновиве се најави, иницијатива во која што можеби на претседателот на државата ќе му бидат одземени ингеренциите, да не биде голем дел од ингеренциите, да тоа не се претвори и на Парламентот, па да биде Владата и предлагач и да си ги носи закоите.

Но, да се вратиме на темата. Да го избришеше со амандман онака како што Владата денеска направи, да го избришеше членот 8, сигурно сега немаше да има расправа и ќе ја предухитреше господинот Хари Костов и опозицијата, како што ја предухитри позицијата. Човекот се трудеше и во своето експозе и цело време овие денови додека траше расправата, да ги убеди пратениците, дури ги повика, госпоѓата Лилјана Поповска, Петар Апостолов, тоа го има во експозето, да го повлечат амандманот, бидејќи оној амандман кој беше на став 2 од предлогот на Владата и откако Владата се увери дека кај овие пратеници не постои волја, ниту расположение да го повлечат тој амандман, Владата се досети и најде начин како тоа да го направи. Нормално, се повика на Деловникот таков каков што е, минута до дванаесет поднесе амандман со кој што ги избриша членот, односно ставот 2 од членот 8 и го оневозможи правото на овие пратеници, не само да дискутираат, туку и да опстанат на она што го бараат, па беа дури приморани и да го повлечат.

Затоа, почитувани претставници на Владата, мора да ја повторуваме таа често искажана реченица. Ние не се даваме да се изненадиме. Обично потезите на Владата ни се јасни, ова го предвидувавме и заради тоа ние поднесовме амандман со кој што членот 8 го менуваме и даваме една одредба, која велиме, членот 8 се менува и гласи. Што гласи, што се менува, додаваме само на членот 11, значи на стариот текст на постоечкиот закон, каде што после зборот “културен” го додаваме и зборот “спортски”, зборуваме за стариот текст и во тој член останува одредбата за добивање на државјанство за македонците по потекло. Значи, сето она што овие денови го дискутиравме, сето она што го искажувавме во смисла на

разликата помеѓу македонец по потекло и граѓанин од Република Македонија, значи по потекло од Република Македонија, се сведе, сега да речам на безпредметно со последниот потез на Владата, па сега немаме ниту едно ниту друго и заради тоа, да не испадне да немаме ниту едно ниту друго, ние ја нудиме можноста со овој амандман да го зачуваме стариот теремин. Мислам дека, иако колегата Есад Рахиќ повика на "мажи", да се докажеме колку сме мажи, еве ја сега можноста, преку овој амандман токму да се видиме колку мажи има, а тоа може да го потврдиме само со гласање на овој амандман.

Према тоа почитувани колеги, повеќе се упатувам до позицијата, претставниците на позицијата. Мислам дека со изгласувањето на овој амандман ќе елиминираме една неправда, која на некој ќе се воспостави, ќе ја елиминираме можноста да ги избиршеме македонците по потекло од Република Македонија да се стекнат со државјанство по автоматизам. Даваме простор со една нејасна одредба, да не знаеме кои се, кое се претпоставува за национален интерес, за кого тоа се мисли и дали треба ние да бидеме уникатна Република, надвор од сите оние кои што не опкружуваат, надвор и од оние кое се членки на Европската унија и тн. и секогаш во нешто што не е добро да бидеме први. Ова е можноста, преку овој амандман, да потврдиме дека Парламентот е сепак надвор од Владата, Парламентот е тој што ја бира Владата и сепак е тој законодавен дом кој што надвор од политичките бои кои што овде ги застапуваме, сепак, ако сме македонци, а сме македонци, да го подржиме овој амандман за да не се откажуваме од нашите сонародници.

Заради тоа, апелирам и повикувам до сите пратеници, да го подржат овој амандман и да гласаат позитивно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Збор има пратеникот Трајановски Коце. Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарм претседателе.

Се вклучувам во дискусијата како еден од предлагачите на овој амандман и сметам дека Владата со тоа што даде амандман на самата седница, се обиде да не спречи да го разгледуваме и овој амандман. Меѓутоа, нашиот амандман

со оглед на тоа што гласеше дека членот 8 се менува и гласи, значи станува валиден за оваа дискусија.

Инаку, сакам да кажам дека членот 11 од постојниот закон, или членот 8 од предлогот за изменување и дополнување на Законот за државјанство, се практично една од суштинските промени во овој закон. Суштински во смисол на тоа што македонците по потекло кои што живеат надвор од границите на Република Македонија, веќе како поим се избришани од Законот за државјанство на Република Македонија. Јас би го прочитал постојниот член 11 од постојниот закон кој вели: “по исклучок од член 7 на овој закон, странец, потенцирам, странец кој наполнил 18 години живот, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува посебен научен, економски, културен и национален интерес”. И тоа на некој начион е првиот дел од овој член во кој што кажува за странци, поради такви и такви интереси, може по исклучок од член 7 да им се дава државјанство.

Во вториот дел од постојниот член вели: “а посебно за ситсе македонци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија”. Тука законодавецот во 1992 година, кога се донесе Законот за државјанство многу децидно и многу јасно македонците по потекло ги издвоил од странци. Значи, иако биле странци, со овој став во членот 11 тие се издвоени од поимот странци. Со предлогот на амандманот на Владата во кој што гласи, значи Владата го менува целиот член 11 од постојниот закон или член 8 од Законот за измени и дополнувања во кој што вели: “странец кој ги исполнува условите од член 7 став 1 точка 1 и 8 на овој Закон, може со природување да стекне државјанство на Република Македонија ако тоа претставува особен научен, економски, културен, спортски, или друг национален интерес”. Овде од интересите кои што се за Република Македонија додаден е и спортски и ние тоа во нашиот амандман го прифаќаме, односно така гласи нашиот амандман. Меѓутоа, никаде во тој амандман т.е. во членот 11 го нема поимот “македонци по потекло”. Иако Владата во ставот 2 вели: “Владата на Република Македонија со уредба ќе ги утврди критериумите за особен научен, економски, културен, спортски и друг национален интерес за стекнување државјанство во смисла на став 1 од овој член”. Претпоставувам дека Владата преку уредбата ќе се обиде да под поимот национален интерес да ги сврсти и македонците по потекло кои што живеат надвор од границите на Република Македонија, а кои што во ставот 1 ги крсти, практично ги прекрстува во странци, како и сите останати странци, ќе се обиде преку овој вентил да дава државјанство на нашите македонци

по потекло, кои што живеат надвор од границите на Република Македонија. Сметам дека ова не е доволно и не е добро, практично се ускратува една можност која што била дадена, децидно искажана, овде не мора да им даваат, практично ќе испадне некое дискреционо право. Со овој закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство, согласно, како што често ние се повикуваме на Европската конвенција за државјанство, ние треба да ги подобриме условите за стекнување државјанство на сите кои што аплицираат, а при тоа да не го загрозуваат безбедносниот систем на Република Македонија и другите услови кои што се битни за Република Македонија.

Со ова ние имаме рестриктивен начин на некој начин, бидејќи со ова македонците по потекло им ја скратуваме таа можност и плус тоа ги прекрстуваме во странци. Поради тоа, исто така, да продолжам уште малку, сметам дека македонците по потекло доколку добијат државјанство на Република Македонија нема да влијаат битно на изборите, на гласање и слично, со оглед на тоа што се вели дека треба, ако живеат повеќе од една година надвор од границите на Република Македонија, не влегуваат ни во пописот, Според тоа, ние на некој начин декларативно, на тие наши сонародници кои што се македонци по потекло ќе им дадеме државјанство и ќе им дадеме можност да кажат дека имаат своја матична држава. Вака, тие стануваат странци и за нас.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има и господинот Мавровски Спиро. Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Со господинот министер во паузата се обидовме нешто да објасниме, но изгледа му е јасно и затоа излегува. Без разлика. Говориме за македонците по потекло, мислам дека оваа цела промена во Законот која што ја ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам тишина, ве молам, потивко излегувајте ако веќе излегувате.

СПИРО МАВРОВСКИ:

. . . водиме веќе трет ден, мислам дека некој не ја сваќа сериозно се работи за нешто што сериозно не обврзува сите затоа што тука се наоѓаме пред една голема дилема да ги избришеме македонците по потекло.

Во мојот говор, а и сега ќе искажам дека приемот на овие македонци во македонско државјанско на македонците по потекло надвор од границите на РМ нема никаков страв дека ќе го намали процентот на останатите малцински заедници во вкупното население на РМ затоа што при пописот, како што кажа колегата Трајановски, се попишуваат само присутните во земјата.

Правото на македонско државјанство на македонците по потекло кои живеат надвор од границите на РМ не е никаква дискриминација за граѓаните на РМ од немакедонско потекло. Исто како што не  е дискриминација правото на албанското државјанство за албанците кои живеат надвор од границите на Р.Албанија. Македонија не практикува ништо повеќе од она што соседните земји на Македонија го практикуваат за тие кои се чувствуваат Албанци, а живеат надвор од Р.Албанија, за оние што се чувствуваат Бугари, а живеат надвор од границите на Р.Бугарија, за оние што се чувствуваат Срби, а живеат надвор од границите на Р.Србија и Црна Гора во моментов и за оние што се чувствуваат Грци а живеат надвор од границите на Р.Грција.

Со членот 8 од Предлог законот се менува смислата на членот 11 од законот за државјанство со тоа што терминот сите Македонци по потекло кои живеат надвор од границите на РМ предлагачот свесно и мошне перфидно го пермутира во терминот сите граѓани по потекло од Р.Македонија. Граѓани по потекло од Р.Македонија не е исто што и Македонец по потекло надвор од границите на Р.Македонија и во крајна линија со која логика Владата предлага суспензија на правото на државјанство на РМ за Македонците по потекло надвор од нејзините граници ако сите соседни земји на големо работат во Македонија за издавање на албански, српски, бугарски, грчки државјанства за наши граѓани кои се декларираат за Албанци, Срби, Бугари и Грци, макар понекогаш тука има и комерцијален мотив како што се бугарските државјанства за бугарските пасоши.

Од овие наши соседи едната е веќе членка на ЕУ, другата е пред вратите на ЕУ, но тие си ги заштитуваат своите малцинства и својот народ и работат како што работат. Што ние сакаме? Со кое право еднаш воспоставеното право за македонците по потекло кои живеат надвор од границите на РМ се суспендира. Дали востановените права на малцинските заедници некогаш се редуцирани и

суспендирани во РМ. На крајот на краиштата двојното државјанство односно македонското државјанство за македонците по потекло кои живеат надвор од границите на РМ е во функција на стратегијата за нивна репатријација.

Јас мислам дека сето ова е доволно јасно, дека не смееме да се откажеме од овие луѓе затоа што начинот, ако овој член помине, веќе добиваме граѓани од Р.Македонија и она што го кажавме минатиот пат тоа се граѓани кои некој дошол и заминал од Р.Македонија, имал или немал државјанство, а сите знаеме за историски последици, делби и поделби на Р.Македонија што се случувале низ историјата и нашето последно ако сега се откажеме од она што значи македонец по потекло го даваме крајниот и да речам, незнам кој термин да го употребам, ништење на она што можеше да остане македонско во нашите соседни држави. Мислам дека пратениците ќе го имаат сето ова во предвид при гласањето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Само два збора, ако има можност, г-дине претседателе, затоа што постојано се прави обид во овие моменти да се дезинформира јавноста. Пред мене имам неколку закони за државјанство на неколку држави да не речам, 15-20 помеѓу кои и Законот на Албанија. Би го поканил претходниот говорник да излезе и каже во кој член од Законот за државјанство се кажува така како што вели тој, не можам да го најдам тоа во ниеден член, а јас ќе го поканам во членот 14 од Законот на Србија и Црна гора добро да го прочита, го канам лично да го прочита членот и да види како е формулирано прашањето за кое тој  сака да ја дезинформира јавноста.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Се јавил Блаже Стојановски, незнам дали за реплика или да зборува. Имате три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сакам само да го прочитам членот 15 од Бугарскиот закон за државјанство кој вели:

Лице кое не е бугарски државјанин може да добие бугарско државјанство со натурализација без присуство на условите од член 13 ако исполнува едно од следните барања:

Прво, да има бугарско потекло.

Второ, да е посвоен од бугарски државјанин според условите за целосно посвојување

Трето, еден од неговите родители да е бугарски државјанин или починат бугарски државјанин.

Според член 11 од Законот за државјанство на Р.Хрватска се вели:

Иселеник како и неговите потомци можат со природување да стекнат хрватско државјанство иако не ги задоволуваат условите од член 8 точките 1 и 4 кои предвидуваат иселеникот да има наполнето 18 години живот и да е работоспособен, како и да го познава хрватскиот јазик и латиничното писмо.

Овие земји се исто така на прагот на ЕУ и сметам дека не треба да се демантира правото на припадниците на оние народи чии држави му дале право да стекнуваат државјанство на тие држави иако не живеат во тие држави да се спречува тоа право да го имаат македонците кои живеат надвор од Р.Македонија а кои по потекло претставуваат етнички македонци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Мене не ми е јасно за чие државјанство овде дискутираме, дајте, ве молам, да работиме на Законот за државјанство на РМ.

Има збор Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас во мојата дискусија имам во контекст на тоа дека е ова многу неприфатлив амандман од две причини:

Прво, затоа што не можеме да правиме разлика меѓу граѓаните кои врз основа на оваа категорија и по автоматизам да им дадеме државјанство односно по наследство затоа доаѓаме до апсурдни ситуации на пример би го поставил како прашање за колегите кои го заштитуваат овој амандман.

Што би се случиле доколку албанската држава Албанија со член во Законот предвиди на сите Албанци кои живеат во Косово, Македонија, Прешево, Црна Гора и насекаде по автоматизам одеднаш да добијат албанско државјанство. Дали би било прифатливо за оние кои во моментов даваат вакви амандмани. Затоа сите тие цитати кои се прават во оваа насока мислам дека немаат основа.

На крајот на краиштата тоа што се вели за Законот на Бугарија и во самото читање на тој член г-динот Блаже Стојаноски на извесен начин кога го цитира овој член тој многу добро спомнува и вели дека еден од родителите треба да биде од Бугарија. Сега поставувам прашање дали тој случај е сличен со ова што го

слушнавме од колегата Стојаноски. Мене ми се чини дека еве го тука законот што колегата Аднан ми го даде за членот 13 многу добро е да го знаат оние кои го предлагаат дека и ние не само денес, туку подолго време ги консултиравме законите на овие држави и членовите на кои се повикуваат нашите колеги за да го одбранат нивниот амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Јас би ве молел да не дискутираме за закони на други држави, знаете од кои причини.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас со жалење можам да констатирам дека Македонците треба да се борат за своите права во овој Парламент, меѓутоа, фактички излегува така, затоа што ако албанец од Косово кој живеел во РМ осум години Владата прифаќа да добие државјанство на РМ зошто тогаш етнички македонец кој не е роден во РМ, заминал од економски причини во Австралија или Канада не може да добие државјанство на РМ по нормален начин како човек кој претставува припадник на македонскиот народ. Ова е обврска од Уставот на РМ, неколку пати го спомнав членот 49 од Уставот и досега воопшто не добив одговор на тоа прашање зошто Владата не води грижа за македонците кои се иселени надвор од Република Македонија и македонците по потекло кои се родени надвор од РМ, а живеат во други држави.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Рафис Алити, што имате вие?

За амандманот.

РАФИС АЛИТИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, веќе три дена со ред ја следам дебатата со внимание, неземав збор со намера затоа што не видов за оправдано да се јавам и да дебатирам за овој закон кој е во интерес на сите граѓани на РМ. Цело време слушам Македонци по потекло, па поставувам прашање и на себе, но и на моите колеги кој е критриумот да се биде Македонец, Албанец, Англичанец. Ќе ви кажам еден пример од моето семејство. Татко ми три пати добивал презиме како Алитов, Алитиовиќ и потоа Алити, така што никогаш не бил ниту Бугарин, ниту Србин, туку бил тоа што бил. Мислам дека ова што се прави со измена на тезите Македонци по потекло, навистина не држи и би апелирал да не ни се случи тоа што се случи во поранешна Југославија кога голем дел кој се декларираа како југословени сега не се никаде. Сите сме присутни во салата и на територијата на РМ

тие што сме сме граѓани на оваа држава и ќе беше добро тие што се по потекло или што се иселиле од оваа држава да го имаат тоа право.

Благодам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски Вие рековте реплика. На кого?

На Исмет Рамадани, повелете, имате една минута.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Како што гажа и г-динот Блаже Стојаноски доаѓаме сега да браниме нешто што не треба да се брани затоа што ова што кажувавме примери во нашето обиколување го покажува точно тоа.

Ако некој живеел во една држава 20 години, имал државјанство и после 40 години не може да се врати во истата држава затоа што не бил грк по род и не може да го стекне правото на тоа државјанство. Ако го отпишеме и како македонец по рок, јас незнам што треба тој човек да биде. Не може да биде ни едното, ни другото, не го штити државата и покрај тоа што имал 20 години, плаќал давачки во таа држава, даноци но не може да биде. Стигнавме до осум години секој да може да добие државјанство, а второто што кажавме за сите граѓани на Република Македонија, било каде да се да може да го добие тоа. Поголема либерализација незнам дали може да се добие и сега е проблем и македонците по потекло да можат да добијат државјанство. Не гледам никаква причина ниту загрозеност на некој тука. Ако правата што ги имаат нашите малцинства кои живеат во РМ, нашите Македонци ако ги имаат во соседните држави барем 30% од нивните сите ќе бидеме презадоволни, но гледаме дека тоа не е така.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Чекајте, Илија Србиновски е прв, а овде пишува Коце Трајановски на кого имате реплика?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

На последниот дискутант пратеник од Пратеничката група на ДУИ.

Сметам дека искажа една опасна асоцијација имено кажа дека имаше многу кои се повикуваа дека се Југословени по поранешна Југославија, сега тие веќе ги нема, најверојатно асоцираше дека и ние повикувајќи се на Македонци по потекло кои сега се нарекуваме дека можеби во иднина ќе не нема.

Ако тоа му е асоцијацијата, сметам дека е многу опасна и недозволива, незнам дали така мислеше, меѓутоа, мене така ми наличи и сметам дека во овој

Парламент не може некој да не заплашува дека македонците веше нема да постојат. Тие постоеле и ќе постојат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Рафис Алити контрареплика од една минута.

РАФИС АЛИТИ:

Сигурно не ми беше намерата таква како што мисли колегата Трајановски, туку беше за минатиот состав на Југославија затоа што тие за да не ја спомнат Југославија и терминот југословен потоа исчезнаа, се стопија и истите ја растурија Југославија. Навистина би сакал тие што се чувствуват Македонци, јас се радувам за нив, имам многу мои колеги и луѓе кои ги познавам, нема ништо лошо во тоа, меѓутоа, нешто што се повторува често пати веќе станува бајато.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Блаже Стојаноски реплика на кого?

Добро повелете, имате три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ќе бидам многу краток. Претходниот пратеник вели ако нема критериум дека нема критериум кој е македонец, а кој е албанец, јас ќе го прашам ако нема критериум кој е македонец а кој албанец, тогаш зошто беше кризата во 2001 година и зошто се вршеа измени во Уставот со посебни права за етничките заедници кои се над 20% од граѓаните на Република Македонија.

Затоа, кога ви одговара зборувате за граѓански права, а кога не ви одговара зборувате за права на етнички заедници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута господине Рафис.

РАФИС АЛИТИ:

Се радувам што на крај колегата постави прашање што се случи кризата во 2001 година. Сум слушнал многу и други да зборуваат за тоа што се случило во 2001 година. Јас ќе кажам дека тоа се случи затоа што политичарите пред нас немаа политички сенс за да ги решат проблемите кои еве оваа Влада ги решава. Токму заради тоа се случи 2001.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Илија Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Предлагачот на новиот закон за државјанство се откажув аод макеоднците по потекло кои живеат надвор од границите на Република Македонија , затоа што со своите одредби им го ускратува правото да побараат прием во државјанство. Со Предлог законот за изменвуање и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија со природување можат да се стекнат со државјанство на Република Македонија само оние граѓани кои се по потекло од Република Македонија. Ова решение не ги опфаќа териториите каде што живеат етнички македнци со соседните држави како Егејска и Пиринска Македонија, Србија, Албанија, како и децата бегалци од Егејска Македонија, со што им го ускратуваат правото да побараат прием за државјанство, право кое досега им беше загарантирано со член 11 од постојнит Закон за државјанство. Се доведуваме во апсурдна состојба каде на широко се промовира либерализација на условите за стекнување на државјанство по најразлични основи, а од друга страна Владата се откажа од огромен број на македонци кои живеат надвор од границите на Република Македонија. Значи кога ние ќе дојдеме на власт ова е голема неправда за нашите макеоднци по потекло, а ние оваа неправда ќе ја искористиме брзо, затоа што ги охрабрувам граѓаните на Република Македонија дека брзо ќе дојдеме на власт, па овој закон ќе го измениме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Ви благодарам г-дин претседатле. Сосема кратко ќе кажам во однос на овој амандман. Во дискусијата која ја имав вчера фактички, јас и не се обратив на оваа тема тргнувајки од фактот дека секогаш претставува чувствителна тема за сите балкански народи. Затоа уште еднаш би сакала да го објаснам нашиот концептуален став како политичка партија во однос на ова прашање. Нашиот став за неподршка на овој амандман нема врска со непризнавањето на правата на етничките македонци надвор од Македонија, туку напротив, се работи за концептуална разлика со фактот дека во начелата и процесите во Европа државите многу малку можат да направат за нивните сонародници надвор од нивната држава, доколку не се почитуваат европските заеднички стандарди. Уште еднаш би сакала да повикам да размислуваме на поотворен начин и по толерантен начин во однос на овие процеси. Етничките идеи не можат да ги решат овие проблеми на граѓаните надвор од матичните држави. Напротив , доколку барате, инсистирате многу често, или ние да

инсистираме матичните држави да се грижат за сонародниците надвор од државите, тоа значи дека народите кои живеат надвор од своите матични држави треба да ги третирате како деца за кои матичните држави треба да се грижат. Затоа европскиот пристап е перспектива, затоа што ги третира сите на еднаков начин, независно дали тие живеат во матична држава, или во државите како мнозинство, или како малцинство. Ова е концептуалната разлика, затоа треба да гледаме да градиме закони кои што ќе не носат кон Европа и кон толерантност. Не треба да разговараме за прашања кои што не носат назад од 2000 и 2001 и т.н.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Блаже Стојановски од три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се согасувам со пратеничката Арифи дека ние концептуално мораме да бидеме поврзани со Европската унија и да ги почитуваме сите оние одредби кои што произлегуваат од Европската конвенција за државјанство. Истовремено, јас само апелирам и цело време истакнувам еден факт кој бара да биде признаен од страна на пратениците албанци во овој момент, кој што не го почитуваат на овој начин членот 49 од Уставот, затоа што Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на макеоднскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив. Републиката се грижи за културните, економските и социјалните права на граѓаните на Република Македонија во странство. Републиката приттоа, нема да се меша во суверените права на други држави и во нивните внатрешни работи. Ова е член од Уставот на Република Македонија . Јас само барам преку моето искажување да се почитува Уставот на Република Македонија, а ако треба да се имплементираат некои други стандарди, тогаш најпрво што треба да се нарпави е да се преиспита оваа одредбна. Меѓутоа, преиспитувањето на оваа одредба ќе отвори многу прашања кои се однесуваат на почитувањето на сувереноста на макеоднскиот народ и другите етнички заедници, на граѓанскиот концепт и т.н., да не навлегувам во тие прашања, кои што се однесуваат директно на суштинските прашања на фундаментите на државното уредување на Република Македонија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас би сакал на пратеничката да и укажам на една работа, која мислам дека треба да биде јасна. Колку што Република Македонија има желба и воља да биде интегрирана во ЕУ, како што ние овде сакаме да размислуваме на македнски начин, како што таа ни препорачува и да се ослободиме од она размислување кое овде го искажуваме, толку сака и Република Албанија, затоа што сме ставени во еден пакет заедно под она Западен Балкан, каде што треба заедно да пристапиме во приемот и на меѓународните институции.

Сега би сакал да и кажам на колешката каква е состојбата во Република Албанија. Република Албанија овозможува албанско државјанство за сите албанци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Албанија. Тоа право со претседателски декрет од 1992 година го воведе тогашниот претседател Сали Бериша за сите албанци по потекло кои живеат надвор од границите на Република Албанија. Се разбира и за албанцит екои живеат попотекло во Република Македонија. Сега, кога се зборува за нас овдека во Република Македонија и ни се упатуваат мисли дека треба да размислуваме европски и дкеа не треба да ги оптоваруваме законите со македонци по потекло и т.н., тогаш треба да се има истиот аршин и за другите републики, затоа што само да ја потсетам колешката каква е состојбата со малцинството во Република Албанија и каква е состојбата со малцинството во Република Македонија , особено со албанското. Затоа, д ане продаваме демагогија , туку едноставно, да ги знаеме фактите онакви какви што се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете имате една минута госпоѓа Теута.

ТЕУТА АРИФИ:

Благодарам, ова не е демагогија ова е принцип за добро на вистината, јас не сакам тука да бидам адвокат на други држави, меѓутоа колку да информирам еден декрет кој што беше 6 месеци на сила во Албанија, кој веќе не е на сила и законот на Албанија не предвидува државјанство за албанците надвор од земјата, ниту Уставот, а што се однесува до правото на малцинствата, ние се ангажираме во принцип. Малцинствата каде и да живеат да ги уживаат нивните рпава во согласност со меѓународните конвенции. Тоа е принципот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави пратеничката Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас само да ги искористам во целсот моите три минути. Би сакала само да укажам на колешката Арифи како претставник на владеачката политичка партија дека секогаш се повикува и укажува на заостанатоста и размислувањата, како што и вчера наведе во дискусијата од 19 Век кој постојат во Република Македонија од макеоднскиот дел, притоа споредувајки го со современите текови и размислувања за демократијата. Посебно се однесува и на државјанството, се разбира. И со тоа трасирајки ни го патот евроинтегрирачки кон крајната цел влез во Европската унија.

Јас се согласувам дека ние сите треба да гледаме напред но јас би сакла да ја замолам госпоѓа Арифи и да и укажам дека нејзиното гледање напред, секогаш поаѓа од етнички концепт, но тој етнички концепт се наоѓа перфидно скриен за таканаречените национални интереси на Република Македонија кон Европската Унија, Евроатлански ориентирани , притоа секогаш обвинувајки го макеоднскиот народ дека токму тој има заостанати мислења и размислувања, посебно и за државјанството. Јас досега не успеав да видам никој од претставниците на ДУИ да покаже на дело дека правилно размислува како граѓанин на Република Македонија , а потоа да размислува европски. Кај нив секогаш се укажува на тоа дека тие прво размислуваат европски со нивниот постојано укажуван пат за влез во ЕУ и во големото европско семејство, но јас мислам дека тие ја заборааат главната конпонента дека секој народ кој е дел од тоа европско семејство си има свој идентитет, свој државјани и своја државност. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете за една минута има госпоѓа Теута.

ТЕУТА АРИФИ:

Ние не го негирмае идентитетот, ничиј идентитет, пред се тој , сите оние кои навистина ги сакаат своите народи се ангажираат токму за европски вредности. Најголемата европска вредност се разбира, е отстранувањето на дискриминацијата . Не може да се стигне до Европа и не претставува голем патриотизам доколку искажете националистички фрази. Најдобро е да бидете проевропејец. Тоа е најдобриот начин и за албанците и за македонците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Спиро Мавровски се јавува за реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се би било во ред за европска интеграција, за европски начин на разгледвуање , доколку сето тоа не доаѓа од госпоѓата Теута Арифи и господата од

ДУИ. Кога се почувствувале загрозени, како што ја слушав г-ѓтата Теута, незнам дали ќе можам точно д аја интерпретирам. Кога се случило загрозувањето на албанскиот идентитет во Македонија се подигнале на востание и сега се тука заедно со нас во власта во Република Македонија и се ви е страв, бидејки тука беше повикувано на член 49 од Уставот и придржување на Уставот тоа востание и тие пушки во раце и сите команданти се знаеше зошто беше. Беше дирекно насочено против уставноста на Република Македонија . Сега ми е страв сите натамошни закони, ако не се донесат како што треба да се донесат според нивните видувања исваќања дека повторно некој може да биде навреден и повторно да доаѓа во ситуација да не признава ништо во оваа држава, а после тоа да бара европска интеграција и многу побрзо доаѓање до Европа. Ако е тоа начинот по кој што треба да стигнеме до Европа на таков начин, од една страна со оружје во рака, а од друга страна за укажување цело време дека македонците имаат преголеми права и дека македонците по потекло воопшто за нив и непостојат, имаме голем проблем. Јас мислам тие ја формираат политиката, тие во моментот се луѓе кои што ја делат власта во Република Македонија и одговорноста паѓа на нивните плеќи. А ние како опозиција останув аова да го кажеме дека е точно така, кој како ќе види, тоа е негов проблем. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Господине претседателе би сакал малку да се занимавам со моите колеги што говореа претходно околу амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа што вие сакавте да се занимавате со вашите колеги што претходно зборувале е реплика. Ве молам, зборувајте конкретно за амандманот, зошто мислите дека ќе го поддржите или нема да го подржите. Тоа би сакал да го чујам од вас.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Добро, сигурно ќе зборувам за амандманот, но овој амандман не се подржува токму од моја страна и од партијата за Демократски просперите, затоа што образложенијата што ги даваат предлагачите по овој амандман се многу лоши. Образложение кое служи само за дневен маркетинг и нема за цел да им го реши проблемот на макеоднците надвор од Македонија. Се повикуваат на членот 49, што нема врска со државјанството. Јас тука во име на албанците и во мое лично име

велам дека никој не ги дели предлагачите на амандманот, не им ја зема можноста да ги заштитуваат интересите на македонците. Нека продолжат да им праќаат и коли и книги и храна. Ние не ве спречуваме во тоа, ниту албанците ниту било кој да живее во Македонија.

Доколку ги делите ги категоризирате граѓаните на  Република Македонија , господинот Блаже Стојановски и г-динот Спиро Мавровски, тогаш грешите многу , затоа што доколку говориме за дијаспората на  Република Македонија , јас ќе ви дадам само еден пример. Ќе го земам како пример градот Дебар. Дебарчани, како македонци , така и албанци отишле да си ја обезбедат егзистенцијата опстанокот во САД. Доколку овие граѓани или двајца граѓани едниот макеоднец другито албанец сакаат да се вратат во својата држава каде што се родиле и живееле и сакаат да добијат државјанство вие ќе ги поделите нив на македонец и на албанец? Тие за мене се еднакви. Тие се граѓани на  Република Македонија  и оваа ексклузивност ние нема да ви ја дозволиме. Затоа што вие и натаму говорите,како вие да не сте биле дел на власта, не сте биле носители на владината коалиција и не сте имале албанци во вашата влада. Доколку вие предлагате и сугерирате на Владата да ги штити интересите на македонците во  Република Македонија  и надвор од неа, во таа Влада има и албанци кои треба да ги штитат интересите на албанците кои живеат во Македонија и надвор од неа, а тоа се граѓани на  Република Македонија. Затоа кога се повикувате на Влада, треба да знаете дека Владата е коалициска влада и таму се штитат интересите на граѓаните на  Република Македонија . Затоа мислам дека со такви празни фрази не одиме никаде и не не водат никаде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас да ги потсетам дека и раселените македонци сакаат да се вратат во своите домови, но тоа не е можно и затоа барам албанците да покажат дека ги почитуваат правата и слободите и на македонците, вклучувајќи ги тука и македонците по потекло.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Лилјана Поповска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, морам да кажам дека ми е непријатно да го следам продолжението на седницата каде се дискутира за едно прашање кое што е сериозно на начин на кој се девалвира и банализира тоа прашање. За тоа придонесуваат некои несреќно избрани примери. Меѓутоа од друга страна и етикетирањата кои што се мислам дека се сосема непримерни.

Јас би повикала навистина да се почитуваме меѓу себе повеќе и да ги почитуваме нашите различности. Вакви реагирања нема кога се слушаат дискусии во кои што има загриженост за одредена етничка заедница и сето тоа го сметам за легитимно право, грижата на таа етничка заедница на која што некои колеги припаѓаат.

Мислам дека не е  примерно потсмев и со недоволно избрани зборови на кои што водат посебна специфична грижа за припадниците на својот етнос. Тоа за некои е неразбирливо, меѓутоа токму за тоа што сме различни не прави да бидеме парламент овде. Не сме сите собрани што сме со идеологија иста.

Што се однесува до несреќно избраните примери јас би сакала само нешто да посочам, бидејќи амандманот кој што сега е на дневен ред практично е варијација на амандманот кој што ние со колегата го имавме пред тоа предложено. Суштината е иста, ги внесуваме Македонците по етничко потекло во Законот за државјанство со одреден, побрз начин за добивање на државјанство.

Тоа е истото, меѓутоа претходно ни беше оневозможено да го дискутираме на овој начин сакам да кажам дека секако ќе го поддржам, бидејќи за мене не е важно кој предлага, туку важен е ставот и содржината на она што го предлага, бидејќи содржината е исто, за што и јас се залагам. Би било неприродно сега да не го поддржам, иако морам да кажам дека и забележувам на опозицијата, многу говорници поминаа за овие неколку дена и токму ова прашање застапувајќи го, а сега се на број не онолку ни колку што дискутираа. Морам ова да го кажам.

Само за колегите кои што зборуваа дека вакви заложби се неевропски, јас би сакала да спомнам уште неколку работи.

Имено грижата за сонародниците по светот е прифатена практика и во многу европски земји, дури и во ова време на глобализацијата се негуваат спецификите на поединечните национални култури како дел од заедничкото културно наследство на овој мултикултурен свет. Токму во тоа, како што реков и во претходното излагање е и убавината и богатството на мултикултурата, а земјите во кои што тоа се применува и каде што се третира низ соодветен законски начин се и Словенија и Полска и

Бугарија и Грција и Ирска и Балтичките земји, така што мене ми е жал што колегите кои што го застапуваат амандманот избраа можеби несреќни примери кои што не можеа да ги поткрепат. Инаку, јас не би ги цитирала повторно истите работи кои што ги кажав попладнево во говорот, меѓутоа кој е заинтересиран може да ги види, јас ги имам сите тие закони кај мене, затоа што не цитирам додека нешто не видам. Би спомнала, за Словенија имав поголем цитат во говорот, а сега би посочила за Полска која што дури има и посебен закон за добивање државјанство за Полјаци по потекло. Значи, тоа прашање го сметам за извонредно значајно. Полска догодина ќе стане европска земја и затоа мислам да не кажуваме работи црно бели, работите се шарени, таков е и светот шарен, таков е и Парламентот, разногласие има, различни сме, меѓутоа да се почитуваме со сета своја различност. Затоа е демократијата, затоа постои гласање. Ќе гласаме, мнозинството како што ќе одлучи тоа ќе се почитува, меѓутоа без претходни навредувања, без претходни етикетирања. Затоа мислам ако можат сите тие европски земји да проценуваат дека е нивен национален интерес, тоа го регулираат законски, не треба и ние да се срамиме од едно такво барање, независно дали тоа ќе наиде на поддршка или не. Меѓутоа, никој не го оспорува ни во тие европски земји, ни кај нас граѓанскиот карактер на овие држави, затоа што тие секако ја регулираат и грижата за секој свој граѓанин независно од етничкото потекло. Токму онака како што правиме и ние во Македонија и на планот на законската регулатива за човековите права и во почитувањето на различностите сме веројатно меѓу најевропските држави што секогаш го истакнуваме со гордост.

Значи, јас ве молам со едно поголемо почитување меѓу себе, нема зошто да си замеруваме ако различно мислиме. Тоа е убавината и на парламентарната демократија и на нашата различност.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои што се тука некаде, околу да влезат во салата, затоа што ќе пристапиме кон гласање.

(Пратениците влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници од кои 10 за, воздржани нема и 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 8 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балкоски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 9-а поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Групата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ го предложи овој нов член 18-а, кој што треба да се додаде после 18, бидејќи сметаме дека многу важно е да се регулира во кои случаи се губи државјанството за лица кои што го имаат стекнато државјанството на Република Македонија, бидејќи со Предлогот на законот не е регулирано во кои случаи може да се одземе државјанство односно да се изгуби. Групата која што го поднесе овој амандман се обиде со цел поконкретно да ги регулира овие случаи да го предложи овој нов член 18-а, во кој што е кажано во кои случаи се губи државјанството на Република Македонија.

Случаите се следните:

Кога со државјанство на Република Македонија лицата се стекнале по пат на измама, лажни податоци или прикривање на било кој релевантен фактор што може да му се припише на барателот кога доброволно служел во странска војска, кога појавувал однесување што сериозно ги загрозува виталните интереси на државата, кога не постои вистинска врска помеѓу земјата и државјанинот за постојат претстој во странство, кога во текот на малолетството на детето ќе се утврди дека

предусловите предвидени со закон кои довеле до стекнување на државјанството на земјата екслеге повеќе не се исполнуваат.

Понатаму, дете до наполнети 18 години живот, тоа е став 2, го губи државјанството на Република Македонија ако државјанството на Република Македонија го губат неговите родители во случаите од став 1 на овој член, значи се она што го наведов досега освен ако неговите родители доброволно служеле во странска војска и пројавиле однесување што сериозно ги загрозуваат виталните интереси на државата.

Сепак детето нема да го изгуби државјанството на Република Македонија ако еден од родителите го задржи државјанството на Република Македонија. Понатаму, не може да се изгуби државјанството на Република Македонија според сето тоа што го наведов досега доколку засегнатото лице притоа стане лице без државјанство со исклучок ако тоа лице се стекнало со државјанство по пат на измама, лажни податоци или прикривање на било кој релевантен фактор што може да му се припише на барателот.

Предлагаме да се усвои овој член, за кој што секако има потреба најповеќе поради тоа што навистина не постои во Предлогот на законот, бидејќи со тоа вршиме усогласување со членот 7 од Европската конвенција за државјанство на Советот на Европа, во кој што се предвидуваат случаите на губење на државјанството екслеге е и на иницијатива на државата потписничката на Конвенцијата.

Ако почитувани пратеници навистина се залагаме за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија неопходно е потребно да го прифатите предложениот амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Хасипи имате реплика или барате збор за амандманот.

(Господинот Хасипи одговара на претседателот од место без вклучен микрофон и не се слуша).

Добро, а вие господине Стојановски реплика или за амандманот.

(Пратеникот Блаже Стојановски од место му одговара на претседателот - за амандманот).

Добро, за амандманот.

Повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас би сакал да апелирам, иако немам право да барам можеби да се скрати некоја дискусија, но би ги замолил колегите што ги предлагаат амандманите, ако може само еден од предлагачите да дискутира, иако и сите предлагачи не се тука присутни, со оглед на тоа што Европската комисија организира прием за членовите на Комисијата за европски прашања од Собранието и мислам дека нема да оставиме добра слика доколку не присуствуваме таму. Затоа би апелирал и би ве замолил колку можеме да конвергираме кон крајот на седницата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И јас се придружувам до апелот, но сепак тоа зависи од пратениците.

Повелете Стојановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сметам дека господинот Макрадули нема право кога рече дека сите предлагачи не се тука, бидејќи сите се тука освен Балкоски кој што службено е во Русија, ги прати изборите таму. Тоа е прво.

Второ, ние побаравме кога беше продолжувањето и заради наши обврски, не заради ова да не продолжи оваа седница, меѓутоа се одлучи оваа седница да продолжи, така да ние како опозиција немаме вина тука.

Инаку сметам дека нашите дискусии не може некој да бара да бидат пократки или подолги, тоа е наше право и ние ќе го исполниме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Несакајќи да навлегувам во процедуралната забелешка на координаторот на пратеничката група на СДСМ сметам дека тој гласаше за да работиме и ние го почитуваме она што го изгласа овој Парламент и во таа смисла сакам да дадам мој придонес во смисла на образложението кон овој амандман.

Овој амандман е исто така битен, како што беа битни неколку други амандмани што ги поднесе нашата пратеничка група преку групата на пратеници на ВМРО-ДПМНЕ.

Имено, главниот аргумент кој што го слушаме сите овие три дена за измени и дополнувања на Законот за државјанство беше дека тоа значи усогласување со Европската конвенција за државјанство која што ја има донесено Советот на Европа. Чудно е зошто ние добивме предлог на измени и дополнувања на Законот за државјанство кои што се однесуваат само на начинот или либерализацијата на начинот и условите за стекнување на државјанство без притоа да се процени и оцени државниот интерес во кои случаи оние лица кои што ќе добијат, или веќе имаат добиено македонско државјанство нема да можат односно ќе може да им биде одземено тоа исто државјанство од страна на надлежниот државен орган.

Ова е наведено во членот 7 од Европската конвенција за државјанство на Советот на Европа. Ако причината за овие измени и дополнувања на Законот за државјанство беше токму таа Конвенција тогаш не гледам никаква логика во овој закон да не бидат внесени сите оние членови и насоки кои што се наведени во Конвенцијата за државјанство на Советот на Европа, а тоа пред се се однесува за условите и начинот за стекнување на државјанство исто како и начините и условите за одземање на државјанство. Затоа уште еднаш го повикувам министерот за внатрешни работи да се произнесе по овој предлог, затоа што се работи за целосно усогласување на овие измени и дополнувања на Законот за државјанство со Европската конвенција за државјанство на Советот на Европа.

(Во салата меѓусебно се разговара и не се слуша).

Ако може да се слушаме, мислам дека немаме услови за работа.

(Претседателот со звончето ги опоменува пратениците).

Благодарам претседателе.

Јас сакам уште еднаш да го повикам министерот за внатрешни работи да се изјасни по ова прашање, затоа што навистина овие предлози кои се однесуваат за начините и условите за губење на државјанство на Република Македонија, а кои што претставуваат составен дел на Европската конвенција за државјанство на Советот на Европа претставуваат еден од условите кои што навистина ќе не приближат до приемот на Европската Унија во однос на усогласувањето на нашето законодавство со законодавството на Европската унија.

(Некои пратеници се станати од своите места и разговараат).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам на своите места.

Господине Хасипи повелете.

КЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам господине претседателе.

Со цел респект за големиот труд што го вложиле пратениците од ВМРО-ДПМНЕ во поднесување на голем број на амандмани јас сепак би ги советувал при поднесување на амандмани малку да го пролистаат Уставот.

Овој амандман што е предложен е против уставен и тоа ќе го поткрепам со следното.

Став 2 од член 4 на Уставот вели: “На државјанин на Република Македонија не може да му биде одземено државјанството ниту да биде протеран, или предаден на друга држава”. Мислам дека е доволно јасно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Барате збор за реплика?

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Ако се сеќавате колега јас пред малку го читав член 49 кога се однесуваше за грижата на Македонската државата за припадниците на Македонскиот народ по потекло, а вие ништо  не спомнавте дека не се почитува Уставот, затоа што не се внесуваат тие како дел од членот 8 од Законот.

Сега се повикувате на членот 4 кој што вели дека граѓаните на Република Македонија имаат државјанство на Република Македонија. Протерувањето, недавањето на други држави и одземањето на државјанството јас спомнав дека мора да биде усогласено со Европската конвенција која ја има ратификувано овој ист Парламент и таа претставува составен дел на нашето домашно законодавство. Ако е тоа така тогаш прво нека се усогласат домашните прописи па после нека се врши ратификација и потпишување на тие конвенции.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници од кои 9 за, 56 против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балкоски.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за бришење на новиот член 27-в поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Господине претседателе,

Со оглед на тоа што се обидовме да објасниме цело време дека со член 8 односно членот 11 не се менува суштината околу тоа странец, национален интерес итн, меѓутоа најголем дел од дискусијата и упорноста беше токму по тој член, па според тоа како награда за упорноста Владата се реши да го прифати овој амандман од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

(Аплауз од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 14-а по членот 14 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балкоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАРИ КОСТОВ:

Овој амандман не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас очекував дека министерот ќе го прифати токму овој амандман и со тоа ќе ги реши сите дилеми што ги имавме досега.

Овој член кој се додава на членот 14 се одредбите од членот 7 став 1 точка 2 и членот 7-а од Законот ќе се применува од денот на приемот на Република

Македонија во полноправно членство на Европската унија. До приемот на Република Македонија во полноправно членство на Европската унија ќе се применува членот 7 став 1 точка 2 од Законот за државјанство на Република Македонија издаден во "Службен весник на РМ" број 67/1992 година.

Значи очекував дека токму ова ќе го прифати министерот и со тоа сите дискусии ќе ги сведеше на она што требаше да се сведат, затоа што слушнавме многу европски мислења, европски интеграции, национални, етнички и не знам што уште не, но додека не сме во Европската унија сето ова може да донесе само проблеми.

Значи, најпрво треба да ги согледаме резултатите од пописот на населението, социјалната и етничката структура на населението, да се утврди бројот на лица без македонско државјанство кои живеат или претстојуваат времено или постојано на територијата на Република Македонија и да се утврди нивната социјална и етничка структура, па дури потоа да се пристапи кон промена на актуелниот Закон за државјанство на Република Македонија.

Македонија со бегалска Косовска криза и војната од 2001 година доживеа длабоки трауми за да може да преживее натамошно влошување на етничката структура на населението, а тоа да не се одрази врз политичко безбедносната состојба во земјата и во регионот.

Токму од тие причини се предлага овој цензус како услов за добивање на државјанство на Република Македонија.

Значи се ова што го говоревме, сите недостатоци кои ги нуди овој Предлог на закон за кој што говоревме кога се говори за одредбите дека тоа е дел од некоја европска конвенција ние се повикуваме на Уставот. Кога се повикуваме на Уставот тогаш имаме европска конвенција и се така во круг само да избегаме од вистината и она што е правото.

Мислам дека се дава можност и на Владата и на пратениците со донесување на овој амандман сите овие работи да можат да се средат, да бидат времено елиминирани и да дојде времето кога Македонија ќе биде, бидејќи бевме убедувани од министерката за надворешни работи дека тоа ќе биде многу скоро, можеби и 2008 година да влеземе во Европската унија, па еве нека бидат овие 4 или 5 години време во кое што ќе почне да важи овој нов закон, кој што во моментот го предлага министерот за внатрешни работи т.е. Владата на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник од кои 9 за амандманот, нема воздржани и 62 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 14-а по членот 14 поднесен од пратениците Коце Трајановски, Силвана Бонева, Спиро Мавровски, Блаже Стојаноски и Љупчо Балкоски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои

59 за,

1 воздржан и

9 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија.

Почитувани пратеници,

Бидејќи дневниот ред не е исцрпен, ни остана само - “Заклучоците по Информацијата за еколошката катастрофа која се случи на јаловиштето на рудникот за олово и цинк “Саса” - Македонска Каменица”.

Знаете дека се донесе на општо задоволство заеднички заклучоци и затоа ни останува само да гласаме.

Ве повикувам да гласаме по заклучоците кои што ви беа поделени уште првиот ден од оваа седница.

Предложените заклучоци ги ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 69 за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека предложените заклучоци се усвоиени.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 19,55 часот).